- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, во износ од 12.547.000,00 денари;
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на слепите на Република Северна Македонија, во износ од 13.967.000,00 денари;
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, во износ од 4.265.000,00 денари;
- За финансирање на програмските активности на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија, во износ од 4.120.000,00 денари;
- За финансирање на програмските активности на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – „Порака“, во износ од 10.934.500,00 денари;
- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на инвалиди на трудот на Република Северна Македонија, во износ од 1.343.500,00 денари.

2. За финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејното насилство, во износ од 6.000.000,00 денари, и тоа:
- Здружение кризен центар „Надеж“ со вкупен годишен износ од 1.278.000,00 денари;
- Организација на жени на Град Скопје со вкупен годишен износ од 1.726.800,00 денари;
- Национален совет за родова рамноправност со вкупен годишен износ од 1.448.000,00 денари и
- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство 1.547.200,00.

3. За финансирање на Годишната програма на Црвениот крст на Република Северна Македонија, во износ од 8.000.000,00 денари. За обезбедување на трошоци за проектни активности кои не се покриени од страна на донатори во висина од 6.000.000,00 денари, како и средства во висина од 2.000.000,00 денари за реализација на Проектот за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за летен распуст 2024 година.

Член 3

Оваа одлука ќе ја спроведе Министерството за труд и социјална политика, согласно месечен план за исплата на овие средства.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-818/3<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**327.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА 15 ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОВЕРКА НА НЕЕКСПЛОДИРАНИ МИНСКО ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА**

1. Со оваа одлука за испраќаат 15 припадници на Армијата на Република Северна Македонија за проверка на делницата Прилеп – Битола, дел од Коридорот - 10-д од неексплодирани минско експлозивни средства.

2. Активноста од точка 1 од оваа одлука е со цел проверка на теренот од евентуално останати минско експлозивни средства од Првата светка војна.

3. Финансиските средства за превозот, сместувањето и исхраната на учесниците паѓаат на товар на организаторот.

4. По завршувањето на активноста, Армијата на Република Северна Македонија поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-919/3<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**328.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ИСТАНБУЛ**

Член 1

Се именува Идрис Фазлиоски, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-920/3<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**329.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.217/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КВОТА ЗА ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ РАБОТНО АНГАЖИРАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Квотата за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија за 2024 година се определува во вкупна висина од 20.000 работни ангажмани (во натамошниот текст: квотата), која нема да ги опфаќа странците кои се наведени во член 5 став 2 од Законот за вработување и работа на странци.

Член 2

(1) Квотата во висина од 20.000 работни ангажмани се распределува во групи на квоти за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија, за следните цели:

- 19.000 ангажмани за вработување на странци во Република Северна Македонија;
- 600 ангажмани за упатени странци во Република Северна Македонија;
- 200 ангажмани за сезонско работење на странци и
- 200 ангажмани за поединечни услуги од странци.

(2) Искористеноста на квотите од став (1) алинеја 1 на овој член, се пресметува имајќи го предвид бројот на издадените работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа во календарската година без оглед на времето на важноста на таквата дозвола.

(3) Бројот на важечките работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од став (1) на овој член, што ги издава Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по одделни намени не треба да ја надмине квотата определена со оваа одлука.

Член 3

(1) Во рамките на квотата за работни дозволи и мислењата за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од член 2 став (1) алинеја 1 од оваа одлука, дозволите за поединечни цели ќе се издаваат согласно приоритети утврдени во член 6 од Законот за вработување и работа на странци.

(2) За нови работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои се издаваат за прв пат на странци, наменети се 11.000 ангажмани (позитивни мислења) за странски работници, кои се распределуваат на:
- 10.500 позитивни мислења за вработувања по прв пат;
- 500 работни дозволи за вработувања по прв пат.

(3) За продолжување на работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои се издаваат на странци кои веќе имаат засновано работен однос во претходната година, наменети се 8000 ангажмани (позитивни мислења) за странски работници, кои се распределуваат на:
- 7500 позитивни мислења за продолжување на вработувањето;
- 500 работни дозволи за продолжување на вработувањето.

Член 4

(1) Министерството за труд и социјална политика ја следи искористеноста на квотата за работно ангажирани странци од член 2 од оваа одлука и состојбата на пазарот на трудот.

(2) Доколку состојбата на пазарот на трудот се измени, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за труд и социјална политика презема мерки согласно член 5 став (6) од Законот за вработување и работа на странци.

Член 5

Работните дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои биле издадени до влегувањето во сила на оваа одлука, се засметуваат во квотата за работни дозволи од член 2 став (1) од оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1026/2
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**330.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари и тоа:
- војнички ќебиња.................................400 парчиња и
- куќарки за кучиња....................................7 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено поправна установа Затвор - Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Казнено поправна установа Затвор - Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1033/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**331.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, СО СЕДИШТЕ ВО ТОТОВА

Член 1

Се именува Мухаби Синан, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1023/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**332.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ЦРНА РЕКА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 192/23).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-1036/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**333.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

**I.Вовед**

Имунизацијата е едно од најголемите достигнувања во историјата на медицината и претставува најбезбедна, најефикасна и економски најоправдана превентивна мерка која директно допринесува за намалување на морбидитетот и морталитетот на заразните заболувања. Се проценува дека вакцинацијата спречува 3,5- 5 милиони смртни случаи секоја година, од болести како дифтерија, тетанус, пертусис, грип и мали сипаници (СЗО).

Благодарејќи на имунизацијата многу заразни болести кои во минатото претставувале значаен јавноздравствен проблем затоа што предизвикувале висок морбидитет, односно морталитет кај децата и возрасните, или предизвикувале компликации и инвалидитет, денес се елиминирани или ставени под контрола, сведени на поединечни случаи без смртен исход и трајни последици.

Во Република Северна Македонија, задолжителната имунопрофилакса и хемопрофилакса е законски регулирана со Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/2014, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 257/20) и Правилникот за имунопрофилакса, хемипрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација („Службен весник на Република Македонија” бр.177/15) (во натамошниот текст: Правилникот).

**II.Моментална состојба**

Задолжителната имунизација во Република Северна Македонија во 2022 година се спроведуваше со опфат за примовакцинација и за ревакцинација под препорачаните 95%, и за сите вакцини е под 90% на национално ниво. Влијанието на КОВИД- 19 пандемијата врз здравствениот систем, вклучително и на задолжителната имунизација продолжува да се рефлектира. Низок опфат, под 90%, се регистрира трета година по ред, што само го потврди влијанието на КОВИД- 19 пандемијата на опфатот со сите вакцини и ревакцини.

Во текот на 2022 година, примовакцинацијата со три дози на вакцините против заболувања кои ги предизвикува хепатитис Б има опфат од 84,1%, додека примовакцинацијата со три дози против хемофилус инфлуенца тип Б, ДиТеПер и ИПВ имаат идентичен опфат од 83,9%. Опфатот на вакцините вклучени во поливалентните вакцини (ХиБ, ДиТеПер и ИПВ) бележи зголемување во однос на 2021 година (83,9%). Вакцинацијата против МРП е остварена со опфат 70,7%, и бележи незначително зголемување во однос на 2021 година (70,4%), што е далеку од препорачаниот опфат од 95%. ХПВ- вакцинацијата, како и во изминатите години (од нејзиното воведување) има најнизок регистриран опфат кој изнесува 52,5%, и бележи зголемување, како во однос на опфатот регистриран во 2021 година (35,5%), така и во однос на просекот на опфатот во изминатите пет години (47,7%).

Вакцините против рота вирусни и пневмококни инфекции се последни вакцини воведени во Календарот за имунизација во 2019 година. Во однос на рота вирусната вакцина, во 2022 година, опфат со три дози изнесува 66,6% и бележи зголемување во однос на 2021 година (65%). Зголемување на опфатот во однос на претходната година се бележи и во однос на пневмококната вакцина, и тоа од 78,1% во 2021 година, на 79,0% во 2022 година. И опфатот со бустер доза на 12-месечна возраст во 2022 година (56,2%) е зголемен во однос на 2021 година (53,4%). Двете вакцини бележат континуирано зголемување на опфатот од воведувањето во 2019 до 2022 година.

Првата ревакцинација со ХиБ, ДиТеПер и ИПВ вакцина (вклучени во поливалентните вакцини) на 18 месеци, вообичаено, го следи опфатот со МРП вакцинацијата, и во 2022 година бележи намалување од 72,8%, во 2021 година на 69,3%, во 2022 година. ДиТеПер/ИПВ II и ДиТе/ИПВ III имаат опфат од 88,5% и 89,3% соодветно. Опфатот на ревакцинацијата со ДиТеПер/ИПВ кај училишните деца на 7 години и 14 години бележи зголемување во однос на 2021 година, и бележи опфат од 88,5% и 89,3%, соодветно. Опфатот со ревакцинацијата против тетанус на 18- годишна возраст изнесува 83,9% скоро идентично во однос на 2021 година (84%). Опфатот на МРП ревакцината кај децата во прво одделение односно на 6 годишна возраст изнесува 89,2% и бележи значително зголемување во однос на 2021 година (80,4 %), како и зголемување во однос на просечниот опфат за периодот 2017- 2021 година (86,6%).

**III.Мерки кои треба да се превземат за подобрување на состојбите**

Согласно резултатите од спроведената задолжителна имунизација во републиката во 2022 година кои покажуваат тренд на значително опаѓање на вакциналниот опфат за сите вакцини под 95%, односно под 90%, а во насока на следење на препораките на Светската здравствена организација неопходна е потребата од засилено ангажирање на сите здравствени институции и поединци инволвирани во процесот на спроведување на вакцинацијата во Република Северна Македонија, и тоа:

1. Зголемување на опфатот со сите вакцини и ревакцини на локално ниво, во целата Република:

- Службите за вакцинација потребно е да ги интензивираат и континуирано да ги избаруваат неевидентираните, невакцинираните и непотполно вакцинираните лица, преку проверка на вакциналниот статус за сите вакцини и ревакцини на сите прикрепени лица во соодветниот вакцинален пункт. Лицата кои се невакцинирани и непотполно вакцинирани ВЕДНАШ да се повикаат и да се вакцинираат до комплетирање на нивниот вакцинален статус, согласно Календарот за имунизација особено на подрачјата каде што се регистрира опфат понизок од 90%;
- Нискиот опфат со МРП вакцинација и ревакцинација, во трите последни години, доведува до акумулација на осетлива популација, што е од исклучителна важност особено за малите сипаници, со што се зголемува ризикот од повторна појава на епидемија. Затоа, потребно е ВЕДНАШ да се засилат активности за спроведување на примовакцинација и ревакцинацијата со МРП. Службите за вакцинација да го проверат вакциналниот статус на сите деца подлежни на МРП вакцина, а децата кои не се вакцинирани или се пропуштени, ВЕДНАШ да се повикуваат и вакцинираат согласно Календарот;
- За зголемување на опфатот со ревакцинација на училишните деца, потребно е интензивирање на теренската вакцинација во училиштата, наместо повикување на училишните деца за вакцинација во вакциналните пунктови (што се практикува во последните неколку години во повеќе градови во државата).

2. Континуиран надзор и контрола над спроведувањето на имунизацијата од страна на ЕПИ координаторите и на надлежните институции (Центри за јавно здравје/подрачни единица (ЦЈЗ/ПЕ), Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (ИЈЗ на РСМ), Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ);

3. Строго придржување кон принципите за одржување и контрола на студениот синџир на сите нивоа - при набавката, транспортот, чувањето и ракувањето со вакцините;

- Во сите вакцинални пунктови во државата, потребно е да се обезбедат генератори континуирано снабдување со електрична енергија, со цел одржување на препорачаната температура во фрижидерите во кои се чуваат вакцините и надминување на опасноста од снемување на електрична енергија и прекинување на студениот синџир.
- Се препорачува употреба на наменски медицински фрижидери за чување на вакцините. Потребно е да се спроведува редовна контрола на исправноста на фрижидерите, нивно правовремено обновување, како и задолжителен температурен мониторинг

4. Континуирано и навремено снабдување со вакцини, затоа што недостаток или нередовно снабдување со вакцини може да доведе до прекин во континуитетот на задолжителната вакцинација, а со тоа до пад на опфатот;

5. Екипирање на вакцинални тимови со персонал кој недостасува, во сите вакцинални пунктови, како и зголемување на бројот на вакцинални тимови каде што има потреба. Новиот кадар кој ќе биде вклучен во процесот на вакцинација задолжително да се едуцира и обучи за начинот на спроведување на вакцинацијата, правилно чување, ракување и употреба на вакцините, како за начинот на евидентирање на вакцинацијата со користење на материјалите за Стандарните оперативни процедури во процесот на вакцинација и Упатството за вакцинација.

6. Организирање на континуирана медицинска едукација на здравствените работници (матични лекари, педијатри, гинеколози, вклучително и здравствениот персонал кој ја спроведува вакцинацијата) во врска бенефитите, значењето, ефикасноста и безбедноста на вакцините;

7. Здравствените работници вклучени во процесот на имунизација, потребно е да ги освежуваат и дополнуваат знаењата и да ги зајакнат вештините за ефективна комуникација со родителите и заедниците преку спроведување на соодветни, повторувачки обуки, со цел враќање на довербата на родителите кон здравствениот систем и градење на позитивен став кон вакцинацијата;

8. Организирање кампањи за подигање на свеста на родителите за безбедноста и бенефитите од вакцините;

9. Водење на електронска евиденција на имунизацијата на целата територија на државата преку Националниот систем за електронска евиденција во здравството - „Мој термин“. Со електронска евиденција на имунизацијата се овозможува следење на расположливите количини вакцини, нивна правилна распределба, планирање на редовна и навремена набавка на вакцините, како и следење и контрола на опфатот со вакцинацијата во реално време;

10. Измени и дополнување на Правилникот за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација.

**IV.Цели на програмата**

Основна цел на Програмата е постигнување на опфат над 95% на национално и над 90% на локално ниво со сите вакцини, согласно Календарот за имунизација во 2024.

Оваа цел ќе се постигне преку ажурно спроведување на планираната рутинската, задолжителна континуирана вакцинација согласно Програмата, како и дополнителните активности за зголемување на опфатот (организирање на национални локални денови на имунизација, Европска недела на имунизација, едукативни семинари, кампањи за промоција на вакцинацијата и др.).

Дополнително, треба да се стави акцент на активностите кои се во насока на постигнување на што поголем опфат кај тешко достапните популации: жители во руралните средини, кај ромската популација и кај лицата кои често го менуваат своето место на живеење и престојување (мобилни групи) - мигранти, бегалци итн. Ова значи дека е потребно е да се засилат активностите за изнаоѓање на неевидентирани, невакцинирани и некомплетно вакцинирани лица и да се спроведе нивна вакцинација (теренски активности за прочешлување на теренот, повикување, вакцинација „од врата на врата“ и др.), во рутинската пракса и како дополнителна мерка.

**V. Мерки и активности, очекувани резултати (индикатори на успешност)**

Активностите предвидени во Програмата за имунопрофилакса и хемиопрофилакса против одредени заразни болести на населението во Република Северна

Македонија во 2024 година, ќе се спроведуваат во согласност со Правилникот, при што опфатот со сите вакцини треба да биде над 95% на национално и над 90% на локално ниво, што ќе претставува основен индикатор за успешноста на вакцинацијата односно реализација на Програмата.

V.1. ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Имунизацијата против одредени заразни болести се спроведува како:

1.Задолжителна активна имунизација на лица на одредена возраст, која се спроведува континуирано, во текот на целата година против: акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), туберкулоза (Tuberculosis), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib), дифтерија (Diphtheria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertussis), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заразни заушки (Parotitis epidemica), црвенка (Rubeola), инфекции предизвикани од хуман папилома вируси (HPV), инфекции предизвикани од ротавируси и инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae за сите лица на одредена возраст согласно Календарот за имунизација.

**1.1.Имунизација против акутен вирусен хепатитис Б**

Задолжителна активна имунизација против акутниот вирусен хепатит Б се врши со давање на три дози HB (Хепатитис Б) вакцина, како поединечна или во состав на поливалента вакцина.

А) Вакцинација се врши на сите новородени деца во 2024 година.

**1.2.Имунизација против туберкулоза**

Задолжителна активна имунизација против туберкулоза се врши со давање на една доза вакцина против туберкулоза (BCG вакцина) како примовакцинација. Ревакцинација против туберкулоза не се врши.

А) Вакцинација се врши на сите новородени деца во 2024 година.

**1.3. Имунизација против заболувања предизвикани од Хемофилус инфлуенца тип Б, дифтерија, тетанус, пертусис и детска парализа.**

А) Примовакцинација се врши со давање на три дози на вакцина против заболувања предизвикани од Хемофилус инфлуенца тип Б (Hib вакцина), диферија, тетанус и пертусис (DTaP) и детска парализа (IPV) во состав на поливалентни вакцини(DTaP/Hib/IPV или DTaP/Hib/IPV/HepB), на сите деца родени од 01.11.2023 до 31.10.2024.

Б) Прва ревакцинација се врши со една доза на комбинирана вакцина против заболувања предизвикани од Хемофилус инфлуенца тип Б (Hib вакцина), диферија, тетанус и пертусис (DTaP) и детска парализа (IPV) во состав на поливалентни вакцини(DTaP/Hib/IPV), на сите деца комплетно вакцинирани.

В) Втора ревакцинација се врши со една доза на поливалентна вакцина (DTaP/IPV).

Г) Трета ревакцинација се врши со една доза на поливалентна вакцина (dT/IPV).

Д) Четврта ревакцинација се врши со една доза на вакцина против тетанус (ТТ).

**1.4. Имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка – рубеола**

Задолжителна активна имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка - рубеола се врши со давање на една доза вакцина комбинирана жива вакцина против мали сипаници, заушки и црвенка – рубеола (МРП вакцина), како и една доза МРП вакцина со цел ревакцинација.

А) Вакцинација се врши на сите деца со навршени 12 месеци од животот, најдоцна до навршени 15 месеци.

Б) Ревакцинација се врши на сите деца на 6- годишна возраст, односно во I (прво) одделение од основното образование, на почеток на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври со МРП вакцина.

**1.5. Имунизација против инфекции од Хуман папилома вируси - ХПВ**

Задолжителната активна имунизација против инфекции причинети од Хуман папилома вируси (ХПВ) се врши со давање на две или три дози на вакцина против хуман папилома вируси (ХПВ вакцина)

А) Вакцинација се врши на сите женски деца на 12 годишна возраст, односно на сите девојчиња во VII (седмо) одделение од основното образование, со давање на две дози вакцина, на девојчињата постари од 15 години со три дози.

**1.6. Имунизација против инфекции предизвикани од ротавируси**

Имунизација против инфекции предизвикани од ротавируси се спроведува со 3 дози на жива орална петовалентна ротавирусна вакцина (RV5), кај деца со навршени 60 дена од животот до навршени 32 недели од животот.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2023 до 31.10.2024, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2024 година.
- Со давање на три дози ротавирусна вакцина на растојание од 4 - 10 недели.
- Третата доза треба да се даде најдоцна до навршени 32 недели од животот.

(Задолжителна вакцинација против инфекции предизвикани од ротавируси се врши согласно Одлука на Министерството за здравство бр. 09- 4194/1 од 3.6.2019 година.)

**1.7. Имунизација против инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae**

Имунизација против инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae се спроведува со давање на конјугирана пневмококна вакцина на деца со навршени 60 дена од животот (2 месеци), најдоцна до 5 години.

А) Вакцинација на децата родени од 1.11.2023 до 31.10.2024, се спроведува со 2 дози вакцина и една доза ревакцина (бустер доза).

Б) Вакцинација на децата кои навршуваат возраст од 12 до 23 месеци во текот на 2024 година, се спроведува со давање на две дози вакцина на растојание не пократко од 2 месеци.

В) Вакцинација на децата кои навршуваат возраст од 2 до 5 години во текот на 2024 година, се спроведува со давање на една доза вакцина.

(Задолжителна вакцинација против инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae се врши согласно Одлука на Министерството за здравство бр. 09-4193/1 од 3.6.2019 година.)

Задолжителната активна имунизација против определени заразни болести на лица на одредена возраст и бројот на потребни дози вакцина, како и растојанието меѓу нив се пропишани со одредбите на Правилникот за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација и со Календарот за редовна задолжителна имунизација за 2024 година (за деца на возраст од 0- 18 години), а за пропуштените деца согласно Календар за catch- up имунизација за 2024 година (за деца на возраст од 5- 18 години кои ја пропуштиле редовната вакцинација).

**КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА ВО 2024 ГОДИНА**

| Навршена возраст/ Одделение/ клас — Вакцина | На раѓање | Месеци | | | | | Одделение во основно училиште / години | | | | Клас во средно училиш-те/год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 2 | 4 | 6 | 12 | 18 | I (6 год.) | II (7 год.) | VII (12 год.) | IX (14 год.) | IV (18 год.) |
| BCG (Туберкулоза) | BCG[1] | | | | | | | | | | |
| HepB (Хепатитис Б) | HepB[2] | HepB[3] | | HepB[3] | | | | | | | |
| Hib (Хемофилус инфлуенца тип Б инфекции) | | Hib[3] | Hib[4] | Hib[3] | | Hib[4] | | | | | |
| Rota (Ротавирусни инфекции) | | Rota[5] | Rota[5] | Rota[5] | | | | | | | |
| PCV (Пневмококни инфекции) | | PCV[6] | PCV[6] | | PCV[6] | | | | | | |
| DTaP (Дифтерија, тетанус, пертусис) | | DTaP[3] | DTaP[4] | DTaP[3] | | DTaP[4] | | DTaP[8] | | | |
| dT (Дифтерија и тетанус) | | | | | | | | | | dT[9] | |
| IPV (Полиомиелитис) | | IPV[3] | IPV[4] | IPV[3] | | IPV[4] | | IPV[8] | | IPV[9] | |
| MRP (Морбили, рубеола и паротит) | | | | | MRP[7] | | MRP[7] | | | | |
| HPV (Хуман папилома вирусни инфекции) | | | | | | | | | HPV[11] | | |
| TT (Тетанус) | | | | | | | | | | | TT[10] |

Објаснување кон Календарот за имунизација:

[1] BCG вакцина се дава при отпуштање од родилиште. До крајот на првата година детето се вакцинира со BCG вакцина без претходно туберкулинско тестирање.

[2] HepB вакцина се дава во првите 24 часа од раѓање како поединечна вакцина.

[3] Детето се вакцинира (I и III доза) со шестовалентна вакцина која содржи (DTaP, Hib, HepB и IPV).

[4] Детето се вакцинира (II доза) и ревакцинира (прва ревакцина) со петовалентна вакцина која содржи (DTaP, Hib и IPV).

[5] Детето се вакцинира со петтовалентна ротавирусна вакцина (RV5). Вакцинацијата започнува најдоцна до 12- неделна возраст. Растојанието меѓу дозите е од 4- 10 недели. Третата доза треба да биде дадена најдоцна до навршени 32 недели од животот.

[6] Вакцинација се спроведува најдоцна до 5 години. Бројот на дози зависи од возраста на детето во моментот кога е отпочната вакцинацијата. Кај деца на возраст од 2 до 11 месеци се даваат 2 дози вакцина и една (бустер) доза ревакцина.

Кај деца на возраст од 12 до 23 месеци, се даваат две дози на растојание не пократко од 2 месеци, без бустер доза.

Кај деца на возраст од 2 до 5 години се дава 1 доза вакцина, нема бустер доза.

[7] Првата доза комбинирана МРП вакцина се дава на деца со навршени 12 месеци од животот, а втората доза (ревакцина) се дава при започнување на основното образование.

[8] Втора ревакцинација против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува кај деца со неполни 7 години или со наполнети 7 години со давање на една доза четиривалентна DTaP- IPV вакцина.

[9] Трета ревакцинација против дифтерија и тетанус се спроведува кај деца во завршно одделение на основно образование со давање на една доза тривалентна Td-IPV вакцина.

[10] Четврта ревакцинација против тетанус се спроведува со давање една доза TT вакцина на 18 годишна возраст, односно во завршна година на средното образование.

[11] Со ХПВ вакцина се вакцинираат само девојчиња, со наполнети 12 години, со давање на две дози на вакцина, на растојание од 6 месеци.

Вакцинацијата на деца кои не се редовно имунизирани, кои воопшто не биле претходно вакцинирани или кои пропуштиле дози на вакцина од редовниот Календар за имунизација, се спроведува согласно Календар за Catch- up имунизација, со цел да го комплетираат вакцинирањето, и тоа:

**КАЛЕНДАР ЗА "CATCH-UP" ИМУНИЗАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**
**(за деца на возраст од 5-18 години кои ја пропуштиле редовната вакцинација)**

| Навршена возраст/ одделение/ клас — Вакцина | Одделение во основно училиште/ години | | | | | Клас во средно училиште/години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 години | I 6 години | II 7 години | VII 12 години | IX 14 години | IV 18 години |
| [1]BCG (Туберкулоза) | | | | | | |
| [2]HepB (Хепатитис Б) | | | | | | |
| [3/*]DTaP (Дифтерија, тетанус, пертусис) | | | DTaP | | | |
| [4]dT (Дифтерија и тетанус) | | | | | dT | |
| [5]IPV (Полиомиелитис) | | | IPV | | IPV | |
| [6]MRP (Морбили, рубеола и паротит) | | MRP | | | | |
| [7]HPV (Хуман папилома вирусни инфекции) | | | | HPV | | |

Објаснување кон Календарот за Catch- up имунизација за деца од 5 до 18 годишна возраст кои воопшто не биле претходно вакцинирани или кои пропуштиле дози на вакцина од редовниот Календар за имунизација:

Редовна вакцинација

"Catch-up" вакцинација

[1] Децата кои сеуште не се вакцинирани против туберкулоза, подлежат на задолжителна BCG вакцинација до наполнети 14 години од животот, по претходно туберкулинско тестирање.

[2] Децата кои не се вакцинирани или се непотполно вакцинирани со HepB вакцина, се вакцинираат/ги примаат дозите на вакцина кои им недостигаат, најдоцна до отпочнување на основното образование (по шема 0, 1 и 6 месеци).

3 Вакцинацијата против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува кај деца од навршени 5 до навршени 14 години живот, ако дотогаш не се вакцинирани против овие заболувања или ако нема докази дека се вакцинирани, со давање на три дози четиривалентна вакцина (DTaP- IPV) и тоа: прва доза на вакцината се дава веднаш, втората доза се дава на растојание не пократко од 1 месец од претходно дадената прва доза, а третата доза на растојание не пократко од 1 месец од втората доза и препорачано не подолго од 6 месеци од првата дадена доза. Ако детето претходно примило само една доза вакцина, ги примаат дозите кои недостигаат, до вкупно три дози и тоа втората доза веднаш третата доза на растојание не пократко од еден месец од втората доза. Ако претходно примило две дози вакцина веднаш ја примаат третата доза која му недостасува.

Ревакцинација против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува една година од комплетирањето на вакцинацијата (со три дози) со давање на една доза четиривалентна DTaP- IPV вакцина. Ревакцинацијата ќе се спроведува зависно од возраста на детето и претходно примените дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[3*] Поради промената во Календарот за имунизација, со која од 01.01.2017 година е укината ревакцинацијата со DTwP на 4- годишна возраст, децата од второ одделение (на 7- годишна возраст) кои примиле DTwP како втора ревакцина на 4- годишна возраст, ќе се ревакцинираат со dT- IPV вакцина, додека децата кои не примиле DTwP како втора ревакцина на 4- годишна возраст ќе се ревакцинираат со DTaP- IPV.

[4] Ревакцинација против дифтерија и тетанус се спроведува кај деца над 14 годишна возраст кои ја пропуштиле редовната вакцинација со давање на една доза тривалентна dT- IPV вакцина, најдоцна до 18 годишна возраст.

[5] Вакцинацијата против детска парализа се спроведува со давање на три дози вакцина која содржи компонента на IPV (DTaP- IPV или dT- IPV зависно од возраста и дозите кои му недостасуваат), најдоцна до 14 годишна возраст. Растојанието помеѓу две дози на вакцина не треба да бидат пократко од 4 недели.

Ревакцинација против детска парализа се спроведува една година од комплетирањето на примовакцинацијата (со три дози) со давање на една доза DTaP- IPV вакцина или dT- IPV зависно од возраста и дозите кои му недостасуваат на лицето во моментот на вакцинација. Ревакцинацијата ќе се спроведува зависно од возраста на лицето и претходно примените дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[6] Ако од било кои причини детето не е вакцинирано согласно Календарот, ќе се вакцинира и ревакцинира со MRP вакцина на растојание од најмалку 4 недели меѓу двете дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[7] Со ХПВ вакцина се вакцинира, по правило, најдоцна до 14 годишна возраст согласно календарот. Вакцинација кај девојчиња над 15 годишна возраст се врши со давање на три дози вакцина во период од 6 месеци. Растојанието помеѓу првата и втората доза ХПВ вакцина не треба да е пократко од 1 месец. Третата доза се дава на растојание не пократко од 1 месец од втората доза и на растојание 6 месеци од првата доза.

2.Задолжителна имунопрофилакса на лица експонирани на одредени заразни болести по епидемиолошки индикации, се спроведува кај сите експонирани лица по епидемиолошки индикации, сé додека истите траат и тоа како: активна имунизација против туберкулоза, активна имунизација против мали сипаници, активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), активна и пасивна имунизација против беснило (Lyssa), активна и пасивна имунизација против тетанус (Tetanus) кај повредени лица и активна имунизација против цревен тифус (Typhus abdominalis).

**2.1. Активна имунизација против туберкулоза**

На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат здравствени работници и друг помошен персонал, при вработување во здравствени установи во кои се врши дијагностика и лекување на болни од туберкулоза, ако туберкулинскиот тест им е негативен.

**2.2. Активна имунизација против мали сипаници**

Задолжителна имунизација против мали сипаници ако постојат епидемиолошки индикации се врши и кај деца на возраст од 6 до 12 месеци од животот, но тие повторно мора да се вакцинираат од 15 до 24- месечна возраст.

На задолжителна имунизација против мали сипаници подлежат и деца од навршени 15 месеци до 14 години од животот, кои се имунизирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболување на вакцинирани, епидемија на мали сипаници кај деца од таа возраст), што ги утврдил надлежниот орган на државата и ако од претходната вакцинација против мали сипаници поминало повеќе од една година.

**2.3. Активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатитис Б**

А) Активната имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува кај:

- Сите невакцинирани и непотполно вакцинирани лица вработени во здравствените установи, вклучувајќи ги и учениците и студентите во здравствено образовните струки (медицина, стоматологија, фармација) кои доаѓаат во непосреден контакт со инфективен материјал (крв или серум);
- Хемофиличари;
- Болни на хемодијализа;
- Полови партнери на HBsAg позитивни лица;
- Штитеници на установи за социјална заштита;
- Лица кои инјектираат дроги;
- Инсулин зависни болни од шеќерна болест;
- Болни од хроничен хепатит Ц;
- Лица со ХИВ/СИДА;
- Лица со регистрирани сексуално преносливи инфекции (СПИ) и нивни сексуални партнери;
- Лица кои имале инцидент со инфективен материјал (крв или серум).

Лица кои се HbsAg и анти HbsAg негативни, а живеат во близок контакт со носители на HbsAg исто така треба да се вакцинираат со HB вакцина, при што приоритет имаат нивните полови партнери.

За вакцинација на деца помлади од 10 години се дава педијатриска доза вакцина (0,5 ml), на лицата постари од 10 години им се дава доза за возрасни (1ml), додека за вакцинација на пациенти на дијализа се дава двојна доза вакцина за определена возраст.

Бројот на потребните дози вакцина против акутен вирусен хепатитис Б кај експонирани лица и растојанието меѓу нив, како и времето на давање се пропишани со Правилникот.

Ревакцинација се спроведува кај случаи на имунодефициенција и кај болните на дијализа, со една доза на HB вакцина, 5 години после потполната вакцинација.

Б) Пасивна имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува со давање на хепатитис Б имуноглобулин (HBIG) на:

- невакцинираните и непотполно вакцинираните лица кои имале инцидент со
  инфективен материјал (крв или серум), и
- новородени деца на HBsAg позитивни мајки.

HBIG се аплицира интрамускулно, во количина која ја препорачува производителот, веднаш по инцидентот, односно по раѓањето, а најдоцна 12 часа од моментот на инцидентот, односно на раѓањето.

По исклучок, ако хепатитис Б имуноглобулинот (HBIG) кај новородени деца од HBsAg позитивни мајки не е даден во првите 12 часа, може да се даде најдоцна до 7 дена од раѓањето.

HBIG се дава истовремено со првата доза вакцина, на спротивниот екстремитет.

**2.4. Активна и пасивна имунизација против беснило**

А) Активната имунизација против беснило се спроведува со давање на современи инактивирани вакцини против беснило за хумана употреба, произведени на култура на клетки и препорачани од СЗО, со потенцијал од најмалку 2,5 I.E. по поединечна доза.

1.Предекспозициона вакцинација против беснило се спроведува кај лица кои непосредно професионално се изложени на инфекција со вирусот на беснило, согласно одредбите на Правилникот.

Предекспозициона вакцинација се спроведува со давање на три поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во пределот на делтоидниот мускул, наизменично на спротивната рака, по шема: 0, 7 и 21 ден.

2.Постекспозициона задолжителна имунизација против беснило се спроведува кај:

- Лице кое го каснало или на друг начин повредило бесно или на беснило
сомнително диво или домашно животно;
- Лице кое го каснало куче или мачка на непознат сопственик, што не можат да
се подложат на десетодневен ветеринарен надзор;
- Лице кое го каснало куче или мачка, што во рок од десет дена од денот на
повредата на лицето ќе покажат знаци на беснило, ќе пцовисаат, ќе бидат
убиени или ќе заскитаат, а беснилото на животното не може да се исклучи со
лабораториски преглед;
- Лице кое можело да се зарази со вирусот на беснило преку слузница или
оштетување на кожата.

Постекспозициона имунизација против беснило се спроведува веднаш после утврдувањето на индикациите, со давање на 5 поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во делтоидниот мускул (кај малите деца во предно- надворешниот дел на натколеницата), наизменично на спротивниот екстремитет, по шема: 0, 3, 7, 14 и 28 дена.

Б) Пасивната имунизација против беснило се спроведува истовремено со давањето на првата доза вакцина, во сите случаи, со примена на хуман антирабичен имуноглобулин (HRIG).

HRIG се дава еднократно, во дози од 20 I.E./ kg TT. Се инфилтрира во самата рана и околу раната, а остатокот од потребната количина се дава интрамускулно, во глутеалната регија.

HRIG се аплицира во сите случаи, без разлика на времето поминато од експозицијата на вирусот на беснило.

Во колку постекспозиционата имунизација е започната со давање само на вакцина, додатното давање на HRIG може да се примени најдоцна до осмиот ден од започнатата вакцинација.

Комплетно вакцинираните лица против беснило, после повторно утврдена индикација согласно Правилникот, се вакцинираат со давање на две поединечни дози на вакцина против беснило во делтоидниот мускул, по шема: 0 и 3 дена, без давање на HRIG.

Кај некомплетно вакцинираните лица, како и лицата кај кои не постои документација за вакцинација или кај кои постои докажана имуносупресија, после повторно утврдената индикација, се спроведува комплетна активна и пасивна имунизација согласно Правилникот.

Истовремено со имунизацијата против беснило се врши и имунизација и против тетанус, согласно Правилникот.

### 2.5. Активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица

Имунопрофилакса против тетанус кај повредени лица се спроведува со аплицирање на адсорбирана TT (тетанус токсоид) вакцина или dT вакцина (активна имунизација), како и со давање на хуман антитетанусен имуноглобулин (HTIG) (пасивна имунизација), во дози и на начин кој зависи од претходниот имунолошки статус за тетанус, согласно критериумите пропишани со Правилникот.

Вакцината (TT или dT) и хуманиот антитетанусен имуноглобулин (HTIG) се даваат истовремено, интрамускулно, во различен екстремитет.

Во продолжение на текстот е дадена шема за активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица.

| Вакцинален статус на повредениот | Растојание од последната доза до повредата | Вакцинација | Имунопрофилакса |
|---|---|---|---|
| Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст | Од последна примена доза до повреда - < 5 години | Не е потребна вакцинација | Нема потреба од HTIG |
| Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст | Од последна примена доза до повреда - > 5 години <10 години | Една доза TT (или комбинирана вакцина која содржи тетанусна компонента) вакцина веднаш по повредата | Нема потреба од HTIG |
| Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст | Од последна примена доза до повреда - > 10 години | Една доза TT (или комбинирана вакцина која содржи тетанусна компонента ) вакцина веднаш по повредата | 250 I.E. HTIG |
| Непотполно вакциниран, односно лице кои примило помалку од три дози TT(dT) | | Продолжува со вакцинација до комплетирање на вакцинирањето (растојанието меѓу дозите да не е помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци) | 250 I.E. HTIG |
| Невакцинирани лица или лица со непознат вакцинален статус или лица без документација на увид при повредата | | Прва доза TT (или комбинирана вакцина која содржи тетанусна компонента ) вакцина веднаш по повредата, втора доза на растојание не помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци, трета доза 6 месеци после втората доза, а ревакцинација се врши со давање една доза, една година после давање на третата доза | 250 I.E. HTIG веднаш по повредата заедно со првата доза |

### 2.6. Активна имунизација против цревен тифус

Активна имунизација против цревен тифус по епидемиолошки индикации се спроведува кај:

- Лица вработени на чистење на канализација и септички јами, и на отстранување на смет и други отпадни материи од населени места;
- Лица кои живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;
- Лица вработени на ексхумација на тела на умрени лица;
- Лица припадници на други целни групи, согласно Одлука на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, на предлог на надлежната епидемиолошка служба, за одредено подрачје.

Вакцинацијата се спроведува со давање на една доза вакцина според препораките на производителот.

Ревакцинација на вакцинираните лица по епидемиолошки индикации се спроведува со давање на една доза вакцина, после три години од вакцинацијата и се повторува на секои три години, сé додека трае индикацијата.

3. Активна имунизација по клинички и епидемиолошки индикации, се спроведува против: грип (Influenzae), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип "Б" (Hib), заболувања предизвикани од Streptococcus pneumoniae (пнеумокок), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), голема кашлица (Pertusis).

Во оваа смисла, имунизација може да се спроведува и против други заразни болести и возрасни групи, врз основа на одлука на Министерот за здравство и годишната Програма за имунопрофилакса и хемиопрофилакса против определени заразни болести на населението во Република Северна Македонија.

### 3.1. Активна имунизација против грип

Вакцинација против грип се спроведува по клинички и по епидемиолошки индикации.

По клинички индикации, вакцинацијата се спроведува кај лица постари од 6 месеци кои имаат хронични заболувања на белите дробови и кардиоваскуларниот систем, метаболни пореметувања (вклучително и шеќерната болест), состојби на имунодефициенција, бубрежна дисфункција, хемоглобинопатија, имуносупресија и друго.

По епидемиолошки индикации вакцинација се спроведува кај:

- Лица сместени во геронтолошки центри и кај лицата вработени во овие центри;
- Млади и стари лица сместени во установи за социјална заштита и кај лицата вработени во тие установи;
- Лица вработени во здравствени установи, кои даваат здравствени услуги и

спроведуваат здравствена дејност, а особено вработените во одделенија со

зголемен ризик, стационари за хронично заболени лица и друго;

- Лица вработени во јавни служби кои се посебно експонирани на инфекција, и
- Лица на возраст над 65 години.

Кај деца кои прв пат се вакцинираат, вакцинацијата се врши со давање на две дози вакцина на растојание од 30 дена, а наредните години се дава само по една доза вакцина, согласно упатството на производителот.

Согласно препораките на Светската Здравствена Организација, од сезоната 2018/2019 година, во Република Северна Македонија се воведе бесплатна вакцинација против грип. Од таа сезона, Министерството за здравство набавува вакцини за бесплатна вакцинација на следните ризични групи: стари лица (над 65 години), лица со хронични заболувања, бремени жени во било кој период од бременоста, деца на возраст од 6 месеци до 5 години, здравствени работници и лица сместени во геронтолошки центри и вработените во истите.

Во сезоната 2022/23 година вакцинирани се вкупно 52.775 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини. Дополнително, со комерцијални вакцини вакцинирани се уште 2.638 лица.

**3.2Активна имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б**

Вакцинација против заболувања предизвикани со хемофилус инфлуенца тип Б се спроведува со Hib вакцина, според клиничките индикации, кај деца постари од 2 години без оглед на претходниот вакцинален статус, во случај на:

- Трансплантација на органи и ткива;
- Спленектомија и српеста анемија;
- Хемиотерапија и терапија со зрачење кај малигни тумори;
- Симптоматски и асимптоматски HIV инфекции;
- Кај други, клинички утврдени состојби на имунодефициенција.

Бројот на потребните дози вакцина против хемофилус инфлуенца тип Б според клинички индикации, како и растојанието меѓу нив, пропишани се со одредбите на Правилникот.

Индикациите за спроведување на оваа вакцинација по клинички индикации, ја поставува доктор специјалист клиничар.

**3.3. Активна имунизација против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок)**

Вакцинацијата против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок) се врши со коњугирана или полисахаридна вакцина, во зависност од возраста, според клиничките индикации – кај лица во зголемен ризик од инвазивно пнеумококно заболување, односно лица со:

- Анатомска или функционална аспленија;
- Српеста анемија;
- Хронично кардиоваскуларно и белодробно заболување;
- Шеќерна болест;
- Хронично заболување на црниот дроб;
- Хронично заболување на бубрезите;
- Нефротски синдром;
- Алкохоличари;
- Симптоматска и асимптоматска HIV инфекција;
- Трансплантација на органи и ткива;
- Малигно заболување;
- Ликворна фистула;
- Клиничка историја на потврдена или суспектна пневмококна пневмонија;
- Кои примаат имуносупресивна терапија, вклучувајќи системски кортикостероиди;
- Постари од 65 години и деца под 5 годишна возраст кои се сместени во колективни установи (домови за згрижување на стари лица и градинки);

Двете пневмококни вакцини (и коњугираната и полисахаридната) се даваат во дози од 0,5 ml интрамускуларно или субкутано во делтоидната регија, согласно упатството на производителот.

**3.4. Активна имунизација против менингококен менингит**

Вакцинација против менингококен менингит по клинички индикации се спроведува со полисахаридна менингококна вакцина, и се дава кај деца постари од 2 години и кај возрасни. Само кај лица постари од 11 години со висок ризик од појава на ова заболување се користи коњугирана менингококна вакцина.

Клиничките индикациите за спроведување на вакцинација против менингококен менингит ги поставува доктор специјалист клиничар. Тие се :

- Анатомска и функционална аспленија (спленектомија, српеста анемија), и
- Имунодефициенција на комплемент (C5 – C9).

Вакцинација против менингококен менингит по епидемиолошки индикации се спроведува со коњугирана вакцина против менингококен менингит.

Индикацијата за спроведување на целна вакцинација, како и целните групи кои ќе подлежат на вакцинација против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на надлежната епидемиолошката служба за одредено подрачје, ја поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Вакцинацијата против менингококен менингит со двата вида вакцина се спроведува со давање на една доза, веднаш по утврдувањето на индикацијата.

Лицата кои се професионално експонирани на причинители на менингококен менингит или со својата работа можат да го пренесат причинителот на други лица, се вакцинираат со една доза четиривалентна полисахаридна вакцина.

Ревакцинација се спроведува со давање на полисахаридна вакцина на растојание од 5 години после извршената вакцинација, во случај ако индикациите и понатаму постојат. Ревакцинацијата со полисахаридна вакцина може да се спроведе и доколку лицето е претходно вакцинирано со коњугирана вакцина.

Вакцината против менингкокниот менингит се аплицира во доза од 0,5 ml субкутано, во делтоидната регија.

4. Активна имунизација на патници во меѓународен сообраќај ќе се спроведува согласно Меѓународниот Здравствен Правилник (IHR), против следните заразни болести: жолта треска (Febris flava), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), цревен тифус (Typhus abdominalis), колера (Cholera), дифтерија (Diphtheria).

Активна имунизација на патници во меѓународниот сообраќај ќе се врши и против други заразни болести (акутен вирусен хепатит Б - Hepatitis B, беснило - Lyssa, тетанус - Tetanus, мали сипаници - Morbilli и друго).

Патниците во меѓународниот сообраќај подлежат на активна имунизација ако патуваат во ризични и ендемични зони или во земји кои бараат вакцинација против одредена заразна болест, и по епидемиолошки индикации, согласно Меѓународниот здравствен правилник.

**4.1. Имунизација против жолта треска**

Се спроведува со давање на една доза вакцина, најдоцна 10 дена пред патување во ендемското подрачје.

Повторна вакцинација против жолта треска нема потреба да се врши согласно најновите насоки на Светската здравствена организација.

**4.2. Имунизација против менингококен менингитис**

Вакцинација против менингококен менингитис се врши најдоцна 10 дена пред патување во ризичното/ендемското подрачје, со соодветна вакцина.

Се аплицира соодветен број на дози, во зависност од видот на вакцината која ги содржи соевите, кои на тие подрачја предизвикуваат заболување.

**4.3. Имунизација против колера**

Вакцинација против колера се спроведува со орална вакцина против колера, најдоцна 14 дена пред патувањето. Се дава во две дози на растојание од една недела, а се очекува заштитата да се манифестира една недела после втората доза.

Повторна вакцинација против колера се врши со давање на една доза орална вакцина против колера, после 10 години.

**4.4. Имунизација против други заразни болести**

Вакцинација на патници во меѓународен сообраќај може да се врши по епидемиолошки индикации и против: цревен тифус, дифтерија, акутен вирусен хепатит Б, беснило, тетанус, мали сипаници и други заболувања.

Апликацијата на овие вакцини се врши согласно препораките на производителот на соодветната вакцина.

V. 2. ХЕМИОПРОФИЛАКСА НА ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Хемиопрофилакса против одредени заразни болести се спроведува против: туберкулоза, маларија, менингококен менингит, скарлатина, како и против други заразни заболувања - по епидемиолошки индикации и по препорака на надлежната епидемиолошка служба на локално и национално ниво, за соодветното подрачје.

**1. Хемиопрофилакса против туберкулоза**

Хемиопрофилакса против туберкулоза се спроведува со соодветни дози на лекови против туберкулоза и времетраење, согласно меѓународни препораки:

1.Кај деца кои се во близок контакт со заболен од директно микроскопски потврдена

туберкулоза, позитивна туберкулоза или тешки форми на белодробна туберкулоза;

2.Кај HIV позитивни лица и други состојби на имуносупресија.

Одлуката за хемиопрофилакса против туберкулоза се донесува после направена консултација со лекар пнеумофтизиолог, интернист пулмолог и педијатар.

**2. Хемиопрофилакса против маларија**

Хемиопрофилаксата против маларија се спроведува кај лица пред одењето, за време на целиот период на престој и по враќањето од земјата, односно подрачјата каде постои ендемија на маларија.

Препораки за изборот на видот и дозирањето на лековите за хемиопрофилакса против маларија, во согласност со препораките на СЗО, на епидемиолошките служби на Центрите за јавно здравје и подрачни единици (ЦЈЗ/ПЕ) им доставува епидемиолошката служба на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија .

**3. Хемиопрофилакса против менингококен менингит**

Хемиопрофилакса против менингококен менингит се спроведува кај одредени целни групи по епидемиолошки индикации.

Индикациите, како и целните групи кои ќе подлежат на хемиопрофилакса против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје, Центар за јавно здравје - Скопје (ЦЈЗ - Скопје) за град Скопје и ИЈЗ на РСМ за територијата на Република Северна Македонија, ја поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Изборот на видот на лековите, нивното дозирањето според возраста, начинот на апликација на лекот и времетраењето на хемиопрофилаксата против менингококен менингит се во согласност со пропишаните критериуми во Правилникот.

**4. Хемиопрофилакса против скарлатина**

Хемиопрофилакса против скарлатина се спроведува во времетраење од 10 дена и е задолжителна:

1.Кај деца, во семејства во кои некој член од семејството има анамнеза на

ревматска треска, а кои живеат во лоши социјални услови

2.При појава на скарлатина или стрептококен тонзилофарингит во колективи, по претходна консултација и препорака на епидемиолошката служба при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје и ЦЈЗ- Скопје за град Скопје.

Хемиопрофилаксата се врши со давање на пеницилински препарат, а кај лица преосетливи на пеницилин се дава еритромицин.

**5. Хемиопрофилакса против други заразни заболувања**

Хемиопрофилакса по епидемиолошки индикации, може да се спроведува и против други заразни заболувања, кај лица изложени на тие заразни заболувања, а врз основа на препораките на епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје, ЦЈЗ-Скопје за град Скопје и ИЈЗ на РСМ за територијата на Република Северна Македонија.

V.3. ИМУНИЗАЦИЈА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО ПОСЕБНИ УСЛОВИ И ПРИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението може да се спроведува и за други заразни болести и тоа во случај на вонредни состојби, како што се природни и други несреќи, изложеност или сомнение на изложеност на заразни болести, тероризам со биолошки агенси и друго.

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса во вакви случаи, на предлог на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, се одредуваат од страна на Министерот за здравство.

Со развојот на безбедни и ефективни вакцини против КОВИД- 19 во светот, а со цел справување и одговор на КОВИД- 19 пандемијата, во 2021 година Министерството за здравство на Република Северна Македонија воведе вакцинација против КОВИД- 19 за своето население.

Процесот на вакцинација против КОВИД- 19 во нашата земја започна на 17.02.2021 година и се уште е во тек. Заклучно со 22.12.2023 година, во Република Северна Македонија аплицирани се вкупно 1.868.200 дози на вакцини против КОВИД- 19.

Опфатот со две дози на вакцина против КОВИД- 19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,6% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,55% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,59%.

Препораките за начинот на спроведување на вакцинацијата ги донесува Националната комисија за имунизација следејќи ги препораките на меѓународните релевантни институции (СЗО, ЦДЦ, ЕМА и др).

VI. ИНДИКАТОРИ

За оценување на успешноста на предвидените активности со Програмата, ќе се користат следните индикатори на успешност:

- Опфат над 95% од подлежачката популација за сите видови задолжителни вакцини на национално ниво и над 90% на локално ниво;
- Тромесечни извештаи за спроведена имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, по истекот на првото и третото тромесечје, се доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија;
- Шестмесечен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, по истекот на шестмесечјето, се доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија;
- Шестмесечен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија, изготвен од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Годишен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центар за јавно здравје Скопје доставен до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со опфат по видови вакцини и територијална распределба;
- Годишен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија, изготвен од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Годишен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија со епидемиолошки коментар, изготвен од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Теренските посети и увиди во вакциналните пунктови во републиката со цел надзор и контрола на спроведувањето на имунизацијата од сите аспекти и изготвени информации за состојбата на теренот, со констатации и предлог мерки.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира во рамките на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во висина од 358.000.000,00 денари.

Согласно склучените договори со добавувачите на вакцини за континуирана вакцинација и минимум потребни резервни дози на вакцини и имуноглобулини по епидемиолошки индикации, а врз основа на дефинираната испорака на количините, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година ќе се обезбедат финансиски средства за набавка на потребните количини на вакцини за 2024 година во висина од 295.400.000,00 денари.

Набавените вакцини од страна на Министерството за здравство, ќе се дистрибуираат од страна на добавувачите до овластените здравствени установи- извршители, врз основа на доставени списоци од Министерството за здравство согласно искажаните потреби од вакцини на здравствените установи.

Финансиските средства потребни за набавка на вакцините се доставуваат до најповолните добавувачи на вакцини, по доставa и прием на вакцините.

Вакцини и серуми по клинички и епидемиолошки индикации за заштита и лекување на пациенти, или за заштита на свои вработени лица, ги обезбедуваат јавните здравствени установи од сопствени буџети.

Финансиските средства за обезбедување на вакцини и хемиопрофилактички средства за спроведување на имунизацијата на патници во меѓународниот сообраќај ги обезбедуваат институциите овластени за вршење на оваа вакцинација.

За исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на Националниот координатор за имунизација кој раководи со Националната комисија за имунизација, се предвидуваат финансиски средства во висина од 600.000,00 денари. За исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на членовите, заменициите членови и секретарот на Националната комисија за имунизација, се предвидуваат финансиски средства во висина од 1.400.000,00 денари. Средствата ќе бидат обезбедени на ставка 425 – договорни услуги.

Средства обезбедни од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 60.000.000,00 денари се наменети за набавка на вакцини против сезонски грип за тековната 2024 година и за, доколку има потреба, интервентна набавка на КОВИД- 19 вакцини.

Преостанатите средства, во висина од 600.000,00 денари се наменети за промоција на Европската недела на имунизација, вклучително одржување на состанок со тимовите од вакциналните пунктови и ЕПИ координаторите за имунизација со цел зголемување на свесност на здравствените работници за значењето на имунизацијата и безбедноста на вакцините и подготовка на промотивен материјал наменет за родителите.

VIII. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Активностите предвидени со оваа програма ќе ги спроведуваат превентивните тимови при Здравствените домови во Република Северна Македонија, Универзитетската Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и Универзитетската Клиника за детски болести, инфективните одделенија при Општите и Клиничките болници во Република Северна Македонија, други здравствени установи во Република Северна Македонија овластени за вршење на вакцинација, како и Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Државниот санитарен и здравствен инспекторат кои се надлежни за спроведување на надзор и контрола на активностите предвидени со Програмата.

IX. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, збирните годишни извештаи за спроведената имунизација на своето подрачје ги доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, а за спроведена имунизација против туберкулоза до ЈЗУ Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје до 31.01.2024, за спроведената имунизација во 2023 година.

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ги обработува и евалуира прибраните годишни извештаи, изготвува посебна анализа и извештај за состојбата со спроведената имунизација во 2023 година и опфатот со одделни вакцини на локално и национално ниво во републиката и овој извештај го доставува до Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) и други надлежни институции, до 15.03.2024 година.

ЈЗУ Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје доставува годишен извештај за спроведената имунизација против туберкулоза на територијата на Република Северна Македонија во 15.3.2024 година.

X. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА)

Реализација на Програмата ќе биде перманентно следена од страна на епидемиолошките служби при Центрите за јавно здравје/Подрачните единици (ЕПИ координатори за имунизација) и ДСЗИ, како и од страна на Одделението за имунизацијата и вакцино- превентабилни болести при Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Интензитетот на следењето ќе се спроведува на месечно ниво, од страна на ЦЈЗ/ПЕ, а квартално од страна на ИЈЗ на РСМ и ДСЗИ.

XI. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41- 133/4 | Заменик на претседателот |
| 16 јануари 2024 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

---

**334.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 7 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Северна Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Северна Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиона медицина, Скопје. Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиона медицина и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

## III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина се извршители на програмата кои преку поединечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите.

1. Црвениот крст на Република Северна Македонија во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните активности:

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на дарителите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари;
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите;

2. Институтот за трансфузиона медицина и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, ги вршат следните активности:

- Ги утврдуваат потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Северна Ма-кедонија, заедно со Министерството за здравство;
- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни дарители со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат контрола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на дарителите на крв;
- Водат национален регистар за дарители на крв (според местото на давање, крвни групи, крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, дарители на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за дарители на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за дарители на крв.

3. Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина:

- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски и извештаи за реализација на Програмата за крводарител-ство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);
- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;
- Учество во работа на комисииите за крводарителство на разни нивоа;
- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното фи-нансиско обезбедување.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 27.992.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во вкупен износ од 27.992.000,00 денари. Од овие средства ќе се плаќаат и неизмирените обврски за патиципација кон здравствените установи за 2021 година, 2022 година и 2023 година.

Програмските активности и финансиската рамка преставени се во табелите број 1, 2, 3 и 4.

Табела бр.1 Здравствено-воспитни , пропагандни и едукативни активности

| Реден број | Здравствено-воспитни, пропагандни и едукативни активности | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Плакат "повик" за објавување на крводарителски акции | 5.000 | 10,00 | 50.000,00 |
| 2. | Плакат за 17 Март | 300 | 30,00 | 9.000,00 |
| 3. | Одбележување на 17 Март | 1 | - | 100.000,00 |
| 4. | Евидентни листови за крви акции | 2X20 | 250 | 10.000,00 |
| 5. | Флаер за крводарителство | 900 | 30,00 | 27.000,00 |
| 6. | Одбележување на 14 Јуни | 1 | - | 100.000,00 |
| 7. | Активности на дневен центар за крводарување | - | - | 50.000,00 |
| 8. | Републички семинари и работилници за едукација на мотиватори во крводарителство | 3 | 100.000,00 | 300.000,00 |
| 9. | Активности спроведени од страна на Институт за трансфузиона медицина | - | - | 200.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **846.000,00** |

**Табела број 2** Изготвување на мотивациски средства за крводарителите

| Реден број | **Јубилејни признанија и мотивациони средства** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Значка за 5-то дарување | 1.000 | 60.00 | 60.000,00 |
| 2 | Значка за 10-то дарување | 1.000 | 60.00 | 60.000,00 |
| 3 | Значка за 25-то дарување | 650 | 65.00 | 42.250,00 |
| 4 | Плакета за 50-то дарување | 100 | 650,00 | 65.000,00 |
| 5 | Плакета за 75-то дарување | 30 | 650,00 | 19.500,00 |
| 6 | Плакета за 100-то дарување | 15 | 650,00 | 9.750,00 |
| 7 | Признанија за општини со исполнет план за крводарителство | 17 | 4.000,00 | 68.000,00 |
| 8 | Печатење на јубилејни благодарници | 2.688 | 8,00 | 21.500,00 |
| **Вкупно средства за јубилејни признанија за крводарителство** | | | | **346.000,00** |

**Табела број 3** Средствата за надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции.

| Опис на активност | Единечна цена (ден.) | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|
| **За планирани 55.000 крводарувања на ООЦК** | **160,00 ден** | **8.800.000,00** |

**Табела број 4** Средствата за надоместок за партиципација

| Опис на активност | Вкупно (ден.) |
|---|---|
| Партиципација за крводарители по приложени пресметки | **18.000.000,00** |

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања кои се трансферираат на квартално ниво (тромесечно) до јавните здравствени установи за околу 6.000 крводарители. Бројот на крводарители за исплатена партиципација е во зависност од висината на пресметаната партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител во вкупен износ од 18.000.000,00 денари.

**Вкупно потребни средства за реализација на програмата по извршители :**

| Опис на активност | Извршител | Вкупно ден. |
|---|---|---|
| Организација на крводарителство | Црвен крст на Република Северна Македонија | 8.800.000,00 |
| Здравствено-воспитни и пропагандни материјали | | 646.000,00 |
| Јубилејни признанија и мотивациони средства | | 346.000,00 |
| Активности за крводарителство спроведени од трана стр Институт за трансфузиона медицина | Институт за трансфузиона медицина | 200.000,00 |
| Средства за партиципација | Јавни здравствени установи | 18.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **27.992.000,00** |

V. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Распределбата на средствата по Програмата се врши квартално до извршителите на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2023 година и за првите три квартали од 2024 година.

Распределба на средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се врши квартално до јавните здравствени установи на Република Северна Македонија за тековната година, а врз основа на доставена фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира за последниот квартал од 2023 година и за првите три квартали од 2024 година. Доставувањето на фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира е 10 дена по завршување на кварталот за кој се однесува фактурата.

VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на оваа програма континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Северна Македонија и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе ги следи и проценува зацртаните цели во оваа програма и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во оваа програма.

VII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија најдоцна до 31.1.2025 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за 2024 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-201/4<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**335.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности.

1.1. Обезбедување на лекување на најмногу 20 пациенти од Република Албанија, како итни случаи за хемодијализа во траење од еден циклус, за една година во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга кои се опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

Извршители: ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија-Струга

Индикатор: број на пациенти на хроничен хемодијализен третман

Рок на извршување: континуирано во текот на 2024 година

1.2. Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување.

Со оваа активност се покриваат трошоците за хроничен дијализен третман и хемодијафилтрација за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски период од максимум 60 дена, кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување.

Извршители: центри за хемодијализен третман

Индикатор: број на пациенти со покриени трошоци за хроничен хемодијализен третман

Рок на извршување: континуирано во текот на 2024 година

1.3. Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа

1.3.1 Со оваа активност се покриваат трошоците за исплата на спроведена набавка на 3100 Хепатит Б адулт вакцини од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола за потребите на 10-те центри за јавно здравје за 2023/2024 година согласно договорот за групна јавна набавка број 03-1261 од 25.10.2023 година;

Извршители: 10-те центри за јавно здравје

Индикатор: склучени договори по спроведена постапка за групна јавна набавка на Хепатит Б адулт вакцини

Рок на извршување: мај 2024

1.3.2 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа

Извршител: 10-те центри за јавно здравје

Индикатор: извештај за број на пациенти на хемодијализа вакцинирани/ ревакцинационирани со Хепатит Б вакцина.

Рок на извршување: континирано во текот на 2024 година

2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА

2.1. Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериоз-ни компликации.

Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина (ЈЗУ ИТМ) како Центар за сеопфатна грижа, заедно со здруженијата ги проширува досегашните активности.

2.2. Организирање на работилници со заедничко учество на Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за детски болести - Скопје и здруженијата на лица со коагулопатии.

Извршители: Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за детски болести - Скопје, и здруженијата на лица со коагулопати.

Индикатор: број на спроведени анкети, број на спроведени едукативни работилници за здравствени работници, број на едукативни работилници за компликациите од коагулопатиите и број на превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со коагулопатии.

Рок на извршување: Квартално во текот на 2024 година

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина во вкупен износ од 2.000.000,00 денари, согласно одобрените средства од основниот Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година. Распределбата на финансиските средства по планирани активности и извршители, прикажани се во Табела.

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ВКУПНО ИЗНОС (ДЕНАРИ) |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 5** | | | **ВКУПНО:** | **326.155.000** |
| Потпрограма 50 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 55.000 |
| Потпрограма 50 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за поддршка на талентирани ученици, сместување и исхрана на ученици во ученички домови, субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи. | 322.500.000 |
| Потпрограма 50 | 480 | Капитални расходи | Купување на опрема и машини за кујни на ученички домови | 3.600.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма 32** | | | **ВКУПНО:** | **12.143.000** |
| Потпрограма 32 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 90.000 |
| Потпрограма 32 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 1.894.000 |
| Потпрограма 32 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери | 10.159.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма ТИ** | | | | **7.200.000** |
| Потпрограма ТИ | 482 | Други градежни објекти | | 7.200.000 |
| | | | **СЕ ВКУПНО Програма 5, Потпрограма 32 и Потпрограма ТИ:** | **345.498.000** |

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

4. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа, 10-те центри за јавно здравје, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина-центар за хемофилија, ЈЗУ УК за детски болести - Скопје и здруженијата на лица со коагулопатии.

5. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата до здравствените уста-нови за хемодијализен третман извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма, фактурирани согласно референтните цени на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Здравствените установи каде се спроведува дијализа на пациентите, вршат поединечно фактурирање со прилог: за секој пациент со извештај, доказен материјал, пресметка и потврда за статус на неосигурано лице издадена од Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија со точни податоци за временскиот период за неосигураноста.

Центрите за јавно здравје доставуваат во прилог на фактурата и копија од рамковната спогодба за јавна набавка, копија од склучен договор за набавка со најповолен понудувач и испратница за достава на вакцините.

6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма доставуваат месечни извештаи за реализирани активности согласно роковите за извршување наведени во оваа програма, а годишен извештај за реализирани активности за 2024 година до Министерството за здравство најдоцна до 15.01.2025 година.

7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на оваа програма, во делот на реализирани активности согласно оваа програма.

8. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-202/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**336.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и изнесуваат 72.914.000,00 денари од кои 10.922.000,00 денари на Сметка 637, 60.000.000,00 денари на Сметка 631, 1.992.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на Раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Категорија 42 - стоки и услуги, 46 - Субвенции и трансфери и 48 - Капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 од оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот, и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменети вкупно 8.820.000,00 денари, и тоа за:

1. Учество на меѓународни туристички саеми во Мадрид, Берлин,Истанбул и други, како и учество и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Република Северна Македонија согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија;

се наменуваат 5.800.000,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во земји кои се примарен пазар, и тоа Србија, Албанија, Косово, Турција, Босна и Херцеговина, Словенија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери

се наменуваат 2.600.000,00 денари.

3. Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал веб страната www.northmacedonia-timeless.com, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk;

се наменуваат 120.000,00 денари.

4. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ;

се наменуваат 300.000,00 денари.

б) За активности за поддршка на туризмот се наменети вкупно 300.000,00 денари, и тоа за:

1. Проект „Означување на културни добра“. Со поставување на информативни табли ќе бидат означени локалитетите Скупи, Аквадукт, Тауресиум, Бразда и Говрлево, со цел збогатување на туристичката понуда со културолошки вредности;

се наменуваат 300.000,00 денари

Член 3

За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменети вкупно 61.802.000,00 денари и тоа, дел од Сметка 637 во износ од 1.802.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 60.000.000,00 денари се обезбедуваат од Сметка 631.

Член 4

Средствата во висина од 1.992.000,00 денари од Сметка 787, се наменуваат за организирање на саемски манифестации, презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и реализација на проекти од Европската Унија и други меѓународни проекти кои се доделени на Агенцијата.

Член 5

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности, заклучно со 30 јуни 2025 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-216/5 | Заменик на претседателот |
| 16 јануари 2024 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

---

**337.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА И СКРИНИНГ НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година, се однесува на:

I. Скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

II. Скрининг и рана детекција на рак на дојка

III.Скрининг и рана детекција на рак на дебело црево

IV.Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови,рак на кожа и кардиоваскуларни болести

V. Активности за превенција и рана дијагностика на болести на црн дроб во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб

### I. Скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

### Вовед

Ракот на грлото на матката во светот учествува со 10% во вкупниот број на малигни неоплазми. Тој е дванаесетти по честота и петти по смртност на рак кај жените во светот. Заболуваат околу 490. 000 новорегистрирани случаи секоја година или 16 од 100. 000 жени годишно, а околу 9 од 100. 000 жени умираат.

Организираниот скрининг за превенција и рано откривање на ракот на грлото на матката е активност што се спроведува во повеќе држави со цел да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката. Оправданоста на спроведувањето на оваа програма се потврдува со фактот што секоја година се откриваат случаи на рак на грло на матка кај жени кои немале никакви знаци на болеста.

За успешно спроведена скрининг превенција се смета доколку во период од три години се опфатат 75% од целната популација на жени. Возрасната група на жени е од 21 до 59 години кои во последните три години не направиле пап тест.

**1. Приоритети и цели**

Главна цел е да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Северна Македонија.

**Специфични цели:**
- Зголемување на бројот на лица опфатени со организираниот скрининг;
- Подигнување на свеста кај жените за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во организираниот скрининг;
- Зголемување на бројот на гинеколози вклучени во организираниот скрининг.

**2. Показатели за успешноста за имплементација/ согледувања (наоди):**

1) скрининг опфат;
2) стапка на учество во скрининг;
3) стапка на задржување во скрининг;
4) стапка на направени ПАП тестови и на ПАП тестови незадоволителни за анализа;
5) стапка на откриени клеточни абнормалности со категоризација на наодот Бетезда систем;
6) стапка на потреба и на одговор за доиследување;
7) стапка на рак на грло на матка со дополнителна категоризација на наодот;
8) стапка на интервален наод на рак на грло на матка;
9) статус на линфни јазли и категоризација;
10) учество на скринингот во вкупен наод на рак на грло на матка;
11) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман;
12) просечно време од индикација до биопсија/ колпоскопија/ операција;
13) стапка на компликации поврзани со скрининг;
14) стапка на компликации поврзани со дополнители/ упатни прегледи од скрининг;
15) стапка на жени со позитивен ПАП тест кои имале последователна колпоскопија во рок од 3, 6, 9 и 12 месеци после индексниот ПАП тест;
16) стапка на жени дијагностицирани со инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката според времето од претходниот ПАП тест.

**2.1 Показатели за успешноста за организација/ промоција:**

- Број на настапи преку медиумите
- Број на организирани предавања и трибини
- Број на гинеколози вклучени во организираниот скрининг
- Број на гинеколози информирани за скринингот
- Број на гинеколошки ординации кои доставуваат извештаи
- Број на цитолошки лаборатории кои доставуваат извештаи
- Број на изготвени извештаи.

**3. Извршители на програмата**

- Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје
- Институт за патологија во соработка со Македонско здружение за патологија
- Цитолошки лаборатории во рамките на Клинички болници и Општи болници и приватни цитолошки лаборатории кои имаат потпишан договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствена услуга читање на ПАП тест
- Матични гинеколози на ниво на цела држава
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Министерство за здравство
- Управа за електронско здравство.
- Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство

**Гинеколошките ординации вршат:**
- поканување на жените да се вклучат во организираниот скрининг во рамки на остварување на превентивните цели
- преглед на жените со земање на материјал за ПАП тест за возрасна група од 21-59 години кои во последните три години не направиле пап тест и кои изразиле интерес во рамки на апликацијата креирана во елктронскиот систем Мој термин.
- доставување на материјалот до цитолошката лабораторија
- известување на жените за резултатот од ПАП тестот.

**Цитолошките лаборатории вршат:**
- Припрема на материјалите (ПАП тест)
- Преглед на материјалот
- Издавање на извештај за секоја пациентка.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, изготвува годишен извештај за успешност на имплементација на програмата за скрининг на рак на грло на матка и анализа на согледувања (наоди) преку мониторинг на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на задржување во скрининг; 4) стапка на направени ПАП тестови и на ПАП тестови незадоволителни за анализа; 5) стапка на откриени клеточни абнормалности со категоризација на наодот Бетезда систем; 6) стапка на потреба и на одговор за доиследување; 7) стапка на рак на грло на матка со дополнителна категоризација на наодот; 8) стапка на интервален наод на рак на грло на матка; 9) статус на линфни јазли и категоризација; 10) учество на скринингот во вкупен наод на рак на грло на матка; 11) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман; 12) просечно време од индикација до биопсија/ колпоскопија/ операција; 13) стапка на компликации поврзани со скрининг; 14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг; 15) стапка на жени со позитивен ПАП тест (HSIL+/ASC-H) кои имале последователна колпоскопија во рок од 3, 6, 9 и 12 месеци после индексниот ПАП тест; и 16) стапка на жени дијагностицирани со инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката според времето од претходниот ПАП тест [„активни“ (0,5 до 3 години), „под скринирани“ (> 3 до 5 години), и „неактивни“ (> 5 години или без историја на скрининг)] Износ во денари 100.000,00 денари.

Дополнително, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје ќе направи и анализа и толкување на селектирани клучни индикатори од скринингот со податоци добиени од прашалниците пополнети од жените учеснички во скринингот. Ќе биде направена и вкрстена анализа со актуелната морбидететна и морталитетна состојба во земјата во однос на ракот на грло на матка.

Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со ме-

дицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, годишната евалуација на програмата за скрининг на рак на грло н аматка ја поднесува во електронска форма до Националната Комисија за скрининг и рана детекција на рак на грло на матка на разгледување. Истата по усвојување од Комисијата ќе биде каталогизирана во НУБ "Св. Климент Охридски" и ќе биде објавена на веб страната на Министерството за здравство и на веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје. Износ во денари 100.000,00 денари.

Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство

Изготвување на информативни/едукативни материјали, брошури, или користење на социјалните мрежи ќе се врши со поддршка на Фондот за население на обединети нации – УНФПА во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија, Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – мобилна гинеколошка амбуланта

За функционирање на Мобилната гинеколошка амбуланта потребно е да се обезбеди технолошка, техничка, логистичка, промотивна и медицинска екипа. Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство ќе склучи договор за деловно технички соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен крст на Република Северна Македонија.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство ќе склучи спогодба со Јавна здравствена установа од која ќе се ангажираат специјалисти гинеколози во сите случаеви кога ќе нема доволно кадар за извршување на услугите кои ќе се даваат преку мобилната гинеколошка амбуланта врз основа на член 221 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21,122/21, 178/21,150/22,236/22, 199/23,236/23 и 263/23).

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство ќе доставува фактура за исплата до Министерството за здравство, врз основа на доставените извештаи, фактури од страна на Македонско лекарско друштво и Црвен Крст на Република Северна Македонија. Пропратната документација ќе биде доказ за сработеното за периодот за кој ќе се доставува фактура до Министерството за здравство и фактура за пакет на извршени здравствени услуги до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за осигурени лица.

Фактурата, извештајот и изјавата за потврда на спроведените активности се потпишуват од Директорот/ Директорите на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство.

Потребата за непречено обезбедување на здравствена заштите на жените и девојчињата е неопходна за превенција на гинеколошките заболувања и зачувување на нивното сексуално и репродуктивно здравје. мобилни гинеколошки амбуланти даваат здравствени услуги во регионите каде нема или нема доволно матични гинеколози (пред се во руралните места).

Мобилните гинеколошки амбуланти претставуваат специјално адаптирани возила за брза помош, кои имаат гинеколошки стол, ултразвучен апарат и можности за земање на разни иследувања, во кои прегледот го врши специјалист гинеколог-акушер во придружба на медицинска сестра.

Пациентките кои се закажуваат за преглед со помош на Црвениот крст на Република Северна Македонија и семејните лекари во одредената општина, добиваат целосно интегрирана здравствена услуга- бесплатен гинеколошки и ултразвучен преглед и ПАП тест со цел рано откривање на ракот на женските органи (грлото на матката, јајниците и ендометриумот).

При посетите се остварува и целта да се подигне свеста за значењето на редовните гинеколошки прегледи, препорачаните периоди за гинеколошки преглед и ПАП тест кои овозможуваат рано откривање на ракот на грлото на матката. Истовремено, пациентките добиваат и совети за планирање на семејството и безбедно мајчинство, како и информации, грижа и упатување во случај на постоење на родово базираното насилство.

Прегледите се интегрирани во електронскиот здравствен систем (Мој Термин) што овозможува дополнителни упатувања за иследувања и преглед во други здравствени установи.

Оперативното и програмското работење на двете амбулантите го реализира Македонското Лекарско Друштво во соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија.

Услугите се наменети за жени и девојки од ранливи семејства, во тешко достапни и недоволно опслужени области.

Услуги опфатени со активностите на мобилната гинеколошка амбуланта:

- партиципација за гинеколошки преглед на пациентки кои се здравствено осигурани,
- партиципација за цитолошка анализа за Цитопатолошката лабораторија од Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за здравствената услуга читање на ПАП тест за жени кои се здравствено осигурани, гинеколошки преглед за неосигурено лице и цитолошка анализа за неосигурано лице.

Трошоци поврзани со мобилна гинеколошка амбуланта во Република Северна Македонија за 2024 година, се:

- човечки ресурси - лицата кои ќе бидат ангажирани за реализација на програмските активности);
- планирање и администрација
- сметководствени услуги, набавка на потрошен канцелариски материјал);
- режиски трошоци ;
- патни трошоци (регистрација, осигурување на возило и сервис на возило, бензин/нафта/плин;
- набавка на медицински помагала и потрошен медицински материјал за корисниците на услугата;
- набавка на хигиенски материјал за корисниците на услугата и
- трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор, потребни материјали и други трошоци.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија изготвуваат извештаи кои ги доставуваат до министерство за здравство.

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство изготвува годишен извештај најдоцна до месец јуни наредна година со анализа за состојбата од претходната година. Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Годишниот извештај претходно го доставува до Националната Комисија на разгледување.

**Цена на услуга поврзани со мобилна гинеколошка амбуланта :**

| Табела: Мобилна гинеколошка амбуланта | | | |
|---|---|---|---|
| Р.Б | Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство во соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен крст на Република Северна Македонија | Посета терен/ месечно /дневно | Бруто износ (во денари) |
| 1 | Доктор специјалист гинеколог | посета терен | 3.400,00 |
| 2 | Медицинска сестра/ акушерка | посета терен | 1.500,00 |
| 3 | Хигиеничарка | посета терен | 230,00 |
| 4 | Доктор цитолог | месечно | 25.000,00 |
| 5 | Техничка поддршка IT опрема | месечно | 5.000,00 |
| 6 | Координатор на доктори | месечно | 18.000,00 |
| 7 | Административна обработка за исплата на упатите од мобилните гинеколошки амбуланти во системот на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | дневно | 300,00 |
| 8 | Координатор на медицински сестри | месечно | 9.000,00 |
| 9 | Волонтери од локална средина Промовирање на активноста на терен (делење на промотивни материјали, комуникација со локалните медиуми, општината, матичните лекари) –Црвен крст на Република Северна Македонија | дневно | 650,00 |
| 10 | Координатори од Црвен крст на Република Северна Македонија | месечно | 10.800,00 |
| 11 | Логистичка поддршка за инфраструктура на терен – Црвен крст на Република Северна Македонија | посета терен | 650,00 |
| 12 | Волонтер од локална средина Мапирање на пациенти на терен (закажување на термини на пациенти) – Црвен крст на Република Северна Македонија | дневно | 650,00 |
| 13 | Оперативен координатор Македонско лекарско друштво | месечно | 35.000,00 |
| 14 | Програмски координатор Македонско лекарско друштво | месечно | 35.000,00 |
| 15 | Македонско лекарско друштво администрација | месечно | 20.000,00 |
| 16 | Лаборант | посета терен | 1.500,00 |
| 17 | Возачи на амбулантни возила | дневно | 2.000,00 |

**Управа за електронско здравство**

Одредување група на жени кои според години на возраст ќе бидат дел од скрининг програмата. Овозможено во системот на Мој термин кај секој матичен лекар да ја нуди листата на пациенти со соодветната возраст предвидена за таа година за да може да ги контактира жените и доколку исполнуваат услови да ги закаже за ПАП – тест скрининг, одржување на веб страната www.skrining.zdravstvo.gov.mk (Пријавување на самите жени за Пап-тест),Електронско внесување на Пап-анализа од страна на матичниот лекар и Пап-резултат од страна на цитолошките лабаратории ( кои досега се воделе на хартиен образец), техничка поддршка во однос на системот на Мој термин и за матичните лекари и за лабораториите доколку имаат потреба од истата, одржување на обуки за имплементација на новиот модул за Скрининг на рак на матка, одржување на обуки за презентација на нови функционалности поврзано со фактурирањето, креирање нови корисници и ажурирање на податоци на постоечките, изготвување на извештаи за број на реализирани Пап-тестови за одредени периоди (месечни, квартални, полугодишни, годишни, кои на барање на Иститутот за јавно здравје на Република Северна Македонија и истите ќе бидат доставени за понатамошна анализа, електронски промени и надградби и нивна имплементација во системот и изготвувања на Упатства за работа и изготвување на дописи/известувања и до матичните гинеколози и до лабораториите доколку има промени во однос на Програмата за рана детекција на малигни заболувања.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на скрининг и рана детекција на грло на матка изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен Годишно (во денари) |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

**Институт за патологија - Медицински факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје**

Институт за патологија - Медицински факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, ќе врши медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови во рамки на скрининг на рак на грло на матка од сите Јавни здравствени установи и приватни здравствени установи кои имаат склучено договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ќе одржува едукативни семинари за патолози и цитотехничари на кои ќе се презентираат препораки за организација на цитолошките лабаратории, техничка подготовка на цитолошките препарати, номенклатура, класификација и диференцијална дијагностика на нормалните, реактивните, преканцерозните и малигните промени на цервикалниот епител.

### 4. Следење на реализација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

Следење на спроведувањето на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка ја врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за скрининг и рана детекција на рак на грло на матка на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје на рак на грло на матка.

**5. Финансирање на активностите и извршители:**

| Р.Б | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка | Министерство за здравство во соработка со Управата за електронско здравство – Мој термин | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија) за дополнителни трошоци за земање на ПАП тест на жени на возраст од 21-59 години кои во последните 3 години не направиле пап тест | Матични гинеколози | 1 | 200,00 |
| 3. | Партиципација за цитолошка анализа – активност за Цитолошките лабоаратории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствената услуга читање на ПАП тест за жени на возраст од 21-59 години кои во последните 3 години не направиле пап тест | Цитолошки лабоаратории во јавно здравствени установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 1 | 60,00 |
| 4. | Извештај од скрининг на рак на грло на матка (годишен извештај за претходната година)<br><br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка за 2023 година (годишна евалуација за претходната година) | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје | 1 | 200.000,00 |
| 5. | Мобилна гинеколошка амбуланта | ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство во соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен Крст на Република Северна Македонија | 1 | 2.000.000,00 |
| 6. | Медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови во рамки на скрининг на рак на грло на матка од сите ЈЗУ и ПЗУ кои имаат склучено договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | Институт патологија-Медицински факултет Скопје | 1 | 200.000,00 |

## II. Скрининг и рана детекција на рак на дојка

Ракот на дојката е најчесто малигно заболување кај жените во светот и во Република Северна Македонија. Во просек, секоја осма жена во својот животен век ќе се соочи со оваа болест. Воедно ракот на дојката е водечка причина за смртност и претставува глобален проблем. Но, со детекција и откривање на болеста во рана фаза, се намалува смртноста и до 30%. Мамографијата може да го детектира карциномот во негова предклиничка фаза. Во повеќе од 30 земји во светот постојат организирани национални програми за рано откривање на рак на дојка т.н скрининг што подразбира редовни мамографски прегледи на одреден временски интервал на жени на одредена возраст, кои се навидум здрави, односно немаат клинички симптоми на рак на дојка.

Примарна цел на раната детекција (скрининг) е намалување на смртноста од рак на дојката, подобрување на квалитетот на животот на пациентката и намалување на потребата од радиотераписки и онколошки третмани. Поради тоа Министерството за здравство, следејќи ги препораките на Европска Унија, Светската здравствена организација, како и примерите на повеќето земји во Европа, САД, Канада и Австралија, од април 2015 година започна да спроведува организиран скрининг.

Скрининг за рак на дојка значи преглед со мамографија на навидум здрави жени на одредена возраст и одреден временски интервал со цел откривање на карцином во рана фаза. Целна популација се жени кои никогаш не направиле мамографски преглед или не направиле мамографски преглед во последните две години, а се на возраст од 40-69 години. Интервалот на прегледи е две години.

Скринингот континуирано се следи со проценка на стапка на учество на поканети жени, стапка на дополнителни прегледи и детекција на рак на дојка, квалитет на опрема и персонал, со цел обезбедување квалитетно изведување на програмата.

Министерството за здравство и Националната комисија за рано откривање на рак на дојка ги следи препораките и насоките на Европската Унија

**1. Приоритети и цели**

**Главна цел**

Детекција на рак на дојка во ран стадиум на жените во Република Северна Македонија, преку спроведување на скринингот, а следејќи ги европските препораки за спроведување на организиран скрининг.

**Дополнителни цели**

Подигање на свеста на жената за значењето на редовните прегледи и раното откривање на карциномот;

Зајакнување на капацитетот на здравствените установи за спроведување на скрининг во поглед на кадар и опрема; Собирање и обработка на податоци за скринингот; Контрола на квалитетот во спроведување на скринингот; Континуирана едукација и обука за технолози и радиолози и континуирана анализа на вештините на технолозите и на поставените радиолошки дијагнози;

- Проширување на скрининг програмата во мамографските центри кои што ги исполнуваат критериумите за квалитет на апаратурата и стручната подготвеност на персоналот
- Набавка на национален ПАКС систем и Софтвер за контрола на квалитет

**2. Показатели на успешност**

Индикатори на успешност на спроведување на главната цел се:

- број на извршени снимања
- број на поканети жени во однос на вкупниот број на жени во старостниот интервал за скрининиг (40–69 год) години и ќе остане можноста жените сами да се пријавуваат на страницата без разлика на тоа дали имаат позитивна фамилијарна анамнеза
- број на жени кои се јавиле на преглед и на кои што им е направено снимање
- број на жени кои што се повикани на дополнителни медицински испитувања
- број на жени со позитивен наод
- број на жени со позитивен наод во ран стадиум
- Извештај за техничкиот и дијагностичкиот квалитет на сликите и радијационата доза.
- Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на потреба и одговор за доиследување; 4) стапка на рак на дојка со дополнителна категоризација на наодот; 5) статус на линфни јазли и категоризација; 6) стапка на интервален наод на рак на дојка; 7) учество на скрининг во наод на рак на дојка; 8) просечно време од скрининг до резултат, односно прв третман; 9) просечно време од индикација за операција и операција; 10) стапка на детекција на бенигна промена при отворена хируршка биопсија; и 11) стапка на мастектомии.

**3. Патека на жена во скрининг програма**

1. Жената добива покана со точно одреден ден, час и место на снимање - Јавна здравствена установа. На жената и е овозможено да откаже и презакаже термин за скрининг мамографија.

2. Специјалистите радиолози кои се вклучени во скринингот преку апликацијата креираат упат за мамографија РД Z12.3 Специјален скрининг преглед за неоплазма на дојка, согласно идентификацијата и мапирањето на жени од страна на управата за електронско здравство.

3. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скрининот да обезбедат и дефинираат термини (распоред за снимање во редовното работно време) за мамографија .

4. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скринингот да обезбедат и дефинираат термини и за дополнителни прегледи и тоа ехо, биопсија, и магнет на дојка (ова се однесува на Јавни здравствени установи кои ја имаат соодветната опрема и кадар за дополнителните прегледи).

5. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скринингот да достават еднаш во месецот однапред припремен план за работа и термини до Управата за електронско здравство и Министерство за здравство.

6. Жена на која е направена скрининг мамографија ќе добие одговор на смс. Жени кои имаат суспектен наод и на кои им се потребни дополнителни испитувања ќе бидат контактирани преку смс и телефонски од Јавната здравствена установа.

7. Јавните здравствени установи во кои ќе се вршат дополнителните иследувања од страна на специјалистите радиолози ќе креираат упати за понатамошни иследувања во однапред дефинирани термини.

8. Жените со потврден хистопатолошки наод за малигно заболување на дојка од биопсијата, во рок од една недела од изготвениот хистопатолошки наод се упатуваат на торакална хирургија скрининг амбуланта со упат од специјалист радиолог, за што управата за електронско здравство креира амбуланта за жена од скрининг програмата.

9. Управата за електронско здравство ја интегрира апликацијата мој термин и скрининг здравство.

10. Мамографијата е бесплатна за жената. Скрининг мамографијата се врши со радиодијагностички упат Z12.3 креиран од радиолог од скрининг програмата и Министерството за здравство ја плаќа партиципацијата за пациентот од 80,00 денари.

Радиодијагностички упат Z12.3 ќе се користи само за жени организирани во скрининг програмата.

Жените со клинички сипмтоми за промени во дојка (позитивна клиничка слика) ќе бидат упатувани согласно патеката за упатување донесена од страна на Министерството за здравство.

Пропратната документација ќе биде доказ за сработеното за периодот за кој ќе се доставува фактура до Министерството за здравство и фактура за пакет на извршени услуги до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за осигурени лица.

Министерство за здравство ќе плаќа и услуга за жени во скрининг мамографија за неосигурено лице.

Потребните понатамошни испитувања (ехо, биопсија, магнет на дојка, бележење на дојка и галактографија) се вршат со упат креиран од радиолог во Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин), а партиципацијата ја плаќа жената.

11. Скрининг за жени од 40 до 69 години ќе имаат можност да се пријават самостојно на веб сајтот www.skrining.zdravstvo.gov.mk.

Се воведува прашалник за жените опфатени во скрининг програм кој ќе биде електронски достапен на веб сајтот www.skrining.zdravstvo.gov.mk.

12. Јавните здравствени установи и матичните доктори треба да обезбедат и олеснат промоција на националната превентивна програма во своите простории со достапни комуникациски материјали и алатки кои се дел од превентивната програма.Тие треба да обезбедат најмалку 25% од просторот и инфраструктурата наменети за информирање и рекламирање во просториите на здравствените установи (рамки за постери, брошури, билборди, LCD дисплеи...) да бидат наменети за бесплатна промоција на националната превентивна програма за скрининг за рана детекција на рак на дојка.

**4. Активности на извршители**

Управа за електронско здравство

- Повикување на целната група жени, закажување на жени, креирање на одговори, мапирање на општини, креирање на корисници и ажурирање на постоечките во апликацијата скрининг, техничка подршка на скринингот,
- Управата за електронско здравство го воспоставува системот за електронско управување со програмата за скрининг преку дефинирање, изградба, одржување и унапредување на софтверско решение. Системот е интегриран со Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин), систем во кој покрај податоците за пациентите, се водат податоци за сите здравствени установи и здравствениот кадар кој работи во нив. Системот е поделен во функционални модули кои ги опфаќат сите сегменти на процесот на скрининг започнувајќи од планирање на програмата, креирање и испраќање на покани, внесување на податоци за извршено снимање, испраќање на одговори до снимените жени како и овозможување на натамошни упатувања. Преку системот се формира т.н. мамографско досие за секоја жена кое претставува основа за формирање на Регистер за скрининг
- Управата за електронско здравство дава поддршка на Националната комисија и Министерството за здравство и во останатите сегменти, како што се уредување на веб страница, организирање на едукации, работилници и други настани поврзани со скринингот.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на дојка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен Годишно (во денари) |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

**Мамографија - снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 години**

**Јавни здравствени установи- Мамографски центри**

Јавните здравствени установи кои имаат мамографски кабинет опремени со дигитални мамографски апарати се учесници во Националната програма. Во овие центри корисниците имаат улога за подготовка на целокупниот административен процес за мамографија во установата, евидентирањето на жената која е дојдена на снимање и го врши самото снимање, радиолошки технолог кој внесува медицински податоци во прашалникот и врши снимање и радиологот кој го внесува медицинскиот извештај (мислење) за снимената жена. Јавните здравствени установи се одговорни за обезбедување на услови за работа и контрола на квалитет на опремата во мамографскиот центар.

Програмата скрининг за рана детекција на рак на дојка ја спроведуваат Јавни здравствени установи кои ги исполнуваат условите во однос на простор, опрема , кадар.

Проширувањето на мамографски центри за скрининг мамографија снимање зависи од исполнетоста на условите поставени од Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка.

- Прво извршена контрола на апаратот просторот кои ја прават физичарите од Институт за јавно здравје за што се доставува извештај до националната комисија
- Обука на радиолошки технолози на Универзитетски Институт за радиологија извршена од страна на радиолошки технолог од Универзитетски Институт за радиологија кој доставува извештај до Националната Комисија за исходот од обуката и подготвеноста на радиолошки технолози кои поминале обука да се вклучат во скрининг мамографија.

**Одговорен и референтен центар - ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија - Скопје**

ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија како извршител ја спроведува скрининг и рана детекција на рак на дојка согласно насоките и задачите дадени од Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка при Министерството за здравство и во соработка со Управата за електронско зравство, со цел да ја постигне нејзината цел - намалување на смртноста кај целната популација на жени.

ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија да го следи концептот за имплементација на програмата за скрининг и рана детекција на рак на дојка и дефинираните професионални критериуми во однос на организацијата на програмата.

При спроведувањето на програмата Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и Институт за радиологија се водат согласно насоките и препораките на Европската Унија (ЕЦИБЦ) и Словенија.

Радиолозите да ги извршуваат задачите во редовно работно време согласно календарот на активности за секој лекар специјалист.

Радиолошкиот технолог, техничкото лице/аминистратор и одговорното лице за финансиско-правните работи да ги извршуваат задачите во редовно работно време.

ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија во соработка со Национална комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и Министерство за здравство, а согласно насоки и план доставен од страна на Министерство за здравство ги спроведува следните активности:

- подготвува прирачник за скрининг програмата.
- спроведува стандарди за работа на носителот на програмата, упатства кои се согласно Стандардни оперативни процедури (СОП). Како составен дел од нив се Протоколите и анексите кои се приложени кон упатствата на програмата,
- составува прирачник за потребен простор за апаратура, простор за амбуланта, опрема и кадар

- составува насоки и патека за преглед на жената (дијагностички и скрининг преглед),
- изготвува план за термини за скрининг мамографски преглед, ехо, биопсија, бележење и магнет на дојка,
- во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија континуирано ги ажурира радиолошките услуги за преглед на дојка,
- континуирано го следи спроведувањето на програмата во ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија,
- планира и развива капацитети (персонал, опрема, простории) согласно потребите за спроведување на скрининг програмата,
- врши доедукација, едукација и обука на радиолошки технолози и специјалисти радиолози,
- врши контрола на квалитет на интерпретација на скрининг мамографијата, контрола на навремено интерпретирање на скрининг мамографија, контрола на патот на жената од скрининг мамографија до третман и
- составува упатство/а, протокол за квалитет на мамографска слика.

Според упатствата мамограмите добиени во скрининг програма мора редовно да се евалуираат, за да се осигура дека квалитетот на добиените слики е над 75% од оценката 1 (совршена и добра) и помала од 3% од оценката 3 (несоодветна).

ЈЗУ Универзитетски институт за Радиологија – Скопје ги врши сите дијагностички модалитети потребни и тоа: мамографија, ехо на дојка, биопсија, предоперативно бележење, галактографија и магнет на дојка, соодветно ги архивира мамографиите и податоците за жената и континуирано ги информира жените за скрининг програмата (информативен материјал, постери итн.).

Начин на фактурирање на услугите - Одговорен и референтен центар - ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија – Скопје.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствената установа, извршител на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите .

Во прилог на фактурите здравствената установа има обврска да достави:

Фактура, извештај и изјава до Министерство за здравство за тимот кој ќе ги извршува горенаведените активности со кој ќе склучи поединечни договори со лицата вработени во ЈЗУ Универзитетски Институт за радиологија и ќе склучи поединечни договори со извршители радиолози супспецијалисти кои се дел од Национална комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и кои учествуваат во скринингот на дојка а не се вработени во Универзитетски Институтот за радиологија.

**Специјалисти радиолози**

Во програмата се вклучени специјалисти радиолози со дополнителна едукација субспецијализација за радиодијагностика на дојка или последипломски студии поврзани со радиодијагностика на дојка и минимум 700 прочитани мамографии годишно.

**Радиолошки технолози**

Во програмата се вклучени радиолошки технолози со работно искуство и помината едукација за снимање – мамографија и се задолжени за пополнување на прашалникот за жената во скрининг дојка и административно-техничка подршка на специјалистот радиолог.

Цена на услуга за активности поврзани со снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 години изнесува:

| Табела: Снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 годинии партиципација | | |
|---|---|---|
| | Извршители | Единечна цена во (мкд) денари |
| 1. | Специјалисти радиолози - интерпретација на мамографска слика | 300,00 |
| 2. | Радиолошки технолози - снимање | 100,00 |
| 3. | Министерство за здравство – партиципација | 80,00 |
| 4. | Министерство за здравство – неосигурани лица согласно референтна цена на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 1.075,00 |

**Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Министерството за здравство од програмата ја плаќа партиципацијата за жената во износ од 80,00 денари на Јавната здравствена установа вклучена во скринингот. Скрининг мамографијата се врши со радиодијагностички упат Z12.3 креиран од радиолог.

Пропратната документација ќе биде доказ за сработеното за периодот за кој ќе се доставува фактура до Министерството за здравство и фактура за пакет на извршени услуги до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за осигурени лица.

Фактурата и извештајот електронски се генерира во модулот скрининг дојка.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје спроведува годишна евалуација на организацијата на програмата за скрининг на рак на дојка во тековната година за секоја претходна година. Евалуацијата на програмата за скрининг на рак на дојка ги обработува динамичките промени во имплементацијата на истата во однос на: 1) промени во здравствената политика од интерес за спроведување на скринингот на ракна дојка; 2) состојба со здравствен кадар од интерес за скрининг на рак на дојка; 3) буџет – покриеност на активности и евентуални целни потреби од зголемување; 4) динамика на целна група, индицирање на потенцијални диспаритети и опфат на скринингот; 5) мамографски центри – состојба во однос на опрема, услови, кадар; 6) мамографски центри – приказ на контрола на квалитет и регистрирање на дози; 7) остварувања/препреки на патеката на жената во скрининг за рак на дојка; 8) предности/недостатоци во организацијата на скринингот (повикување, закажување, читање, чување на податоци); 9) посочувања на донесени решенија/протоколи од Комиси-

јата; 10) согледувања според БИ-РАДС класификација; и 10) согледувања и препораки со цел за доближување на скринингот кон повисоки организациони аспекти согласно меѓународно прифатени критериуми.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, годишната евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка изготвена во тековната година за претходната година ја поднесува во електронска форма до Националната Комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка на разгледување. Истата по усвојување од Комисијата, ќе биде калогизирана во НУБ "Св. Климент Охридски" и ќе биде објавена на веб страната на Министерството за здравство и на веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје. Износ во денари 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, изготвува годишен извештај за успешност на имплементација на програмата за скрининг на рак на дојка и анализа на согледувања (наоди) преку мониторинг на клучни индикатори селектирани согаласно ЕУ прописи. Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на потреба и одговор за доиследување; 4) стапка на рак на дојка со дополнителна категоризација на наодот; 5) статус на линфни јазли и категоризација; 6) стапка на интервален наод на рак на дојка; 7) учество на скрининг во наод на рак на дојка; 8) просечно време од скрининг до резултат, односно прв третман; 9) просечно време од индикација за операција и операција; 10) стапка на детекција на бенигна промена при отворена хируршка биопсија; и 11) стапка на мастектомии.

Дополнително, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје ќе направи и анализа и толкување на селектирани клучни индикатори од скринингот со податоци добиени од прашалниците пополнети од жените учеснички во скринингот.

Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј– Скопје, годишната евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка ја поднесува во електронска форма до Националната Комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка на разгледување. Истата по усвојување од Комисијата ќе биде калогизирана во НУБ "Св. Климент Охридски" и ќе биде објавена на веб страната на Министерството за здравство и на веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје. Износ во денари 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј - Скопје – во рамките на Национален скрининг регистар за рак на дојка, согласно ЕУ прописите, ќе ги дефинира и мониторира: 1) клучните индикатори за имплементација на програмата за скрининг на рак на дојка; 2) клучните индикатори за наодите од скринингот и ефикасноста при неговото спроведување; и 3) клучни информации со потенцијална предиктивна улога за резултатите од скринингот. Дополнително, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје ќе врши анализа согласно ЕУ прописите на дефинираните клучни индикатори и клучни информации споменати погоре, и ќе дава експертско толкување на истите и насоки за интервенција. Согледувањата од скринингот ќе ги вкрстува со актуелните морбидитетни и морталитетни податоци за ракот на дојка во земјата со интенција за проценка на сензитивност на процесот. Во согласност со Министерството за здравство и Комисијата согледувањата и резултатите од анализите ќе бидат преточени во научни публикации од интерес за земјата.

За активностите во рамките на Национален скрининг регистар за рак на дојка, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје тесно ќе соработува со Управата за електронско здравство за потребните податоци од интерес.

Податоците од програмата за скрининг на карцином на дојка се чуваат во систематски регистар за скрининг заснован на податоците за број на население, база на податоци за регистар за скрининг на рак на дојка , која собира и ажурира поединечни податоци, како што е препорачано во упатствата на ЕУ [6,15,16]. Сеопфатни податоци за целната популација се добиени од Централниот регистар на население на Република Северна Македонија кој се ажурира секојдневно (комплетни информации за возраста, виталниот статус и местото на живеење). Дополнително, регистарот за скрининг има секојдневно ажурирана е-врска со базата на податоци на Регистар за рак (информации за рак на дојка) на Република Северна Македонија и со Регистарот на просторни единици (комплетни информации за живеалиштето). Следењето на програмата за скрининг е олеснето со посебен софтверски систем за документација, специјално дизајниран за програмата за борба против рак на дојка. Податоците на секој чекор во процесот на проверка се регистрирани и достапни за евалуација преку овој софтвер, кој полуавтоматски генерира параметри за изведба и вклучува функционалност за безбедност во некои модули. Програмот е поврзан со болничкиот и радиолошки информациски систем во РИС и ПАКС - архивирање на слики и комуникациски систем (RIS и со Picture Archiving and Communication

System PACS). Сите скрининг слики се зачувани во централниот ПАКС (PACS). Сите мобилни и стационарни единици треба да користат соодветен софтвер за испраќање слики до ПАКС (PACS) преку широка мрежа. Износ во денари 100.000,00 денари.

**Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство**

Изготвување на информативни/едукативни материјали, брошури, или користење на социјалните мрежи ќе се врши со поддршка на Фондот за население на обединети нации – УНФПА во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка во Република Северна Македонија.

**Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Обезбедување на квалитет и контрола**

Контрола на квалитет треба да обезбеди:

Мамографската апаратура да овозможи најдобра можна слика со најниски можни дози на зрачење, согласно принципите на ALARA (оптимизирање на мамографската апаратура).

Истата се изведува: како редовна процедура; после зафати за редовно одржување и после извршени поправки на системот за мамографија.

Се изведуваат редовни контроли на квалитет според даден протокол за тестирање на:

- квалитетот на мамографскиот апарат,
- дозата на зрачење кај пациентите,
- техниката на радиографското снимање,
- квалитетот на радиографската слика и
- контрола на квалитет на мониторите на професионалните работни станици кај радиологот.

Контролата на квалитет на мамографската апаратура, регистрирање на зрачните дози кај пациентите и контролата на квалитет на мониторите на професионалните работни станици ја врши медицински физичар од Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

Контрола на техника на радиографското снимање и квалитетот на мамографските слики ја вршат специјалист радиолог и радиолошки технолог.

Согласно член 7 од Правилникот за начинот и роковите на испитување на изворите на јонизирачко зрачење, мерење на изложеноста на пациентите при дијагностички и терапевтски постапки, водење на евиденција и поднесување на извештаи („Службен весник на Република Македонија” бр. 126/10), мерењето на изложеноста на пациентите при дијагностички и терапевтски постапки се врши преку мерење на дозата на зрачење со соодветни мерила (дозиметри, dose area product meters и сл.) или проценка на дозата согласно параметрите кои се користени при постапката (вид и енергија на зрачењето, време на изложување на пациентот, јачина на струјата, проекција на снимањето, број на дијагностички или терапевтски постапки и сл.)

Обработката на податоците од редовните мерења на зрачните дози, контрола на квалитетот на слика, перформасните на апаратите, техниката на снимање и слично, ќе се врши со напредна компјутерска технологија по обезбедување на истата со софтвер кој што автоматски ќе ги собира и следи овие параметри ( DoseTracking and Management System) кој ќе овозможува централен технички мониторинг на квалитететот на програмата за скрининг на ракот на дојка, контрола на квалитетот на апаратите, зголемена стабилност, сигурност и квалитет на слика и контрола на дозите.

Деталните информации обезбедени од софтверот за мониторинг на дозата имаат цел да овозможат најдобар можен квалитет на сликата, притоа минимизирајќи ја изложеноста на радијација на пациентот преку оптимизација на мамографските уреди како однос од најдобра можна слика со најмала можна доза,

По набавка на софтверот ќе се следат параметри на мамографските апарати како дел од редовната контрола на квалитет.

Добиените информации од софтверот за мерење и следење на зрачните дози дополнително ќе се евидентираат во посебен протокол утврден со државната програма за обезбедување квалитет за мамографски скрининг, изработен од страна на стручни лица ( радиолог, технолог, физичар со специјализација по медицинска физика, а по насока на Националната комисија за скрининг и истиот треба да биде усвоен од Министерството за здравство.

Дневни и седмични тестирања на апаратурата ќе ги изведуваат радиолошките технолози во мамографските центри и податоците од истите ќе се превземаат директно електронски со помош на софтвер кој треба да биде обезбеден за потребите на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија за понатамошна обработка и анализа и изготвување на извештаи.

Контролата на квалитет на слика ја спроведува медицински физичар, специјално обучен од областа на контрола на квалитетот на мамографијата заедно со радиолошки технолог и радиолог.

Со помош на добиени податоци ќе се изготвуваат квартални или шест месечни извештаи.

Годишни тестирања на апаратурата во мамографските центри, процена на дозите на пациентите и контрола на квалитет на мониторите ќе бидат изведувани од страна на стручен тим од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, според утврден протокол за контрола на квалитет.

| Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Активност | Количина | Единечна цена |
| | Обезбедување на квалитет и контрола | 1 | 5.000,00 |

**Институт за патологија – Скопје**

Институт за патологија спроведува јавна набавка за тестови за анализа на материјал од биопсија. Резултатите од биопсијата – хистопатолошкиот наод се внесува во Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин).

## 5. Финансирање на активностите и извршители

| Р.Б | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скриниг програма дојка | Министерство за здравство и Управа за електронско здравство | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка за 2023 година – (годишна евалуација за претходната година)<br>Извештај од скрининг на рак на дојка - (годишен извештај за претходната година)<br>Национален Регистар за скрининг на рак на дојка | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, , Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 3. | Мамографија интерпретација на слики скрининг за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 300,00 |
| 4. | Мамографија снимање скрининг за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 100,00 |
| 5. | Мамографија партиципација за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 80,00 |
| 6. | Обезбедување на професионална и логистичка поддршка на Националаната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и Министерство за здравство | Референтен Центар- Јавна здравствена установа- Универзитетски институт за радиологија - Скопје | 1 | 1.000.000,00 |
| 7. | Контрола на квалитет на мамографски центри во јавно здравствени установи | ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 5.000,00 |
| 8. | Набавка на тестови за анализа на биопсии од суспектни лезии добиени од скринингот | Институт за патологија - Скопје | 1 | 100.000,00 |

**6. Следење на реализација на Програмата**

Следење на спроведувањето на активностите ги врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје.

**III. Скрининг и рана детекција на рак на дебело црево**

**1. Цел на активност за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево**

Цел на активноста за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево е намалување на морбилитетот и морталитетот на населението во Република Северна Македонија од рак на дебело црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебело црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за самата програма.

Да се намали морталитетот со колоректален карцином. Да се редуцира инциденцата на колоректален карцином. Да се зголеми пропорцијата на рано откриени на колоректален карцином од 14% до повеќе од 50% за 10 години. Да се подобри квалитетот на живот на пациенти со колоректален карцином и да се намали трошокот за третман од заболени од колоректален карцином.

**2. Индикатори за спроведување на активноста за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево**

1) скрининг опфат;
2) стапка на учество;
3) стапка на задржување;
4) стапка на откриени абнормалности со категоризација на наодот;
5) стапка на потреба и на одговор за доиследување;
6) стапка на рак на дебело црево со дополнителна категоризација на наодот;
7) стапка на интервален наод на рак на дебело црево;
8) статус на линфни јазли и категоризација;
9) учество на скринингот во вкупен наод на рак на дебело црево;
10) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман;
11) просечно време од скрининг индикација до операција;
12) стапка на компликации поврзани со скрининг (перфорација, крварење итн);
13) индицирани денови хоспитализација после скрининг;
14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг;
15) стапка на дијагностицирани со бенигни промени во дебело црево и категоризација на наодот и
16) стапка дијагностицирани со карцином на дебело црево и категоризација на наодот.

**3. Извршители на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево**

- Министерство за здравство,
- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,
- Управа за електронско здравство,
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје,
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија и други здравствени установи кои ќе бидат вклучени во скринингот и
- матични доктори.

**4. Спроведување на скрининг колоноскопија**

Преку Националниот систем за електронска евиденција ќе се обезбеди список на пациенти кои наполниле 50 години кој редовно ќе се обработува.

Согласно потребите и капацитетите по препорака на националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево списокот ќе се дополнува (и со предвидената возраст).

Идентификувани ќе бидат пациенти со просечен ризик за колоректален карцином кои ќе бидат опфатени со програмата на возраст од 50 до 75 години, а кај кои досега согласно достапните податоци од Националниот систем за електронска евиденција не се евидентирани следните состоби :

Пациенти кои веќе се вклучени во дијагностички или терапевтски третмани за колоректален карцином: полип на дебело црево (К63.5), улцеративен колитис (К51), Кронова болест (К50), малигна неоплазма на колон (С18); состојби кои можат да предизвикаат окултни крвавења и активни хемороидални крвавења, пациенти кои претходно имаат отстрането аденоми со колоноскопија, пациенти кои имаат направено колоноскопија во изминативе 3 години со доказ дека резултатите се уредни.

**5. Министерство за здравство и Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Министерството за здравство ќе врши планирање, координација и следење на целокупните активности поврзани со скринингот и финансирање на активностите предвидени со програмата. Програмата за скрининг на рак на дебело црево ќе се спроведува согласно насоки на Националната комисија за спроведување на Програмата за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево во Министерството за здравство, која ќе врши и стручен надзор на спроведување на скрининг колоноскопија, и ќе му предлага на министерот за здравство насоки за организација, координација и следење на Програмата.

**6. Цена на услуга за активности поврзани со скрининг колоноскопија за јавна здравствена установа изнесува:**

| Табела: Скрининг колоноскопија и партиципација | | |
|---|---|---|
| | Извршители | Единечна цена во (мкд) денари |
| 1. | Тим во Јавна здравствена установа (спец. гастроентерохепатолог,медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг колоноскопија надвор од работно време | 5.000,00 |
| 2. | Министерство за здравство пакет за неосигурени лица | 4.500,00 |
| 3. | Министерство за здравство партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа :АИМ23 , АИМ34 и АГЕХ4 | 450,00<br>700.00<br>550.00 |

**7. Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Министерството за здравство од програмата ја плаќа партиципацијата за пациентот во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа пакети АИМ23, АИМ34 и АГЕХ4, за осигурени лица и цена на услуга за неосигурени лица во износ од 4.500.00 денари.

| Пакет | Метода | Референтна цена во денари | Партиципација во денари |
|---|---|---|---|
| АИМ23 | Колоноскопија ( тотална) | 4.500 | 450.00 |
| АИМ34 | Колоноскопија со анестезија | 6.750 | 700.00 |
| АГЕХ4 | Колоноскопија со биопсија | 5.620 | 550.00 |

**8. Скрининг колоноскопија се врши со упат од избран лекар ОБРАЗЕЦ СУ3, дијагностичка процедура**

Пропратната документација ќе биде доказ за сработеното за периодот за кој ќе се доставува фактура до Министерството за здравство и фактура за пакет на извршени услуги до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за осигурени лица.

Фактурата и извештајот електронски се генерира во Националниот систем за електронска евиденција за скрининг колоноскопија.

**9. Управа за електронско здравство**

Управата за електронско здравство ќе обезбеди листа на пациенти кои треба да бидат повикани од својот матичен доктор на скрининг колоноскопија. Листата ќе содржи податоци за пациентот и за неговиот матичен лекар. Управа за електронско здравство ќе ги испрати до матичните лекари изготвените листи на пациенти.

Управата за електронско здравство ќе подготви апликација за регистар за скрининг на рак на дебело црево, ќе изврши едукација за негова имплементација и користење.

Управата за електронско здравство во системот на Мој термин кај секој матичен лекар да ја нуди листата на пациенти со соодветната возраст предвидена за таа година за да може матичниот доктор да ги контактира пациентите и доколку пациентот ги исполнуваaат услови да ги закаже за скрининг колоноскопија.

Да овозможи електронско внесување на прашалникот кој треба да се пополни од страна на матичниот лекар и и упатствата за прочистување за пациентот.

Да овозможи прикачување на резултат и пополнување на образец дефиниран од националната комисија.

Да овозможи техничка поддршка во однос на системот на Мој термин и за матичните лекари и за здравствените установи доколку имаат потреба од истата, одржување на обуки за имплементација на новиот модул за Скрининг на рак на дебело црево.

Да одржува обуки за презентација на нови функционалности поврзано со фактурирањето, креирање нови корисници и ажурирање на податоци на постоечките, изготвување на извештаи за реализирани скрининг колоноскопии за одредени периоди (месечни, квартални, полугодишни, годишни, кои на барање на Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје и Министерството за здравство ќе бидат доставени за понатамошна анализа, електронски промени и надградби и нивна имплементација во системот и изготвување на Упатства за работа и изготвување на дописи/известувања и извршителите на програмата доколку има промени во однос на Програмата за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево рана детекција на малигни заболувања.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на скрининг и рана детекција на дебело црево изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен Годишно (во денари) |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

**10. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје**

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, изготвува годишен извештај за успеш-ност на имплементација на програмата за скрининг на рак на дебело и анализа на согледувања (наоди) преку мониторинг на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектира-ните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на задржување во скрининг; 4) стапка на откриени абнормалности со категоризација на наодот; 5) стапка на потреба и на одговор за доиследување; 6) стапка на рак на дебело црево со дополнителна категоризација на наодот; 7) стапка на интервален наод на рак на дебело црево; 8) статус на линфни јазли и категоризација; 9) учество на скринингот во вкупен наод на рак на де-бело црево; 10) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман; 11) просечно време од индикација до операција; 12) стапка на компликации поврзани со скрининг (перфорација, крварење итн); 13) индицирани денови хоспитализација после скри-нинг; 14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг; 15) стапка на мажи/жени дијагностицирани со бенигни промени во дебело црево и категоризација на наодот; 16) стапка на мажи/жени дијагностицирани со карцином на дебело црево и категори-зација на наодот; износ во денари 100.000,00 денари.

Дополнително, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје ќе направи и анализа и толкување на селектирани клучни индикатори од скринингот со податоци добиени од прашал-ниците пополнети од учесниците во скринингот. Ке биде направена и вкрстена анализа со ак-туелната морбидететна и морталитетна состојба во земјата во однос на ракот на дебело црево.

Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Меди-цинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство.Институтот за епидемиологија и биостатистика со меди-цинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методи – Скопје, го-дишната евалуација на програмата за скрининг на рак на дебело црево ја поднесува во елек-тронска форма до Националната Комисија за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево на разгледување. Истата по усвојување од Комисијата ќе биде каталогизирана во НУБ “Св. Кли-мент Охридски“ и ќе биде објавена на веб страната на Министерството за здравство и на веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Меди-цинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје.

Информатичкиот систем на Управата за електронско здравство (УЕЗ) собира и генерира специфични податоци, и обезбедува сеопфатна информатичка поддршка која е на располагање на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, во спроведувањето на нивните активности во рамките на скрининг програмата.

Податоците од јавните здравствени установи каде се изведува скрининг колоноскопија, ја образуваат основата на електронската база на релевантни податоци произлезени од програмата за скрининг на рак на дебело црево која Управата за електронска евиденција постојано ја надградува со нови кои во континуитет се генерираат во нив. Износ во денари 100.000,00 денари.

| **Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет , Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.б | активност | кол | Единечна цена во денари | Вкупен износ во денари |
| 1. | Годишен извештај за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево<br><br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка за 2023 година – (годишна евалуација за претходната година) | 2 | 100.000,00 | 200.000,00 |

**11. Матични доктори**

Матичните лекари во примарната здравствена заштита, ќе ги информираат своите пациенти за можноста за скрининг колоноскопија и ќе ги советуваат да направат скрининг колоноскопија, врз основа на листата на пациенти креирана преку Националниот систем за електронска евиденција.

Матичниот доктор обавува разговор телефонски/и или во лично присуство на пациентот во ординацијата на матичниот доктор со што пациентот се информира за придобивките од скрининг колоноскопијата.

Матичниот доктор во системот пополнува прашалник за одредување на нивото на ризик за колоректален карцином (цел на овој популациски-базиран скрининг се лицата со просечен/среден ризик; предлог прашалникот е креиран електронски).

Матичниот доктор врши регистрација во системот на Мој термин дали пациентот прифаќа/не прифаќа скрининг колоноскопија (евиденција дека било разговарано со него и му било посочено за придобивката од скрининг колоноскопија).

Доколку пациентот се согласи: матичниот доктор закажува термин во амбуланта за скрининг колоноскопија во соодветна здравствена установа во која се врши скрининг колоноскопија.

Креирање упат за колоноскопија од страна на матичниот доктор ,при што упатството за прочистување ќе се генерира веднаш со добивањето на термин за скрининг колоноскопија.

Да се генерираат два вида на упатства за прочистување: едно за пациентти со термин до 12 часот, и упатство за пациенти со термин после 12 часот.

Управата за електронско здравство треба да овозможи посебни термини за пациентите за скрининг колоноскопија.

Матичните доктори за секое регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија, а врз основа на електронски креирана фактура, извештај и изјава во националниот систем за електронска евиденција, ќе фактурираат на Министерството за здравство.

Фактурата, извештајот и изјавата за потврда на спроведените активности се потпишуват од Директорот на Приватната здравствена установа. Цена на услуга изнесува 100.00 денари од пациент.

| **Приватни здравствени установи – матични доктори** | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б | Активност | Количина | Единечна цена во денари |
| 1. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои дале согласност за скрининг колоноскопија | 1 | 100.00 |
| 2. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои не дале согласност за скрининг колоноскопија | 1 | 50.00 |

**12. Јавна здравствена установа – скрининг колоноскопија**

Земајќи ги во предвид просечното времетраење на самиот преглед; времето потребно за сместување на пациентот, негова подготовка и краток разговор со докторот и медицинската сестра; потпишување на Информирана согласност за прегледот; аплицирање на венска линија во случај на потреба од седација; пишување на писмен извештај за направениот преглед и времето потребно за местење на апаратот и дезинфекција после завршен преглед, во една смена во редовно работно време од 09.00 – 15.00 часот можат да бидат предвидени 7 термини за колоноскопија, а 5 термини во попладневна смена (дополнителна работа) од 15.00 – 20.00 часот, доколку за дополнителни термини има потреба.

Со цел поголемо учество на пациентите кон скрининг програмата да се земе во предвид опција за свесна седација.

Јавната здравствена установа а врз основа на електронски креирани фактура, извештај и изјава во националниот систем за електронска евиденција, ќе фактурира на Министерството за здравство.

Фактурата, извештајот и изјавата за потврда на спроведените активности се доставуваат до Министерство за здравство потпишани и архивирани.

**13. Финансирање на активностите и извршители**

| Р.Б | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево | Управа за електронско здравство, Министертство за здравство | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка за 2023 година – (годишна евалуација за претходната година)<br>Годишен извештај за скрининг на рак на дебело црево | Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет , Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје | 1 | 200.000,00 |
| 3. | Тим во Јавна здравствена установа (спец.гастроентерохепатолог,медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг колоноскопија надвор од работно време | Јавни здравствени установи скрининг колоноскопија | 1,00 | 5.000,00 |
| 4. | Пакет за неосигурени лица скрининг колоноскопија | Министерство за здравство | 1 | 4.500,00 |
| 5. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа : АИМ23 | Министерство за здравство | 1 | 450,00 |
| 6. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа : АИМ34 | Министерство за здравство | 1 | 700,00 |
| 7. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АГЕХ4 | Министерство за здравство | 1 | 550,00 |
| 8. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои дале согласност за скрининг колоноскопија | Матични доктори | 1 | 100,00 |
| 9. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои не дале согласност за скрининг колоноскопија | Матични доктори | 1 | 50,00 |

**14. Следење на реализација на Програмата**

Следење на спроведувањето на оваа програма, ја врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дебело црево на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје и истиот се објавува на веб страната на Министерството за здравство.

**IV. Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести - Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје**

1. Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј - Скопје согласно препораките на Светската здравствена организација, Европскиот центар за контрола на болести и Европската Унија спроведува годишни национални студии за болестите од најголем јавно здравствен интерес за населението и здравствените авторитети во Република Северна Македонија. Националните студии се однесуваат најчестите малигни заболувања (рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, и рак на кожа), како и на кардиоваскуларните болести. Болестите од интерес за студиите се водечки од аспект на учеството во вкупниот морталитет и морбидитет во земјата. Според дизајнот се работи за аналитички студии на пресек кои го обработуваа морбидитетот и морталитетот на секое од горе споменатите заболувања поединечно како и нивната развојна тенденција.

Извор на податоци за Националните студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија се единствените бази за морбидитетни податоци на Управата за електронско здравство, и на морталитетни податоци на Државниот завод за статистика. Анализата на морбидитетот се однесува на сите лица кои во периодот 2015-2023 година се регистрирани во системот за електронска евиденција во здравството – Мој термин со едно од селектираните заболувања. За анализата на морталитетот опфатен е периодот 2014-2023 година и за оваа цел се користата податоците добиени од потврдите за смрт регистрирани во Државниот завод на статистика во селектираниот период.

Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија имаат за цел да обезбедат: а) увид во грубата и стандардизирана стапка на инциденција според возраст (ASIR); б) увид во грубата и стандардизирана стапка на морталитет според возраст (ASMR); в) дистрибуција на грубите и стандардизирани стапки на морбидитет и морталитето според региони како и значајноста на утврдените разлики; г) анализа на сигнификантноста на разликите во морбидитетот/морталитетот од овие заболувања според возраст како и во однос на возрасни групи под/над 50 години; д) утврдување на просечната годишна процентуална промена и годишна процентуална промена на секое од заболувањата поединечно; ѓ) учеството на секоја од болестите во вкупниот морталитет, морталитетот од неоплазми, и морталитетот според пол; е) споредба на состојбата на морбидитетот/ морталитетот од селектираните болести во Република Северна Македонија со проценките на Глобокан (GLOBOCAN) 2020 за земјите од Европскиот континент; ж) утврдување на значајност на разликите меѓу грубата стапка на морбидитет/морталитет според националност, место на живеење, образование итн.

Добиените податоци од Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија имаат за цел градење на традиција на публикување на континуирани годишни научни истражувања за состојбата со малигномите и кардиоваскуларните заболувања. Истовремено овие студии укажуваат на податоци од непроценлива важност за јавноста и здравствените авторитети во земјата. Тие претставуваат основна алатка за креирање на превентивни стратегии и помагаат за профилирање на земјата во светските бази на научни следења што овозможува споредба со другите земји.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, изготвените Национални студии ги каталогизира во Националната универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" и ги поднесува во електронска верзија. Со цел за достапност на овие научни студии за истражувачки, академски, здравствено-политички и информативни цели, тие се објавуваат на веб страната на Министерството за здравство, веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј - Скопје и на веб страната на Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј , Скопје.

Управата за електронско здравство на обезбедува бази на податоци за заболени лица од рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, и рак на кожа), како и на заболени од кардиоваскуларните болести според селектирани параметри за периодот 2015-2023 година. Во рамките на одржувањето на веб страната на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј – Скопје, Управата за електронско здравство ги објавува и Националните студии.

**2. Финансирање на активностите и извршители :**

| Р.Б | Активности | Извршители | Количина | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Национална студија за рак на матка | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 2. | Национална студија за рак на дојка | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 3. | Национална студија за рак на простата | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 4. | Национална студија за рак на дебело црево | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 5. | Национална студија за рак на црн дроб | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 6. | Национална студија за рак на кожа | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 7. | Национална студија за рак на бели дробови | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 8. | Национална студија за кардиоваскуларни болести | Институт за Епидемиологија и Биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |

Начин на фактурирање на услугите - Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј- Скопје.

Во прилог на фактурите има обврска да достави: пресметка и извештај за спроведените активностите

**V. Активности за превенција и рана дијагностика на рак на црн дроб во рамките на новоотворениот центар за болести на црн дроб**

1. ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија од 2021 година активно е вклучена во реализација на единствена национална стратегија, со развивање на програма за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на Центарот за болести на црн дроб.

Во рамките на европскиот план за борба против ракот, посебен акцент беше ставен на хепатоцелуларниот карцином како трета најчеста причина за смртност од малигна болест во светот, со што беше покрената иницијатива за активно вклучување на сите засегнати страни кои ќе превземат активности кон превенција, дијагностика и справување со целокупниот третман на хепатоцелуларниот карцином, што резултираше со потпишување на „1ва Национална Декларација за рак на црниот дроб како дел од Европскит план за борба против ракот" во јули 2021 година.

Во Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања за 2022 година, беа обезбедени средства за набавка на тестови за рана детектиција на рак на црн дроб (PIVKA II тестови) на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија, со што активно се реализираат активностите за превенција и рана дијагностика на рак на црн дроб. Набавката на овие тестови ќе продолжи и во 2024 година.

Исто така, од страна на Етичката комисија за истражување на луѓе при Медицински Факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, на 22.12.2022 беше дадено одобрение за започнување на проект со наслов: "Мерки за рана детекција и дијагноза на хепатоцелуларниот карцином - една од иницијативите за реализација на европскиот план за борба против ракот".

Овој проект ќе се реализира во рамките на следните три години на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија и во него ќе бидат вклучени пациенти со хронична црнодробна болест во стадиум на стеатофиброза (F1-F3) и цироза од различна етиологија (алкохолна и неалкохолна етилогија на болеста на црниот дроб, вирусна етиологија, метаболопатија, автоимуна етиологија, непозната етиологија итн.), како и пациенти со хронични вирусни хепатити B и C. Примарна цел на проектот е рана детекција на хепатоцелуларниот карцином во стадиум на болеста кога терапевтските можности се реалност, а со тоа ќе влијаеме кон продолжување на животниот век на оваа група пациенти.

Центарот за болести на црн дроб е надлежен како за превенција на појава на хепатоцелуларен карцином лекувајќи ги соодветно сите пациенти со хронична црнодробна болест, така и за негова рана детекција. При детекција на мал нодус во црниот дроб суспектен за HCC, ќе учествуваме во негова дефинитивна дијагноза и со контрастно засилена ехотомографија, како и со биопсија на соодветната промена на црн дроб. Дијагнозата ќе биде дополнета и со следење на серумските туморски маркери (AFP и PIVKA II) .

Во случај на дијагностициран хепатоцелуларен карцином како терапевтски модалитет кој може да се изведува на нашата клиника е и микробранова аблација (MWA). Врз основа на системот за стадиум на рак на црниот дроб (BCLC-Barcelona Clinic Liver Cancer), MWA се применува за третман на пациенти кои имаат многу рана (Фаза 0) и рана фаза (Фаза А) на болеста. Пациенти кои припаѓаат на Child-Pugh класа А или Б и имаат три или помалку HCC нодуси ≤3 cm се погодни за MWA. Овој модалитет на лекување може да се проектира во текот на 2024 година.

Со сите овие активности, Клиниката за Гастроентерохепатологија заедно со Министерството за здравство, учествуваат во активно спроведување на националниот план за превенција и контрола на црнодробниот карцином, а во согласност со Европскиот план за борба против ракот.

2. Финансирање на активностите и извршители:

| Р.Б. | Активност | Извршител | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на тестови за рана дијагностика на рак на црн дроб | ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија | 500.000,00 |

Јавната здравствена установа Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија спроведува јавна набавка на тестови за анализа на рак на црн дроб. Јавната здравствена установа Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија подготвува и извештај со анализа за состојбата .

**VI. Финансиски средства за Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година**

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 23.000.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година. Неизмирените обврски кон извршителите за 2023 година ќе бидат исплатени во тек на 2024 година во рамките на утврдениот Буџет за 2024 година.

**VII. Доставување на извештаи и рокови**

Распределбата на средствата од оваа програма, ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури, со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

**VIII. Влегување во сила**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-226/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**338.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матерналнa смртност.

Специфични цели

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита;
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнатален и во доенечкиот период, со фокус на ранливите категории на жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја и лица без идентификација);
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите категории жени;
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на си-те релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајки-те и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услуги-те;
6. Обезбедување навремен и ран пристап на секоја бремена жена до квалитетна антенатална здравствена заштита (отстранување на сите видови на географски, финаниски и културолошки бариери особено кај ранливите групи);

## II. ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА

Индикатори на успешност на спроведување на програмата се:
- Намален морбидитет на новороденчиња
- Намалена перинатална смртност
- Намалена доенечка смртност
- Намален морбидитет на мајки
- Намалена матернална смртност
- Намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

## III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:
- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени - лица без документ за идентификција;
- бесплатни прегледи за жени кои претрпеле сексуално насилство;
- медикаментозен абортус
- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени од социјално-ранливи категории со репетитивни абортуси;
- месечна стимулација во времетраење од 12 месеци за избран лекар гинеколог во Општина Шуто Оризари.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување преку едукација на населението и промотивни активности:
- промоција на светската недела на доење.

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:
- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2023 година;
- Изготвување на анализа на трендот на капацитетот и функциите на патронажната служба и грижата за здравјето на мајките и децата
-ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување;

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:
-спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Северна Македонија;
- неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања;
- национален скрининг за цистична фиброза;
- спроведување на скрининг за фенилкетонурија,
- пилот скрининг за прееклампсија во антинатален период во бременоста во прв триместар.

5. Активности за собирање, обработка и анализа на индикаторите за перинаталнто здравје на мајката и новороденчето
- идентификација и дефинирање на перинаталните индикатори од интерес;
- запознавање на вработените во породилиштата со листата на дефинирани индикатори;
-презентација на начинот на собирање и испраќање до Управа за Електронско здравство.
- јакнење на капацитетите на Управа за Електронско здравство за собирање, обработка и анализа на индикаторите;
- собирање на индикаторите од сите родилишта во Република Северна Македонија, групирање, обработка и анализа;
- изработка на детален Извештај за состојбата со перинаталното здравје за 2023 година.

6. Воспоставување на систем за преглед на морталитет и компликации на мајките со цел безбедна бременост преку спроведување, евалуација и постапување по препораките од упатството на СЗО
- Преку Управата за електронско здравство преглед и ажурирање на националните единици/ентитети (списокот на болници и соодветните известувачи);
- одржување на платформата/системот за преглед на морталитетот;
-изработка на нови обрасци за олеснување на системот за внес на податоци.

7. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница
- одржување на Работилница за креирање на активностите на Програмата со сите чинители и потенцијални партнери.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Процесот на следење, оценување и известување ќе се спроведува согласно насоките во Упатствата, преку подготовка на годишен план на спроведување на активностите на Програмата, на квартално ниво и останатите дефинирани табели за оценување на спроведувањето.

## V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се: Министерство за здравство, Управа за електронско здравство, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, Клиничка болница Тетово, Општа болница Куманово, Здравствен дом Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза “- Скопје, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија Скопје, Медицински факултет -Центар за семејна медицина и останатите јавни здравствени установи во Република Северна Македонија кои се наведени во табелата 1.

## VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА РАСПРЕДЕЛЕНИ ПО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство квартално, врз основа на реализирани активности по доставени фактури и извештаи содржани во Програмата, од страна на извршителите, согласно утврдениот годишен план за работа (табела 1.) со финансиски средства распределени по мерки/активности од оваа програма).

**Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма**

| | Активности | Извршител | Количина | Цена (во денари) | Вкупно (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 16.500 | 170,00 | 2.805.000,00 |
| 2. | Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 6.000 | 900,00 | 5.400.000,00 |
| 3. | Неонатален скрининг за цистична фиброза | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 16.500 | 170,00 | 2.805.000,00 |
| 4. | Скрининг за фенилкетонурија | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 16.500 | 100,00 | 1.650.000,00 |
| 5. | Пилот скрининг за прееклампсија во антинатален период во бременоста | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје | 1.300 | 1.100,00 | 1.430.000,00 |
| 6. | Медикаментозен абортус за најранлива категорија на жени | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза " -Скопје и јавните здравствени уставови и двете мобилни клиники | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 7. | Набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клинички болници, Општи болници и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" - Скопје и Медицински Факултет Скопје Центар за семејна медицина | 1 | 140.000,00 | 140.000,00 |
| 8. | Изработка на Годишен извештај за резултатите од анализа на индикаторите за перинатално здравје на мајката и новороденчето и развој на план за унапредување на квалитетот на перинатална здравствена заштитаздравствена заштита | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, Македонско Лекарско Ддруштво | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 9. | Изработка на Годишен извештај за резултатите од системот за преглед на морталитет и компликации на мајките со цел безбедна бременост преку спроведување, евалуација и постапување по препораките од упатството на СЗО | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, Македонско Лекарско Друштво | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 10. | Месечна стимулација во времетраење од 12 (месеци) години за избран лекар гинеколог во Општина Шуто Оризари | Приватна Здравствена Установа Мајка Б&М Кофинансирана од Министерство за здравство | 12 | 15.000,00 | 180.000,00 |
| 11. | Бесплатни прегледи за жени кои претпреле сексуално насилство, родово базирано насилство и семејно насилство | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово | 3 | 30.000,00 | 90.000,00 |
| 12. | Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за лица без документ за идентификција | Јавни здравствени установи | 1 | 370.000,00 | 370.000,00 |
| 13. | Недела на доење | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 14. | Изготвување на анализа на трендот на капацитетот и функциите на патронажната служба и грижата за здравјето на мајките и децата | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 15. | Изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2023 година | Здравствен дом Скопје | 1 | 10.000,00 | 10.000,00 |
| 16. | Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување за 2024 година | Министерство за здравство | 1 | 1.800.000,00 | 1.800.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија | | | | 17.000.000,00 |
| | Вкупно | | | | 17.000.000,00 |

VII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-230/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**339.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12,145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6 /09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Заради обезбедување на здравствена заштита на граѓаните од одделни заболувања, како и заради грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствените услуги на товар на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, и од сопствени приходи на Министерството за здравство.

За реализација на мерките и активностите предвидени во оваа Програма, се обезбедуваат средства, од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство, за покривање на партиципацијата при користењето на здравствена заштита на граѓаните на Република Северна Македонија за заболувањата предвидени со оваа програмата.

Со донесувањето на оваа програма, се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита:

1. НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ, ЗА СЛЕДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:
- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и
 оперативно породување),
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња,
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња и
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови.

2. НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:

1. Ревматска грозница;
2. Прогресивни, нервни и мускуларни заболувања;
- Duchenne – ова мускулна дистрофија,
- Паркинсонова болест,
- Миотгонии,
- Митохондриални мниопатии,
- Мијастении,
- Спинални мускулни атрофии,
- Амиотрофична латерална склероза – болести на моторен неврон и
- Хередитарни сензомоторни невропатии;
3. Прогресивна системска склероза (Sclerodermia);
4. Церебрална парализа;
5. Мултиплекс склероза;
6. Цистични фибрози;
7. Епилепсија;
8. Пемфигус и лупус еритематодес;
9. Дислексија, дисграфија и дислалија;
10. Афонија (Aphonija)
11. Заразни болести:
- ХИВ/СИДА,
- беснило (Lyssa ; Rabies),
- цревен тифус (Typhus abdominalis),
- црвенка (Rubeola),
- детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
- бруцелоза (Brucellosis)
- дифтерија (Diphtheria),
- дизентерија (Dysenteria bacillaris),
- туберкулоза (Tuberculosis)
- ехинококоза (Echinococcosis),
- заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
- заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
- голема кашлица (Pertussis),
- мали сипаници (Morbilli),
- овчи сипаници (Varicella),
- шарлах (Scarlatina),
- тетанус (Tetanus),
- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- рововска грозница (Q – treska),
12. Испитувања за време на бременост
- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.
13. Ослободување од партиципација на пациентите со вграден помошен уред за поддршка на срцевата работа (VAD ventricular assist device – единечен и BiVAD biventricular assist device – двоен).
14. Ослободување од партиципација на жртвите од семејно насилство и сите форми на родово базирано насилство.

3. НА БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин

на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (депурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Како модалитети на бубрежна заместителна терапија се користат хемодијализата и хемодијафилтрација , перитонеланата дијализа и трансплантацијата на бубрег.

А. Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со хемодијализа и хемодијафилтрација, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на хемодијализата и хемодијафилтрација .

Пациентите се лекуваат со хемодијализа и хемодијафилтрација (амбулантски) во дијализните центри во Република Северна Македонија и тоа: ЈЗУ ГОБ„8-ми Септември“ Скопје, ЈЗУ Клиника за нефрологија Скопје, ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа Диамед Скопје, ПЗУ - Центар за дијализа Диамед Македонија и ПЗУ- Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци, Завод за нефрологија - Струга.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на хемодијализен и хемодијафилтрација третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна хемодијализа и хемодијафилтрација која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со хемодијализа и хемодијафилтрација се признава 1 ( еден ) денар.

Б. Перитонеалната дијализа претставува модалитет на хронично дијализно лекување кое се изведува во домашни услови. Пациентите се регрутираат, започнуваат со перитонеална дијализа и се следат амбулантски на Клиниката за нефрологија. Постојат два вида на перитонеална дијализа и тоа: Континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (КАПД) и Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД).За секоја перитонеална дијализа потребен е потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на перитонеалната дијализа. На Клиниката за нефрологија се лекуваат до 30 пациенти годишно.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа се признава 1 ( еден ) денар.

## 4. ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Планот и програмата за работа на Универзитетските клиники во Скопје, а почитувајќи ги просторните и кадровските можности и ограничувања, бројот на трансплантациите зависи и од обезбедување на бубрези кои би можеле да се трансплантираат од жив донор или со кадаверична трансплантација.

За успешноста на трансплантацијата покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и имуносупресивни лекови кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот – Micophenolic acid, Cyclosporine. Истите се примаат во континуитет во понатамошниот период.

Трансплантација на бубрези се врши на Универзитетската клиника за урологија во соработка со Универзитетската клиника за нефрологија и други клиники, а по претходна типизација на ткивата на давателот и примателот во Републичкиот завод за трансфузиологија.

Посттрансплантациониот рехаби-литационен третман ќе се обавува на Клиниката за нефрологија.

Во 2024 година планирано е да се извршат нови пресадувања на коскена срцевина. Трансплантацијата на коскената срцевина ќе се врши на Универзитетската клиника за хематологија. За успешноста на трансплантацијата на коскена срцевина за сите болни, потребно е да се обезбеди имуно-супресивниот лек Cyclosporin.

Осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување согласно Законот за здравственото осигурување. Секој што доброволно дарувал или примил ткиво или орган се ослободува од плаќање на партиципација при користењето на здравствени услуги.

Како доказ за ослободување, осигуреникот треба да приложи документ од установата каде дарувал или примил ткиво или орган.

За прифаќање на трансплантатот се користат следните лекови: Caps. Micophenolic acid a 250mg., filmtableti od 500mg., tabl. od 180mg, 360mg, како i Caps. Cyclosporine a 25mg., 50mg, 100mg., sol. Ciclosporin a 100mg/1ml.

## 5. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Северна Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радио-терапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здрав-ствени установи во Република Северна Македонија. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење, апликација на хемиотерапија (цитостатици), дијагностички процедури поврзани со болеста и сите контролни прегледи поврзани со примарното малигно заболување. Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

## 6. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛИТУС

Диабетес мелитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, неф-ропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, це-

ребровaскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Истовремено се напоменува дека за секој инсулино-зависник пациент потребно е на секои два месеци да се врши по еден специјалистички контролен преглед или годишно шест прегледи по пациент.

7. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај коишто е пореметен процесот на растење пред се заради недостаток на овој хормон, Тарнеровиот синдром,хронична бубрежна инсуфициенција и Прадер Вили синдром. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Северна Македонија годишно околу 105 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на Клиниката за детски болести во Скопје. За лекување на децата се користат пенкала од 5, 8, 10, 12, 15 mg ( Norditropin, Genotropin, Omnitrope и Saizen).

8. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава фактори на коагулација VIII или IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротрауми кои не можат да се сопрат освен со употреба на заместителна терапија, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации.

Третманот на лицата со хемофилија се врши во Институтот за трансфузиона медицина, Клиниката за детски болести, Клиниките за хирушки болести, Клиниката за хематологија и останатите здравствени установи во Републиката. Европската и светската асоцијација на лицата со хемофилија пре-порачуваат лекување со концентрати на коагулациски фактор VIII или IX. Употребата на концентрати на коагулациски фактор VIII или IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради минимизирање на ри-зикот од трансмисија на вируси и поефикасно лекување на болните. Со тоа се намалуваат трошоците за болничко лекување, последиците кај болните во однос на инвалидитет и се зголемува можноста за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Покрај активностите на лекувањето на пациентите со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап, со цел подобрување на состојбата на пациентите преку рано препознавање и навремено лекување на овие пациенти, едукација на нивните семејства и др. За таа цел Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина заедно со граѓанските здруженија ги прошири активностите и прерасна во центар за сеопфатна грижа.

Превенција на компликации кај лицата со хемофилија во Република Северна Македонија се спроведува со редовни (6-12 месечни) контролни прегледи и континуирана едукација на медицинскиот персонал и лицата со хемофилија, како и членовите на нивните семејства.

Превентивните прегледи кај лицата со хемофилија се:
- контрола на присуство на вирусни маркери - a-HIV, a-HCV и HBsAg;
- определување на нивото на коагулациските фактори;
- определување на присуство на инхибитори и
- хепатални иследувања.

Потребно е продолжување на континуираната медицинска едукација на медицинскиот персонал кој е вработен во Центарот за хемофилија, и зајакнување на соработката помеѓу Центарот за хемофилија и граѓанските здруженија на лицата со хемофилија.

9. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА

Во програмата се планира ослободување од партиципација за основен пакет прегледи во службите за спортска медицина (партиципацијата е 80,00 ден.), за млади лица на возраст од 14-29 години кои ќе се занимаваат со рекреативни спортски активности.

Прегледите ќе се реализираат со упат од матичен лекар, во служби за спортска медицина, и тоа:
1. Здравствен дом Скопје
2. Медицински факултет Скопје
3. Здравствен дом Гостивар
4. Здравствен дом Прилеп
5. Здравствен дом Битола
6. Здравствен дом Струга
7. Здравствен дом Кавадарци
8. Здравствен дом Струмица

Целта на ослободувањето на партиципација на прегледи во служби за спортска медицина е да се подигне свесноста кај младите дека прегледите на спортска медицина се подеднакво важни за заштита на здравјето како и самата спортска рекреативна активност.

Согласно резултатите од прегледите, младите мора да ги следат препораките на лекарите за тоа кој вид на спортска активност им одговара според здравствената состојба и физичката подготвеност, со цел да ги почувствуваат здравствените придобивки од спортската рекреација.

10. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

1. За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст, по точка 1. од оваа програма, потребни се средства за:

| | |
|---|---|
| 1. Интрапартална заштита на родилки | |
| а) неоперативно породување – x 1.250 денари<br>б) оперативно породување-царски рез – x 3.200 | 2.000.000,00<br>4.000.000,00 |
| 2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - x 40 денари | 500.000,00 |
| 3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – x 40 денари | 500.000,00 |
| 4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови | 3.000.000,00 |
| Вкупно: | 10.000.000,00 |

2. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2. од оваа програма, потребни се средства за :

| | |
|---|---|
| 1. Специјалистички лекарски преглед - x 40 денари | 1.000.000,00 |
| 2. Основни дијагностички испитувања:<br>- лабараторија ЛУ 1<br>- рендген | <br>500.000,00<br>300.000,00 |
| 3. Лекување во болнички услови | 3.000.000,00 |
| 4. Здравстени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита | 12.000.000,00 |
| Вкупно: | 16.800.000,00 |

3. За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - x 1,00 денар | 200.000,00 |
| | Вкупно: | 200.000,00 |

4. За трансплантација на органи од точка 4. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за трансплантација | 6.000.000,00 |
| | Вкупно: | 6.000.000,00 |

5. За малигни заболувања од точка 5. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи)<br>- x 6000,00 денари максимум | 27.960.000,00 |
| | Вкупно: | 27.960.000,00 |

6. За шеќерна болест – диабетес мелитус од точка 6. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за специјалистички контролни прегледи x 40 денари | 400.000,00 |
| | Вкупно: | 400.000,00 |

7. За хормон за раст од точка 7. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени 105 лица | 640.000,00 |
| | Вкупно: | 640.000,00 |

8. За хемофилија од точка 8. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица x 5.960,00 денари | 2.000.000,00 |
| 2. | За секундарна и терцијарна превенција на хемофилија | 800.000,00 |
| | Вкупно годишно за хемофилијата се потребни | 2.800.000,00 |

9. За прегледи во служби за спортска медицина од точка 9. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина ( за млади лица од 14-29 години) x 80,00 денари | 200.000,00 |
| | Вкупно: | 200.000,00 |

За точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од оваа програма потребни се вкупно 65.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, и тоа: основниот Буџет 65.000.000,00 денари.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се 65.000.000,00 денари за партиципација на осигурените лица во врска со лекувањето на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до јавните здравствени установи согласно планираните средства утврдени во табелите поединечно по основ на сите услуги на здравствена заштита врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Во програмата предвидени се средства за неизмирени обврски по основ на остварени права согласно Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2021 година, Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година, средства кои ќе се измират согласно обезбедените средства за реализација на програмата.

Здравствените установи имаат обврска најдоцна до 25 јануари 2025 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-231/4<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

---

**340.**

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 283/23), член 150-г став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, КАКО И ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Министерството за здравство се залага за стручно усовршување, односно специјализација/супспецијализација на медицинскиот кадар од јавните здравствени установи во Република Северна Македонија со долгорочна цел подигнување на квалитетот на укажувањето на здравствените услуги во државата. Во таа насока се обезбедуваат што е можно поголем број специјализации за македонските доктори, имајќи предвид дека нивната специјализација овозможува и поголема достапност до специјалистички услуги за граѓаните, како и подобра искористеност на медицинската опрема.

Освен овие активности, а со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса, како и продуцирање на нови стручни лица во државата, Министерството за здравство преку јавните здравствени установи овозможува ангажирање на еминентни странски лекари и експерти, медицински професионалци од најразлични области од медицината.

### II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на програмата е подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравственилот систем во Република Северна Македонија.

### III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ОБЛАСТИ

Со оваа програма предвидени се активности од следните области:

#### 1. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ НА ЛЕКАРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Со оваа програма опфатени се специјализациите, односно супспецијализациите на лекари од јавните здравствени установи од Република Северна Македонија во реномирани медицински центри/факултети/универзитети во странство.

#### 2. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ОД СТРАНСТВО

Со оваа програма се опфатени трошоците кои произлегуваат од ангажирањето на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство во текот на 2024 година со цел едукации/практична работа/тренинзи/обука на медицинскиот кадар во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија.

Во текот на 2024 години планирано е ангажирање на стручни медицински лица од странство за потребите на:

- ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје;
- ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје;
- ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје;
- ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје;
- ЈЗУ Универитетска клиника за неврохирургија – Скопје;
- ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје;
- ЈЗУ Клиничка болница – Тетово.

#### 3. ЕДУКАЦИИ ОД УСТАНОВАТА МЕДИЦИНСКИ СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Со оваа програма се опфатени и едукации кои се реализираат од установата Медицински симулациски центар Скопје, кои се наменети за стекнување практич-

ни вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на стекнување на практични вештини за стекнување со стручно звање специјалист и супспецијалист, дел од полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот и супспецијалистичкиот испит, дел од процесот на продолжување на лиценца на докторите на медицина, како и обука за вработени во службите за итна медицинска помош и во Ургентен центар.

Средствата ќе се исплаќаат периодично, согласно потребата и динамиката на реализација на едукациите. Установата Медицински симулациски центар -Скопје до Министерството за здравство ќе доставува периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот за којшто се известува.

4. КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Со оваа програма е опфатена и можноста за кофинансирање на здравствените работници и здравствените соработници, односно дел од надоместокот за овие специјализации се покрива со оваа програма согласно склучени договори.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата од оваа програма се предвидени за спроведување на активности од следните области:

1. Во областа Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Северна Македонија во странство, предвидени финансиски средства за :

1.1. Трошоци кои произлегуваат од специјализациите/супспецијализациите во странство согласно склучени договори и решенија: надомест за школарина и полагање специјалистички испит, месечен надомест за престој во износ од 500 евра, патни трошоци, сместување и др.,

1.2. Дополнителни трошоци кои произлегуваат од законските прописи од земјата каде се спроведува специјализацијата/супспецијализацијата со доставување на соодветен документ.

2. Во областа Ангажирање на стручни медицински лица од странство, предвидени се финансиски средства за :

2.1. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на ортопедија, трауматологија, невромониторинг и спортски трауматизам за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 2.400.000,00 денари;

2.2. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.200.000,00 денари;

2.3. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на торакална и васкуларна хирургија (најмалку инванзивна метода за PECTUS и трансплантација на бели дробови) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.320.000,00 денари;

2.4. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на пластична и реконструктивна хирургија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 800.000,00 денари.

2.5. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на неврохирургија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија – Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 700.000,00 денари.

2.6. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на оториноларингологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.200.000,00 денари.

2.7. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на торакална и васкуларна хирургија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа (најмалку три интервенции)/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Клиничка болница - Тетово до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 700.000,00 денари.

3. Во областа Едукации од установата Медицински Симулациски Центар – Скопје, предвидени се финансиски средства за:

3.1. Трошоци за едукации кои се реализираат од установата Медицински симулациски центар Скопје по доставени периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот во висина до 6.000.000,00 денари, согласно утврдениот ценовник на установата.

4. Во области Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници, предвидени се финансиски средства за :

4.1. Трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници преку кофинансирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Медицински факултет - Скопје, Универзитет „Гоце Делчев” Штип – Медицински факултет - Штип и Универзитет во Тетово – Медицински факултет Тетово, согласно склучените договори.

5. Програмата опфаќа и дополнителни трошоци доколкупроизлезат од ангажирање на странски доктори/тимови со цел едуцирање на нашите доктори и медицинскиот кадар, како и едукациите кои се спроведуваат од Медицинскиот симулациски центар Скопје согласно склучените договори.

6. Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во вкупен износ од 16.000.000,00 денари. Заостанатите обврски за остварување на правата согласно Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2021 година, Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2022 година и Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2023 година ќе се измират во 2024 година во вкупен износ од 450.000,00 денари.

V. СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на активностите од оваа програма се грижи Министерство за здравство.

VI. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-239/4 | Заменик на претседателот |
| 16 јануари 2024 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

---

**341.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија.

Средствата во износ од 80.000.000 (осумдесет милиони) денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 10001 Министерство за економија, Програма Д, Потпрограма ДГ–Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, Ставка 462 и 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година наменети за реализација на оваа програма ги распределува Министерството за економија.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

МЕРКА 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 57.000.000 денари.

Предмет на мерката 1 е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија кои вработуваат најмалку две лица преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 350.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на нови машини.

МЕРКА 2. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во вкупен износ од 6.500.000 денари.

Предмет на мерката 2 е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари по апликант, направени за:

- набавка на нови машини и алати и
- дизајн на нов производ.

МЕРКА 3. Финансиска поддршка за женско претприемништво за отварање на нов канал на online продажба во вкупен износ од 2.500.000 денари.

Предмет на мерката 3 е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе на 70.000 денари вкупно по апликант, направени за услуги за отварање и управување на е-продавница.

МЕРКА 4. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди во вкупен износ од 2.000.000 денари.

Предмет на мерката 4 е надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди и тоа 40% од докажаните трошоци на микро, малите и средните претпријатија, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 5. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 2.000.000 денари.

Предмет на мерката 5 е надоместување на дел од трошоците на микро, малите и средните претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем и тоа 40% од докажаните трошоци на микро, малите и средните претпријатија, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 6. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели во вкупен износ од 8.000.000 денари и тоа:

1. Кофинансирање на проекти на фондации и здруженија кои се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните приоритетни области:

- зелена економија;
- електронска трговија;
- пристап до финансии и алтернативни форми на финансирање;
- интернационализација;
- циркуларна економија;
- дигитализација на процесите;
- вештачка интелегенција;
- промотивни активности за концептот на бизнис ангели и
- креирање на култура на социјално претприемништво.

2. Кофинансирање на проекти на здруженија, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните активности:

- организирање на обуки за поединечни занаетчиски дејности и креативни занаети;
- организирање на форуми;
- организирање на промотивни активности; и
- обуки за јакнење на свеста за придобивките од легализација на занаетчискиот бизнис.

3. Кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари поединечно за секоја мрежа-барател и тоа за реализација на проекти кои вклучуваат:

- обуки на претприемачи за средба со бизнис ангели;
- обуки за стекнување на неопходните вештини на потенцијални инвеститори (бизнис ангели) за водење на постапката на инвестирање и
- организирање средби меѓу претприемачи и бизнис ангели за презентирање на бизнис идеи.

МЕРКА 7. Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на лица до 29 години вработени во микро, мали и средни претпријатија, во вкупен износ од 2.000.000 денари.

Предмет на мерката 7 е кофинансирање на дел од трошоците за едукација на лица до 29 години, вработени во микро, мали и средни претпријатија кои ќе посетат обуки значајни за нивната професионална надградба, но и важни за развојот на претпријатието, во висина од 70% од докажаните трошоци, но не повеќе од 30.000 денари поединечно по апликант.

Член 3

Доделувањето на средствата од мерките од член 2 од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавни повици на веб страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk.

Член 4

Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, барателите на финансиска поддршка за мерките 1, 2 и 3 од член 2 од оваа програма ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде аплицира барателот.

За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка од ставот 1 на овој член ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Дополнителната финансиска поддршка од ставот 1 на овој член ќе се пресметува врз основа на процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на барателот на финансиска поддршка.

Член 5

Поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант за мерките 1, 2, 3, 4, 5 и 7 утврден согласно условите во членовите 2 и 4 од оваа програма може да биде изменет односно намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на мерките 1, 2, 3, 4, 5 и 7 од оваа програма.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположивите средства за субвенционирање за секоја од мерките.

Член 6

За реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2025 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и наменско користење на средствата.

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-249/4 | Заменик на претседателот |
| 16 јануари 2024 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

___

**342.**

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20 и 302/20) и член 45 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2024 ГОДИНА

I. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард, Законот за посебните права на припадниците на безбедносните си-

ли на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23).

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20 и 302/20).

Сместување и исхрана на студенти во Република Северна Македонија се остварува во осум државни студентски домови, во два приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив може да се сместат околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е регулирано со Правилникот за начинот на прием на студенти во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/13, 98/13 и 130/16).

Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината.

Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови во износ од 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови, а се: деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40% од вкупниот број на расположиви места во студентските домови.

За студентите согласно CEEPUS програма, Министерството за образование и наука ги покрива трошоците за сместување и исхрана во студентски домови за времето на престој во Република Северна Македонија. Цената за еден студент е 6.820 денари месечно.

Со оваа програма опфатени се следните видови на стипендии за студенти, како и останати права на истите:

1. Стипендии „Прва група“ - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

2. Стипендии „Втора група“:

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.51 а кои се запишани на факултети од научното подрачје на природно-математичките, техничко-технолошките науки (на пр. машинство, електротехника, енергетика, геодезија, градежништво и водостопанство, металургија, рударство, текстилно инженерство и сл.), научното подрачје на биотехнички науки (на пр. ветеринарна медицина, пчеларство, овоштарство и сл.) и научното подрачје на медицински науки и здравство, а за студентите на факултетите од научното подрачје на општествените науки и на факултетите од научното подрачје на хуманистичките науки да имаат постигнато најмалку 9.01 просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,01 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 8,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,50 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по историја на уметност, археологија, ликовна уметност и етнологија и антропологија, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,50 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми за преведување и толкување од македонски на албански јазик и обратно (мајчин јазик) и преведување и толкување од албански на македонски јазик и обратно (немајчин јазик), со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината.

3. Стипендии „Трета група“:

- стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти кои се запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, на студиски програми по математика, хемија, физика, земјоделство, ветеринарство или шумарство, со месечна стипендија од 18.000 денари за девет месеци во годината;

4. Стипендии „Четврта група“:

- стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование со месечна стипендија од 6.050,00 денари месечно, за девет месеци во текот на студиската година;

5. Стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр.

2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21), со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

6. Стипендии за студенти - деца на починатите припадници на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината.

7. 25 Стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината;

8. Стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовани установи во Република Северна Македонија;

9. Стипендии за редовни студенти од прва година запишани на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, кои биле корисници на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

10. Стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет и тоа на насоките утврдени со конкурсот објавен од Министерството за образование и наука. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

11. Стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Северна Македонија. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

12. Стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија, музика и филмска продукција. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

13. Стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

14. Стипендии за студенти од странство кои се од интерес на државата, за изучување на македонскиот јазик и писмо и/или англискиот јазик преку посета на обуки/курсеви на некој од државните универзитети во траење од 1 до 3 месеци, со месечна стипендија од 6.050 денари, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, како и бесплатна обука/курс за изучување на јазик, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет;

15. Стипендии по други основи.

Со Програмата 6 - Студентски стандард согласно расположливите средства за 2024 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности (субвенционирање на музички инструменти за најдобрите студенти, патување за најдобрите студенти од првите три најдобро рангирани високообразовни установи во Република Северна Македонија, рангирани согласно со Законот за високото образование, покривање на трошоци на студенти за учество на меѓународни студентски натпревари во знаење).

Во Потпрограма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови.

Со Потпрограма 11 - Декада на Ромите, согласно расположливите средства за 2024 година се планираат стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Програма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови и Потпрограма 11 - Декада на Ромите, се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ВКУПНО ИЗНОС (ДЕНАРИ) |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 6** | | | **ВКУПНО:** | **1.210.055.000** |
| Потпрограма 60 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 55.000 |
| Потпрограма 60 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови | 1.210.000.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма ТК** | | | **ВКУПНО:** | **19.800.000** |
| Потпрограма ТК | 482 | Капитални расходи | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ: | 19. 800.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма 11** | | | **ВКУПНО:** | **14.590.000** |
| Потпрограма 11 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 90.000 |
| Потпрограма 11 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 9.500.000 |
| Потпрограма 11 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за студенти Роми од прв циклус на студии | 5.000.000 |
| | | | **СЕ ВКУПНО Програма 6, Потпрограма ТК и Потпрограма 11:** | **1.244.445.000** |

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-309/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**343.**

Врз основа на член 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20) и член 45 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2024 ГОДИНА

I. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година е изготвена согласно Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20), Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 02/02, 17/03, 30/04 и 66/07) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23).

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73 став 1 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20).

Во Република Северна Македонија постојат 18 ученички домови, од кои четири ученички домови се наменети за ученици со посебни образовни потреби и тоа за ученици со оштетен вид, со оштетен слух и говор и ученици со пречки во развојот.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за начинот и постапката за прием на ученици во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/10, 49/11, 50/15 , 59/16 и 41/17).

Во ученичките домови во Република Северна Македонија сместување и исхрана користат околу 2.200 ученици. Месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден ученик од средното образование е 11.000 денари, за најмногу 10 месеци во годината.

Со Програмата опфатени се следните видови на стипендии за ученици, и тоа:

1. Стипендии за талентирани ученици - спортисти од средното образование со месечна стипендија од 3.500 денари за девет месеци во учебната година;
2. Стипендии за талентирани ученици од средното образование освен за талентирани ученици од средното образование од областа на уметностите со месечна стипендија од 3.500 денари за девет месеци во учебната година;
3. Стипендии за талентирани ученици од средното образование од областа на уметностите со месечна стипендија од 3.500 денари за девет месеци во учебната година;
4. Стипендии за ученици со посебни потреби од средното образование во износ од 3.500 денари за девет месеци во годината;
5. Стипендии за социјална поддршка на ученици од средното образование во износ од 3.500 денари за девет месеци во годината;
6. Стипендии за ученици - деца без родители од средното образование во износ од 3.500 денари за девет месеци во годината;
7. Стипендии за ученици од средното образование кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам, шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделско-ветеринарната струка, машинската струка и текстилно- кожарската струка во износ од 3.500 денари за девет месеци во годината;
8. Стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење, во износ од 3500 денари за девет месеци во годината;
9. Стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, во износ од 3500 денари за девет месеци во учебната година;
10. Стипендии за ученици - деца на бранителите од средното образование, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија” бр. 02/02, 17/03, 03/04 и 66/07) по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука и добиваат износ од 3.500 денари за девет месеци во учебната година;
11. Стипендии за ученици - деца на починатите припадници на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука во износ од 3.500 денари за девет месеци во годината;
12. Стипендии за ученици Роми од средното образование од прва категорија со месечна стипендија во износ од 3.000 денари за девет месеци во годината;
13. Стипендии за ученици Роми од средното образование од втора категорија со месечна стипендија во износ од 2.300 денари за девет месеци во годината;
14. Стипендии за ученици Роми од средното образование од трета категорија со месечна стипендија во износ од 1.700 денари за девет месеци во годината;
15. Стипендии за ученици Роми од средното образование од четврта категорија со месечна стипендија во износ од 1.200 денари за девет месеци во годината и
16. Стипендии по други основи по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука.

Со Потпрограмата 50 - Ученички стандард согласно расположливите средства за 2023 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности како и субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици во завршните години од

средното образование кои учат во државните средни музички училишта, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи. Исто така, се планира купување на опрема и машини за кујните на ученичките домови.

Во Потпрограма 32 - Поддршка на средното образование на Ромите, согласно расположливите средства за 2024 година се планираат стипендии за ученици Роми од средното образование.

Во Потпрограма ТИ – Реконструкција на ученички домови, согласно расположливите средства за 2024 година се планира реконструкција на дел од ученичките домови.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Потпрограма 50 - Ученички стандард, Потпрограма 32 - стипендии за ученици Роми од средното образование и Потпрограма ТИ – реконструкција на ученички домови се следните:

| **Програма/ Потпрограма** | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ВКУПНО ИЗНОС (ДЕНАРИ)** |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 5** | | | **ВКУПНО:** | **326.155.000** |
| Потпрограма 50 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 55.000 |
| Потпрограма 50 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за поддршка на талентирани ученици, сместување и исхрана на ученици во ученички домови, субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи. | 322.500.000 |
| Потпрограма 50 | 480 | Капитални расходи | Купување на опрема и машини за кујни на ученички домови | 3.600.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма 32** | | | **ВКУПНО:** | **12.143.000** |
| Потпрограма 32 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 90.000 |
| Потпрограма 32 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 1.894.000 |
| Потпрограма 32 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери | 10.159.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма ТИ** | | | | **7.200.000** |
| Потпрограма ТИ | 482 | Други градежни објекти | | 7.200.000 |
| | | | **СЕ ВКУПНО Програма 5, Потпрограма 32 и Потпрограма ТИ:** | **345.498.000** |

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-310/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**344.**

Врз основа на член 33 став 6 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма ќе се реализираат активностите за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 20.000.000,00 денари.

II

Средствата од оваа програма ќе се користат за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население.

III

Корисници на средствата од оваа програма се единиците на локална самоуправа во кои има места населени со претежно Ромско население.

IV

За распределба на средствата за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, Министерството за транспорт и врски објавува јавен повик на интернет страницата на Министерството за транспорт и врски, за пријавување на интерес за средствата од оваа програма, согласно кој единиците на локална самоуправа доставуваат барање за користење на средства до Министерството за транспорт и врски.

Кон барањето за користење на средства, единиците на локална самоуправа доставуваат:
- проектна документација;
- одобрение за градење;
- опис на проектната документација за градба/проект за кој се аплицира и кој треба да содржи:

1. Место на изградба на градбата;
2. Фаза на изградба на градбата (нова, во градба, реконструкција или адаптација);
3. Вкупна инвестициона вредност на градбата;
4. Вкупно вложени финансиски средства во реализација на градбата, заклучно со 31.12.2023 година;
5. Вкупно обезбедени средства од Буџетот на единицата на локална самоуправа, како и од страна на други извори на финансирање во 2024 година за реализација на проектот за кој се поднесува барање за користење на средства;
6. Висина на средства што се бараат од Министерството за транспорт и врски од Буџетот за 2024 година; и
7. Процент на опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултати од предлог-проектот.

Распределбата на средствата наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, се врши по следните критериуми:

1. Број на жители припадници на Ромската етничка заедница во единиците на локална самоуправа;
2. Вид на проект (водовод, канализација, тротоари, улици, потпорни ѕидови....);
3. Процент на обезбедени сопствени финансиски средства за реализација на проектот во однос на вкупната инвестициона вредност на проектот;
4. Степен на реализација на проект и
5. Опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултатите на предлог-проектот.

V

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 1. од оваа програма – Број на жители припадници на Ромската етничка заедница во единиците на локална самоуправа, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

$$\frac{\text{Број на Ромско население во ЕЛС x 20 (max бодови)}}{\text{11.267 (max број на Ромско население, согласно Попис од 2021 година)}} = \text{(освоени бодови)}$$

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 2. од оваа програма – Вид на проект (водовод, канализација, тротоари, улици, потпорни ѕидови....), максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- водовод ..........................................................20 бода
- канализација ..................................................10 бода
- тротоари, улици, потпорни ѕидови и друго....5 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 3. од оваа програма – Процент на обезбедени сопствени финансиски средства за реализација на проектот во однос на вкупната инвестициона вредност на проектот, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- преку 70 %......................................................20 бода
- од 51-70 %........ .............................................15 бода
- од 11-50 %......................................................10 бода
- до 10 %.............................................................5 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 4. од оваа програма – Степен на реализација на проект, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- Доградба, реконструкција или адаптација...20 бода
- Изградба на нов проект................................10 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 5. од оваа програма – Опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултатите на предлог-проектот, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- со предлог проектот се опфатени над 75 % од Ромското население во целното подрачје ..................20 бода
- со предлог проектот се опфатени до 75 % од Ромското население во целното подрачје ..................15 бода
- со предлог проектот се опфатени до 50 % од Ромското население во целното подрачје .................10 бода
- со предлог проектот се опфатени до 25 % од Ромското население во целното подрачје ...................5 бода.

VI

Во постапката за распределба на средствата за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, финансиските средства кои се распределуваат по еден проект изнесува максимум 4.000.000,00 денари.

VII

Обработката на доставените барања за распределба на средства со пропратната документација од единиците на локална самоуправа, евалуацијата и изготвување на листа со предлог проекти го врши комисија составена од три члена од редот на вработените во Министерството за транспорт и врски, формирана од страна на министерот за транспорт и врски.

VIII

По извршената евалуација на пристигнатите барања и доставената документација од единиците на локална самоуправа, Комисијата изготвува Записник за евалуација и Листа со предлог проекти која ја доставува до министерот за транспорт и врски на одобрување.

Врз основа на одобрената листа со предлог проекти, Министерството за транспорт и врски доставува до Владата на Република Северна Македонија предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-391/4 | Заменик на претседателот |
| 16 јануари 2024 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**345.**

Врз основа на член 47 став (3) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделувааат средства за финансирање на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад за 2024 година.

II

(1) Средствата за реализирање на оваа програма во вкупен износ од 120.000.000,00 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и тоа од:

1) Раздел 12101, Потпрограма 26, Ставка 480, Сметка 631-10, во износ од 105.000.000,00 денари прибрани од надоместоците согласно:

- член 18 став (1) алинеја 1, член 28 став (9) и член 31 став (8) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*),
- член 38 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*),
- член 39 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (*) и
- член 38 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (*) и

2) Раздел 12101, Потпрограма 26, Ставка 425, Сметка 631-10 во износ од 15.000.000,00 денари.

(2) Средствата од ставот (1) точка 1) на овој дел, во износ од 105.000.000,00 денари ќе се доделат со спроведување на постапка за јавна набавка, согласно член 47 став (5) алинеја 1 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), за изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка, рециклирање и отстранување на отпад од поширок јавен интерес во Република Северна Македонија.

(3) Средствата од ставот (1) точка 2) на овој дел, во износ од 15.000.000,00 денари ќе се доделат по пат на јавен конкурс, согласно член 49 став (1) алинеи 3, 6 и 7 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), за:

- проекти за воведување на нови технологии во постапувањето со посебните текови на отпад кои придонесуваат кон постигнувањето на националните цели за посебните текови на отпад,
- учество во проекти кои се финансираат од страна на фондовите на Европската Унија или друг донатор и
- проекти за подобрување на состојбата на пазарот за преработка и рециклирање на отпадот.

III

(1) Јавната набавка од делот II став (2) од оваа програма ја објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, а средствата ќе се користат за набавка на опрема за собирање, преработка и рециклирање на отпад од хартија, тетрапак, пластика и метал (возило или технолошка линија), за руралните општини во Република Северна Македонија.

(2) Опремата од ставот (1) на овој дел, која ќе биде наменета за поддршка на руралните општини во Република Северна Македонија, за активности што се заеднички за сите или повеќе текови на отпад, ќе се доделува врз основа на поднесени барања до Министерството за животна средина и просторно планирање од руралните општини од ставот (3) на овој дел, најдоцна до крајот на март 2024 година, по принципот „прв дојден, прв услужен“.

(3) Доделувањето на опремата од ставот (1) на овој дел ќе се врши на руралните општини од Вардарскиот, Југоисточниот, Североисточниот и Источниот плански регион и тоа со доделување по едно возило за собирање и отстранување на посебен тек на отпад или по една технолошка линија за преработка или рециклирање на посебен тек на отпад, зависно од поднесеното барање од ставот (2) на овој дел.

(4) Министерството за животна средина и просторно планирање ја спроведува јавната набавка од ставот (1) на овој дел најдоцна до крајот на месец април 2024 година, а опремата ќе биде поделена на избраните рурални општини најдоцна до крајот на месец август 2024 година.

IV

(1) Јавниот конкурс од делот II став (3) од оваа програма го објавува Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животната средина, најдоцна во месец февруари 2024 година согласно член 49 став (5) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), а средствата ќе се користат за активности што се заеднички за сите или повеќе текови на отпад и тоа за:

- проекти за воведување на нови технологии во постапувањето со посебните текови на отпад кои придонесуваат кон постигнувањето на националните цели за посебните текови на отпад,
- учество во проекти кои се финансираат од страна на фондовите на Европската Унија или друг донатор и
- проекти за подобрување на состојбата на пазарот за преработка и рециклирање на отпадот.

(2) За користење на средствата за намените од ставот (1) на овој дел може да учествуваат правни лица регистрирани за вршење дејност управување со отпад, согласно Законот за управување со отпадот (*) и колективни односно самостојни постапувачи, согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), со поднесување барање до Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животната средина во временски период од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс.

(3) Од страна на комисија формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање за спроведување на јавниот конкурс од ставот (1) на овој дел во временски период од 30 дена од денот на истекувањето на рокот за аплицирање од ставот (2) на овој дел се доставува предлог за распоредување на средствата до министерот, кој врз основа на истиот одлучува за распоредување на средствата од јавниот конкурс најдоцна до крајот на јуни 2024 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-399/4<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**346.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член 46 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2024 ГОДИНА

I. Со планираните средства во оваа програма ќе се реализираат приоритетни активности со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11,

51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 244/19), при што определба е одржување на националниот систем на натпревари и учество на националните тимови и спортистите поединци во рамки на меѓународните натпревари, одржување меѓународни спортски натпревари и манифестации во Република Северна Македонија, научна поддршка на спортот и реализација на проекти од областа на спортот.

Согласно утврдените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во раздел 161.01 - Агенцијата за млади и спорт се определува истите да се користат за:

-Програма 4, Потпрограма 40 - Меѓународен програм, ставка 463 - Трансфери до невладини организации за кои се утврдени средства во износ од 10.000.000,00 денари.

- Раздел 161.01 - Агенција за млади и спорт

Програма 4

Потпрограма 40 - Меѓународен програм

Ставка 463 - Трансфери до невладини организации

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | 4.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации | **2.000.000,00** |
| 3. | Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри - Париз 2024 | 2.000.000,00 |
| 4. | Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија | 2.000.000,00 |
| | Вкупно: | 10.000.000,00 |

1. Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации. Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари. Во 2024 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови ќе настапат во рамки на регионални првенства, европски и светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари, за што се утврдени средства во износ од 4.000.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Во Република Северна Македонија се одржуваат поголем број традиционални спортски натпревари и манифестации во повеќе спортови. Некои од нив се дел од Календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значење, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

3. Партиципација за учество на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри - Париз 2024. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за учество на евидентните кандидати на Летните Олимписки Игри - Париз 2024, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

4. Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-402/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**347.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 244/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ЗА 2024 ГОДИНА

I. Финансирањето за изградба и реконструкција на спортски објекти се врши согласно член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 244/19).

Како еден од основите за финансирање во изградбата и реконструкцијата на спортските објекти, воедно и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во дејноста спорт е обезбедување на услови за реализација на наставата по физичко воспитување во основното и средното образование, спортување и рекреација на студентите, за функција на спортските клубови и спортските федерации, како и рекреативните активности на граѓаните и спроведување на децентрализацијата на спортот. Затоа, приоритет во капиталните инвестиции во спортската инфраструктура е изградба на современи објекти за спорт и реконструкција на веќе постоечките.

Со оваа програма се планира изградба на нови и реконструкција на веќе постоечките спортски објекти, во рамките на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 115.200.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 283/23), Агенцијата за млади и спорт се определува истите да се користат за:

1. Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, Раздел 16101 – 15229 – 637 – 16, ставка 482 – други градежни објекти, за кои се утврдени средства во износ од 114.300.000,00 денари

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 482 – други градежни објекти:**

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Изградба на спортски објекти во 2024** | |
| 1.1 | Проект „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид“ | **16.956.070,00** |
| 1.2 | Проект „Изградба на 14 затворени училишни базени“ | **41.800.000,00** |
| 1.3 | Проект „Поставување на фитнес зони“ | **15.000.000,00** |
| 1.4 | Проект „Проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта“ | **20.000.000,00** |
| 1.5 | Проект „Изградба на фудбалско игралиште во с. Октиси, Општина Струга“ | **1.146.000,00** |
| 1.6 | Проект „Изградба на атлетски патеки“ | **100.000,00** |
| 1.7 | Проект „Изградба на фудбалски терен во с. Сарачино, Тетово“ | **100.000,00** |
| 2. | **Реконструкција (санација) на спортски објекти во 2024 година** | |
| 2.1 | Проект „Реконструкција на базен во Струга“ | **1.600.000,00** |
| 2.2 | Проект „Реконструкција на фудбалско игралиште во с.Слупчане, Општина Липково | **100.000,00** |
| 2.3 | Проект „Реконструкција на спортска сала „Лирија“ во с.Жеровјане, Општина Боговиње | **100.000,00** |
| 2.4 | Проект „Реконструкција на фудбалско игралиште во Демир Капија, втора фаза“ | **6.000.000,00** |
| 2.5 | Проект „Реконструкција на спортска сала „Партизан“ Општина Карпош“ | **6.750.000,00** |
| 2.6 | Проект „Реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране“ | **3.305.130,00** |
| 3. | Проект „Изведба на истражно еклпоатационен бунар за вода за пливачки базен во Општина Охрид“ | **542.800,00** |
| 4. | **Проектирање и ревизија за изградба и реконструкција на спортски објекти и Стручно – технички надзор при изградба и реконструкција на спортски објекти** | **700.000,00** |
| 5. | **Геодетски услуги, техничка документација за проектни програми и елаборати за изградба и реконструкција на спортски објекти** | **100.000,00** |
| | **Вкупно** | **114.300.000,00** |

2. Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, Раздел 16101 – 15229 – 637 – 16, ставка 425 – договорни услуги, за кои се утврдени средства во износ од 900.000,00 денари.

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 425 – договорни услуги:**

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Консултантски услуги | **900.000,00** |
| | **Вкупно** | **900.000,00** |

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-407/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**348.**

Врз основа на член 45 став (2) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2024 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20).

Со оваа програма се планира распределба на средства за завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти и градби (изградба, добрадба и надградба) и реконструкции, стручно технички надзор во процесот на градежните активности, обезбедување на техничка документација, проектна документација и ревизија на проектна документација, податоци и услуги од страна на јавни институции и средства за непредвидени работи и вишоци за училишни објекти за средни училишта во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 210.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ - Изградба на средни училишта и Потпрограма ТД - Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

Средствата за реализација на оваа програма обезбедени со Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта во вкупен износ од 100.000.000,00 денари, се распределуваат како во Табеларниот преглед ТГ - Изградба на средни училишта за:

| Р.б. | ТГ Изградба на средни училишта | Износ во денари |
|---|---|---|
| | Изградба на нов училишен објект за СОУ Гимназија „Сами Фрашери“, Општина Куманово | 96.375.000,00 |
| | Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти за средни училишта | 3.625.000,00 |
| | Вкупно | 100.000.000,00 |

Средствата за реализација на оваа програма обезбедени со Потпрограма ТД -Реконструкција на средни училишта во вкупен износ од 110.000.000,00 денари, се распределуваат како во Табеларниот преглед ТД - Реконструкција на средни училишта за:

| Р.б. | ТД Реконструкција на средни училишта | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на кровна конструкција во СОУ „Кирил и Методиј“, Општина Неготино | 10.000,00 |
| 2 | Реконструкција на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“, Општина Штип | 5.376.942,00 |
| 3 | Реконструкција на тоалети, тушеви и соблекувални во спортска сала и реконструкција на кров во ДУЦОР „Партенија Зографски“, Град Скопје | 10.000,00 |
| 4 | Реконструкција на објект работилници и внатрешно осветлување, подови и изградба на фотоволтаични панели во СОУ „Ристе Ристески-Ричко“, Општина Прилеп | 10.000,00 |
| 5 | Реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево | 22.512.289,00 |
| 6 | Реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“, Општина Охрид | 19.155.800,00 |
| 7 | Замена на кровен покривач на јужно крило во СОУ „Гоце Делчев“, Општина Валандово | 10.000,00 |
| 8 | Реконструкција на кровна покривка на објект во СУГС „Орце Николов“ во Општина Центар, Град Скопје | 100.000,00 |
| 9 | Замена на азбестни табли на кров на спортска сала во СОУ „Коле Нехтенин“, Општина Штип | 10.000,00 |
| 10 | Реконструкција на тоалети, натстрешница и промена на врати во СОУ „Перо Наков“, Општина Куманово | 10.000,00 |
| 11 | Реконструкција на училишен двор и партерно уредување во ОСУ „Преродба - Рилиндја“, село Житоше, Општина Долнени | 10.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Санација и адаптација на објет на СОУУД „Димитар Влахов“, Општина Струмица | 1.000.000,00 |
| 13 | Реконструкција на училници, спортска сала, фасада и кров во СОУ „Кочо Рацин“ / СОУ „Димитрија Чуповски“, Општина Велес | 10.000,00 |
| 14 | Санација на тоалети во СОУ „Кочо Рацин“, Општина Свети Николе | 3.026.146,00 |
| 15 | Реконструкција на кров во СОУ „Орде Чопела“, Општина Прилеп | 10.000,00 |
| 16 | Греење и климатизација во СОУ „Мирко Милевски“ / СОУ „Друта“, Општина Кичево | 3.000.000,00 |
| 17 | Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ „Гостивар“, Општина Гостивар | 2.390.116,00 |
| 18 | Реконструкција на кров во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, Град Скопје | 24.299.232,00 |
| 19 | Реконструкција на училишен објект во СОУ „Добри Даскалов“, Општина Кавадарци | 1.036.062,00 |
| 20 | Реконструкција на објект и адаптација на кабинети во СОУ „Ѓорче Петров“, Општина Прилеп | 10.000,00 |
| 21 | Реконструкција на објект СОУ „Коле Неделковски“, Општина Велес | 23.833.038,00 |
| 22 | Стручно-технички надзор при реконструкција на објекти за средни училишта | 4.000.000,00 |
| 23 | Техничка документација, проектна документација и ревизија на проектна документација, податоци и услуги од страна на јавни институции и средства за непредвидени работи и вишоци за училишни објекти за средни училишта | 170.375,00 |
| | Вкупно | 110.000.000,00 |

Член 2

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-597/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

**349.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош и неговите членови на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2024 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска, семејна, социјална и земјоделска пензија, чијашто пензија е пониска од 18.000 денари и се со живеалиште на територијата на Република Северна Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Северна Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата како и случаите на:
- специјализиранатa медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница)

Со Програмата се опфатени здравствените услуги од областа на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита за корисниците на правото на социјална парична помош како и за членови на нивните домаќинства, освен за лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекување во странство.

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Северна Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 45.000.000,00 денари. Од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година одобрени се 45.000.000,00 денари.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени неизмирените обврски од 2023 година.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

Бр. 41-602/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**350.**

Врз основа на член 23 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИТЕ И РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се определуваат активностите што ќе се преземат, висината на средствата за репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените згради и службените простории кои што подлежат на инвестиционо одржување.

Средствата за реализација на Програмата за инвестиционо одржување на репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените простории на органите на државната управа, ќе се користат за:

1. Подобрување на фукционалните услови во објектот Клуб на органите на државната управа;

2. Подобрување на работните услови и функционалноста на системот за климатизација на објектот Влада на Република Северна Македонија.

II

Средства за извршување на мерките и активностите од дел I на оваа програма се обезбедени од следните извори:

1. Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година, согласно со Раздел 040.02, Потпрограма 1А - Реконструкција на згради на владини органи:

- ставка 481 - Градежни објекти 20.000.000

III

Средства од дел II на оваа програма, ќе се користат за следните намени:

СТАВКА 481 – ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

А. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ, РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ И УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

1. Инсталирање на систем за вентилација во прес салата во објектот Клуб на органите на државната управа 2.300.000

2. Реконструкција на фонтаните во објектот Клуб на органите на државната управа 1.300.000

Вкупно А: 3.600.000

Б. СЛУЖБЕНИ ЗГРАДИ И ПРОСТОРИИ

1. Реконструкција на системот за климатизација и реконструкција на цевна инсталација во објектот Влада на Република Северна Македонија 16.400.000

Вкупно Б: 16.400.000

ВКУПНО 481: 20.000.000

IV

За спроведување на оваа програма се грижи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-603/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**351.**

Врз основа на член 9 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 39 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Во Програмата за остварувањето на социјалната заштита за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/23), во главата „IV. Средства за остварување на социјалната заштита“ во став 1 по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6. Потпрограма 47 – Подобрување на социјалните услуги. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во оваа потпрограма се планирани средства во износ од 203.203.000 денари, за финансирање на активностите предвидени со проектот за подобрување на социјалните услуги, со средства од заем со Светска банка.“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-604/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**352.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 10001 – Министерство за економија, потпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, наменети за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година.

II

Средствата од дел I од оваа програма во вкупен износ од 210.000.000,00 денари ќе се користат за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата, со поставување на високоефикасни инвертер клима уреди преку следните мерки:

1. Доделување на потврда-ваучер во вредност од 25.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, на домаќинствата од општините на Пелагонискиот регион и Југозападниот регион, во вкупен износ од 100.000.000,00 денари и

2. Доделување на потврда-ваучер во вредност од 23.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, на домаќинствата од општините на Скопскиот регион, Источниот регион, Југоисточниот регион, Североисточниот регион, Вардарскиот регион и Полошкиот регион, во вкупен износ од 110.000.000,00 денари.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија. Во случај на нецелосна искористеност на вкупниот износ на средствата од дел II став 1 точка 1 или точка 2 од оваа програма, Министерството за економија ги прераспределува средствата од дел II став 1 точка 1 на точка 2 од оваа програма и обратно.

III

Со потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди може да се стекне едно домаќинство кое го исполнува следното:

- во изминатите три календарски години не користело субвенција или право на поврат на средства за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди и/или печки на пелети од било кој извор;
- да нема приклучок на градско централно греење во станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот и
- нема да поднесе барање за искористување на финансиска поддршка преку доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди по јавниот оглас од Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година.

Корисниците на гарантирана минимална помош кои остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјалната заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица, не можат да се стекнат со потврда- ваучер.

Барањето за доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди се доставува на пополнет образец за барање, кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk.

Со барањето за доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди се доставува и потребната документација со која се докажува и исполнетоста на условите за доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди од став 1 на овој дел, подетално наведени во јавниот оглас.

Од едно домаќинство само едно лице може да поднесе едно барање за доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди на адреса на која планира да постави високоефикасен инвертер клима уред, за што доставува фотокопија од сметка за потрошена електрична енергија од 2023 година, во прилог кон барањето.

IV

Постапката за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се спроведе на следниот начин:

а) Министерството за економија во месец јануари 2024 година ќе распише јавен оглас за доделување на потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди на интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk и во два дневни весници, со времетраење од 15 дена, со можност за продолжување од десет дена, во случај на недоволен број пристигнати барања, со објавување на соопштение за продолжување на јавниот оглас на интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk и во два дневни весници;

б) За спроведување на активностите за реализација на мерките од дел II од оваа програма од страна на министерот за економија се формираат две комисии од по пет члена и нивни заменици;

в) Комисиите ќе имаат за цел да ја утврдат исполнетоста на условите за доделување на потврда-ваучер за мерките од дел II од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат доделување на потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди и

г) Комисиите ќе ги разгледаат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација и ќе го утврдат точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „прв дојден, прв услужен“.

Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.

На лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација, или имаат наведено погрешни податоци во барањето не може да им се додели потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди.

Министерството за економија за секоја од мерките од дел II од оваа програма ќе објави листи на баратели на кои им се доделува потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, на својата интернет страница.

V

Постапката за искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди од дел II од оваа програма ќе се спроведе на следниот начин:

а) Министерството за економија, во месец јануари 2024 година ќе распише јавен повик за пријавување интерес од страна на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди, на интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk и во два дневни весници, со времетраење од седум дена, со можност за продолжување од седум дена, во случај на недоволен број пристигнати барања, со објавување на соопштение за продолжување на јавниот повик на интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk и во два дневни весници;

б) Барањето за пријавување на интерес правните субјекти кои вршат трговија со високоефикасни инвертер клима уреди го доставуваат на пополнет образец за барање, кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страницата на Министерството: www.economy.gov.mk. Кон барањето правните субјекти ја доставуваат документацијата наведена во јавниот повик;

в) За спроведување на активностите за избор на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди со кои Министерството за економија ќе склучи договор, од страна на министерот за економија се формира комисија составена од три члена и нивни заменици;

г) Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за избор на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди наведени во јавниот повик и да достави извештај за избор до министерот за економија врз основа на кој Министерството за економија ќе склучи договори за начинот на искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди;

д) По склучување на договорите, Министерството за економија ќе објави список на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди со кои има склучено договор за начинот на искористување на доделени потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, на својата интернет страница и

ѓ) Лицата од домаќинствата кои се стекнале со потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, ќе може да ги искористат истите само кај правните субјекти објавени во списокот од точката д) на овој дел најдоцна до 30.11.2024 година.

VI

Министерството за економија до 31.03.2025 година доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-628/5<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

__________

**353.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средства за здравствена заштита на животните во 2024 година во износ од 269.185.000,00 денари, и тоа од следните извори:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 14005, сметка 61620 637 18, Програма 2, Потпрограма 20, ставки 423, 464 и 480 | **269.185.000,00** |

II

Средствата за здравствена заштита на животните во 2024 година ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| 1. Здравствена заштита на животните за 2024 година, Потпрограма 20, ставка 464 | **246.185.000,00** |
| 2. Набавка на опрема и средства за подобра подготвеност во случај на појава на особено опасни заразни болести, Потпрограма 20, ставка 480 | **4.000.000,00** |
| 3. Набавка на вакцина против болеста бруцелоза кај малите преживари, вакцини за орална вакцинација на лисици против беснило и други средства за подобра подготвеност во случај на појава на особено опасни болести, Потпрограма 20, ставка 423 | **19.000.000,00** |

III

Активностите за здравствена заштита на животните во 2024 година ги опфаќаат следните ставки:

| Реден број | **Вид на мерка** | **Износ во денари со ддв** |
|---|---|---|
| 1 | **Надзор на болести кај свињите** | 14.600.000,00 |
| 1.1 | Земање и испраќање на примероци за испитување на класична чума кај свињите | 600.000,00 |
| 1.2 | Дијагностичко испитување на класичната чума кај свињите | 2.000.000,00 |
| 1.3 | Земање и испраќање на примероци за испитување на африканска чума кај свињите | 1.000.000,00 |
| 1.4 | Дијагностичко испитување на африканска чума кај свињите | 7.000.000,00 |
| 1.5 | Клинички преглед во одгледувалишта на свињи | 4.000.000,00 |
| 2 | **Надзор на болести кај живината** | 4.450.000,00 |
| 2.1 | Земање на мостри и брисеви за мониторинг на присуство на болести кај домашна, комерцијална, дива и водна живина | 1.000.000,00 |
| 2.2 | Дијагностичко испитување на њукастелска болест | 1.000.000,00 |
| 2.3 | Дијагностичко испитување на авијарна инфлуенца | 1.000.000,00 |
| 2.4 | Дијагностичко испитување на салмонелоза кај живината | 1.000.000,00 |
| 2.5 | Дијагностичко испитување на западно нилска треска кај живината | 450.000,00 |
| 3 | **Надзор на заразни болести кај копитарите** | 2.035.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | Вакцинација на копитари против антракс | 35.000,00 |
| 3.2 | Земање мостри за инфективна анемија кај копитарите и западно нилска треска | 500.000,00 |
| 3.3 | Дијагностичко испитување на присуство на западно нилска треска | 500.000,00 |
| 3.4 | Дијагностика на инфективна анемија кај копитарите | 1.000.000,00 |
| 4 | **Надзор на болести кај пчелите** | 1.000.000,00 |
| 4.1 | Испраќање на материјал за испитување на заразни и паразитски болести кај пчелите | 250.000,00 |
| 4.2 | Дијагностичко испитување на американска чума на пчелно легло | 700.000,00 |
| 4.3 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај пчелите | 50.000,00 |
| 5 | **Надзор и контрола на вектори** | 3.000.000,00 |
| 5.1 | Поставување на мамки и земање на примероци | 250.000,00 |
| 5.2 | Мониторинг и контрола на вектори (инсекти) (броење и идентификација) | 1.500.000,00 |
| 5.3 | Поставување на мамки и земање на примероци (инсекти вектори од родот комарци CULEX) | 250.000,00 |
| 5.4 | Мониторинг и контрола на вектори (инсекти вектори од родот комарци CULEX) | 1.000.000,00 |
| 6 | **Надзор на заразни болести кај дивечот** | 11.000.000,00 |
| 6.1 | Земање на примероци во случај на сомнеж на беснило | 200.000,00 |
| 6.2 | Мониторинг на беснило-лабораторија (поствакцинален мониторинг на беснило и детекција на тетрациклин) | 1.500.000,00 |
| 6.3 | Лабораториско испитување при сомнеж на беснило | 200.000,00 |
| 6.4 | Отстрел, земање и испраќање примероци од застрелани лисици и диви свињи и пријава на угината дива свиња | 2.000.000,00 |
| 6.5 | Дијагностичко испитување на класична чума и африканска чума кај дивите свињи | 5.000.000,00 |
| 6.6 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивечот | 200.000,00 |
| 6.7 | Дијагностичко испитување на трихинела и ехинококоза кај диви свињи и лисици | 900.000,00 |
| 6.8 | Пријава на трупови од пронајдени, угинати и застрелани животни | 1.000.000,00 |
| 7 | **Надзор на заразни и паразитарни болести кај кучињата** | 500.000,00 |
| 7.1 | Земање и испраќање на мостри за беснило | 250.000,00 |
| 7.2 | Дијагностичко испитување на беснило и други паразитски болести | 250.000,00 |
| 8 | **Надзор на заразни болести кај рибите** | 3.000.000,00 |
| 8.1 | Дијагностичко испитување на заразни болести кај рибите | 3.000.000,00 |
| 9 | **Надзор на заразни болести кај овците и козите** | 81.500.000,00 |
| 9.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на болести кај овците и козите | 50.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 9.2 | Дијагностичко испитување на бруцелоза кај овците и козите | 30.000.000,00 |
| 9.3 | Вакцинација против бруцелоза кај овците и козите | 500.000,00 |
| 9.4 | Превентивна вакцинација против антракс | 500.000,00 |
| 9.5 | Дијагностичко испитување на скрепи | 500.000,00 |
| 10 | **Надзор на заразни болести кај говедата** | 70.100.000,00 |
| 10.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на болести кај говедата | 20.000.000,00 |
| 10.2 | Дијагностичко испитување на бруцелоза кај говедата | 10.000.000,00 |
| 10.3 | Превентивна вакцинација против антракс | 100.000,00 |
| 10.4 | Дијагностичко испитување на спонгиоформна енцефалопатија кај говедата | 2.000.000,00 |
| 10.5 | Туберкулизација и ретуберкулизација на говедата | 35.000.000,00 |
| 10.6 | Земање на примероци од говеда за детекција на присуство на вирусот на болест на чвореста кожа | 1.000.000,00 |
| 10.7 | Дијагностика на болест на чвореста кожа | 1.500.000,00 |
| 10.8 | Клинички преглед во одгледувалишта на говеда | 500.000,00 |
| 11 | **Надомест за заклани/еутаназирани болни животни, транспорт до објект за колење/нештетно отстранување и трошоци за колење** | 25.500.000,00 |
| 11.1 | Надомест за заклани/еутаназирани болни животни, транспорт до објект за колење/нештетно отстранување и трошоци за колење | 25.500.000,00 |
| 12 | **Трошоци за дезинфекција и дезинсекција при контрола и сузбивање на особено опасни болести и болести предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните** | 1.500.000,00 |
| 12.1 | Трошоци за дезинфекција и дезинсекција при контрола и сузбивање на особено опасни болести и болести предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните | 1.500.000,00 |
| 13 | **Земање на примероци, дијагностика, превентивни и контролни мерки за сузбивање на особено опасни болести согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство за болести кои не се предвидени согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните како и надзор на болести за одржување на статус на земја слободна од заразни болести** | 3.000.000,00 |
| 14 | **Надзор на болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство кои не се предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните и за кои нема програма за надзор или контрола и сузбивање** | 5.000.000,00 |
| 15 | **Внесување на податоци за активности од јавен интерес од областа на здравствента заштита на животните во информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство** | 5.000.000,00 |
| 16 | **Заостанати обврски од претходна година (2023 година)** | 15.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **246.185.000,00** |

IV

Средствата од дел III потточките 1.1, 1.3, 1.5, 2.1, 3.1, 3.2, 4.1, 5.1, 5.3, 6.1, 6.4, 6.8, 7.1, 9.1, 9.3, 9.4, 10.1, 10.3, 10.5, 10.6, 10.8, 11.1, 12.1, 13, 14, 15 и 16 од оваа програма, ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва и на други правни или физички лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и по донесено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Средствата од дел III потточките 1.2, 1.4, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 3.3, 3.4, 4.2, 4.3, 5.2, 5.4, 6.2, 6.3, 6.5, 6.6, 6.7, 7.2, 8.1, 9.2, 9.5, 10.2, 10.4, 10.5, 10.7, 13, 14 и 16 од оваа програма, ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и лаборатории.

Средствата од дел III потточка 2.1, 6.1, 6.4, 6.8, 13, 14 и 16 од оваа програма се исплаќаат на правни лица врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и физички и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Северна Македонија).

V

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја во кои се појавиле заразни болести во поголем обем.

VI

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-777/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**354.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2024 ГОДИНА**

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2024 година се утврдуваат во износ од 32.000.000,00 денари и тоа од следниот извор:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464 | 32.000.000,00 денари |

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2024 година ќе бидат искористени за плаќање на заостанати обврски во износ од 4.000.000,00 денари направени по активности предвидени со Програмата за ветеринарно јавно здравство во 2023 година и средства во износ од 28.000.000,00 денари за тековни активности.

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство во 2024 година ги опфаќаат следните ставки:

| | |
|---|---|
| 1. Мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 17.600.000,00 денари |
| 2. Мониторинг на исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 2.700.000,00 денари |
| 3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.500.000,00 денари |
| 4. Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност | 1.100.000,00 денари |
| 5. Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 2.200.000,00 денари |
| 6. Мониторинг на безбедноста на храната за животни | 2.300.000,00 денари |
| 7. Мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 300.000,00 денари |
| 8. Активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно - медицинските препарати | 300.000,00 денари |
| ВКУПНО | 28.000.000,00 денари |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 17.600.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 16.500.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло од увоз | 1.100.000,00 денари |

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 2.700.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 2.100.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз | 600.000,00 денари |

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.500.000,00 денари |

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 1.100.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност | 900.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност од увоз | 200.000,00 денари |

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 2.200.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 1.600.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храната од животинско потекло од увоз | 600.000,00 денари |

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 2.300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните | 1.700.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните од увоз | 600.000,00 денари |

X

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма во износ од 300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 100.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло од увоз | 200.000,00 денари |

XI

Средствата од дел III точка 8 на оваа програма во износ од 300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - спроведување на тековни активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно - медицинските препарати | 100.000,00 денари |
| - промовирање на рационалната употреба на ветеринарно - медицинските препарати и појава на антимикробна отпорност во ветеринарната медицина | 100.000,00 денари |
| - следење на несаканите дејства на употребата за ветеринарно - медицинските препарати | 100.000,00 денари |

XII

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло.

XIII

За спроведувањето на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-780/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**355.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Средствата за реализација на оваа програма се утврдени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 - Земјоделство и рурален развој, потпрограма 30 Земјоделство, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 32.000.000,00 денари.

II

(1) Средствата од дел I од оваа програма во износ од 32.000.000,00 денари ќе се користат за реализација на активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Дел од средствата од оваа програма во износ од 6.200.000,00 денари се наменети за исплата на заостанати обврски по склучени договори со центри за развој на планските региони според јавниот повик од 2023 година согласно Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/23).

III

Корисници на средствата од дел II од оваа програма се центрите за развој на планските региони на територијата на Република Северна Македонија, регистрирани согласно Законот за рамномерен регионален развој(*).

IV

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на интернет страницата www.mzsv.gov.mk ќе објави Јавен повик за доставување на предлог-проекти во областа на земјоделството и руралниот развој кои ќе ја подобрат руралната инфраструктура, по кој ќе можат да се поднесуваат барања за финансирање најдоцна до 5 февруари 2024 година.

(2) Максималниот износ на поддршката по корисник е 6.500.000,00 денари од вредноста на прифатливите трошоци на проектот.

(3) Прифатливи трошоци се трошоците за изведба и надзор за проекти кои ќе имаат за цел подобрување на патната инфраструктура во подрачјата со земјоделска дејност и обработливи површини.

(4) Предлог-проектите се прифаќаат додека не се исцрпат целосно средствата од оваа програма.

(5) Еден корисник може да поднесе само едно барање за користење на средства од оваа програма.

(6) За учество по јавниот повик барателот треба да поднесе до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

- барање за финансирање на проекти кои се опфатени со оваа програма;
- предлог-проект со детална анализа, при што доколку има повеќе предлог-проекти тие треба да се означат со редослед за приоритет на финансирање;
- финансиски план и рок на имплементација на проектот и
- тековна состојба на барателот од Централен регистар на Република Северна Македонија.

(7) Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој може да се обезбеди преку интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: www.mzsv.gov.mk.

(8) Формата и содржината на Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој се дадени во Прилог кој е составен дел на оваа програма.

(9) Целокупната документација од ставот (6) на овој дел се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на барателот.

V

(1) За спроведување на Јавниот повик за доставување на предлог-проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира Комисија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Изборот на корисници ќе се реализира врз основа на следните критериуми за бодирање на доставените проекти и тоа:

- учество на планскиот регион во креирањето на вкупната бруто-додадена вредност во земјоделството на Република Северна Македонија согласно последните статистички податоците на Регионалните сметки во земјоделството на Државниот завод за статистика ќе се бодира на следниот начин:

| Процент (%) на учество | Бод |
|---|---|
| На секој 1% | 1 |

- реализацијата на проектот да врзува што поголема земјоделска површина изразена во хектари (ha) ќе се бодира на следниот начин:

| Површина во хектари | Бод | Максимум бодови |
|---|---|---|
| На секои 20 хектари | 1 | 30 |

- процент на учество во државната помош за рамномерен регионален развој на планскиот регион согласно податоците од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.234/18) ќе се бодира на следниот начин:

| Плански регион | Учество во државната помош за рамномерен регионален развој (во %) | Бод |
|---|---|---|
| Скопски | 7,2% | 6 |
| Југоисточен | 11,1% | 8 |
| Источен | 11,3% | 10 |
| Пелагониски | 11,9% | 12 |
| Полошки | 13,2% | 14 |
| Југозападен | 13,3% | 16 |
| Вардарски | 14,7% | 18 |
| Североисточен | 17,3% | 20 |

(3) Комисијата од ставот (1) на овој дел по пристигнувањето на сите барања доставени за времетраење на Јавниот повик, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација. По извршената евалуација на пристигнатите предлог-проекти Комисијата ќе изготви записник за евалуација, рангирање и избор, како и извештај за избор на одобрени проекти, согласно критериумите од ставот (2) на овој дел.

(4) Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во листата на баратели.

(5) По извршениот избор на баратели кои ќе бидат финансирани од оваа програма, истите ќе бидат известени по писмен пат за денот на потпишување на договор за финансирање кој ќе се склучи помеѓу корисникот на средствата и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Избраните корисници на средствата (центрите за развој на планските региони) треба да започнат постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач на работите предвидени во проектот и надзор над истиот.

(7) Корисниците на средства со изведбата истовремено треба да изберат и најповолен понудувач за надзор над работите.

(8) Одобрените проекти треба да се реализираат од корисниците на средствата најдоцна до 30 ноември 2024 година.

(9) Корисниците на средствата на крајот на имплементацијата на проектот треба да поднесат комплетен финансиски и наративен извештај најдоцна 15 дена од крајниот рок за имплементација на проектот.

(10) По поднесениот извештај од ставот (9) на овој дел, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги исплати одобрените средства согласно договорите за финансирање.

VI

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, заклучно со 31 декември 2025 година ќе достави до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-813/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

Прилог

**БАРАЊЕ**

за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ И АПЛИКАНТОТ**

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:___________________________________________________

ОБЛАСТ И ПОТЕСНО ПОДРАЧЈЕ НА
ПРОЕКТОТ:_____________________________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДЛАГАЧОТ/ АПЛИКАНТОТ

НАЗИВ НА АПЛИКАНТОТ:______________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**

Адреса:

Телефон / факс: ____________________ Емаил: ________________________

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРОЕКТОТ

Име и презиме Потпис

ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ – ПАРТНЕРИ ВО

ПРОЕКТОТ:___________________________

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ: ______________ М П

**356.**

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20–Шумарство, Ставка 485–Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2024 година.

II

За извршување на работите и мерките од дел I од оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

| Ред. број | Извор | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Република Северна Македонија | 24.400.000,00 |
| Вкупно: | | 24.400.000,00 |

III

Средствата од дел II од оваа програма во износ од 24.400.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

| Ред. бр. | Вид на работа/мерка | Извршител | Количина и единечна мерка | Цена по единечна мерка (денари) | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пошумување на голини и ерозивни земјишта во: | | | | |
| 1.1 | - државна сопственост | ЈП „Национални шуми“ | 10,29 ха | 85.000,00 | 874.650,00 |
| 1.2 | - приватна сопственост | Сопственици на шуми во приватна сопственост | 25 ха | 85.000,00 | 2.125.000,00 |
| 2. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова | ЈП „Национални шуми“ | 204 ха | 100.000,00 | 20.400.000,00 |
| 3. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки | / | / | 1.000.350,00 |
| | | | | Вкупно: | 24.400.000,00 |

Пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост од точка 1 потточка 1.1 од табелата од овој дел, ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми.

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.2 од табелата на овој дел, ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50 ха и се во приватна сопственост.

Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост од точка 1 потточка 1.2 од табелата од овој дел, ќе се врши преку објавување на јавен повик за прибирање на барања за доделување на финансиски средства, кој ќе се објави од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на веб-страницата www.mzsv.gov.mk., во период од 1 до 10 февруари 2024 година.

Доделувањето на финансиските средства од ставот 4 на овој дел се остварува со поднесување на барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од барателите/сопствениците на шуми во приватна сопственост за пошумување на голини и ерозивни земјишта, во рок од 10 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, дадено во Прилог кој е составен дел на оваа програма.

Еден барател/сопственик на шума може да поднесе само едно барање за доделување на финансиски средства од оваа програма.

Кон барањето од став 5 на овој дел, барателот/сопственикот на шума во приватна сопственост треба да ги достави следните документи:

- Оперативно-стручна програма за пошумување изработена од шумарски инжењер, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката на засадување, видот на садниците, времето на реализација на работите и други важни податоци за потребата за пошумување на земјиштето;
- Копија од диплома или уверение за завршен Факултет за шумарски науки од шумарскиот инжењер кој ја изработува оперативно-стручната програма, заверена на нотар;
- Имотен лист оригинал (не постар од шест месеци);
- Копија од катастарски план (скица);
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци;
- Копија од важечка лична карта и
- Копија од бројот на трансакциска сметка на барателот на кој ќе се врши исплатата.

Барањето за доделување на финансиски средства може да се обезбеди преку веб-страницата на Министерството www.mzsv.gov.mk.

Барањето се доставува во еден оригинален примерок во писмена форма, потпишан од страна на барателот.

За постапување по поднесените барања за доделување на финансиски средства од точка 1 потточка 1.2 од табелата од овој дел, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира Комисија составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството.

Комисијата од ставот 10 на овој дел, по пристигнувањето на сите барања во рокот од став 5 на овој дел, ги известува барателите кои не доставиле комплетна документација, да ги докомплетираат истите најдоцна седум работни дена.

Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација од ставот 7 на овој дел, нема да бидат наведени во листата од став 13 на овој дел.

Комисијата од ставот 10 на овој дел, со записник го утврдува точниот број на пристигнати барања и изготвува листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација подредени согласно рокот на доставување на комплетно барање врз основа на принципот „прв дојден, прв услужен“, односно по редослед на поднесување и пристигнување на барањата во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство склучува договори со онолку баратели се до исполнување на квотата на одобрени средства за оваа намена. Во случај некој од барателите, кој е на листата за добивање на финансиски средства, во меѓувреме се откаже, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да склучи договор со следниот барател на листата од став 13 на овој дел.

Врз основа на листата од ставот 13 на овој дел, барателите кои ќе бидат финансирани од оваа програма, ќе бидат известени по писмен пат за денот на потпишување на договорот за финансирање, кој ќе се склучи помеѓу корисникот на средствата и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 2 од табелата од овој дел, ќе се врши на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 и 2 од табелата од овој дел, извршителите на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за секоја работа посебна оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот (шумскостопанска единица или КП и КО) и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци. За секоја шумско стопанска единица или КО се поднесува посебна Оперативно-стручна програма.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 3 од табелата од овој дел, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Северна Македонија. Факултет за шумарски науки до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2024 година, со предлог мерки за понатамошно делување.

IV

Исплата на средствата за реализација на работите од дел III од оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 од табелата од дел III од оваа програма, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на Република Северна Македонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорот.

Во случај на неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија на начин утврден во договорот.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-814/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

**Влада на Република Северна Македонија**

ПРИЛОГ

БАРАЊЕ

за

доделување на финансиски средства за пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година

ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ:

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА БАРАТЕЛОТ: ____________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса: ______________________________________________________

Телефон: __________________ Е-маил: ________________________________

| Име и презиме | Потпис на барателот |
|---|---|
| ---------------------------------- | ------------------------------------------- |

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО: __________________________

**357.**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.283/23) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 55.000.000,00 денари и потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 35.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 9.500.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | 26.700.000,00 |
| 3. | Техничка поддршка | 1.000.000,00 |
| 4. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 2.800.000,00 |
| 5. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2021, 2022 и 2023 година | 50.000.000,00 |
| | Вкупно | 90.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I точка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во вкупен износ од 9.500.000,00 ќе се користат за реализација на следните активности:

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Охридско Езеро со подмладок од охридска пастрмка | 100% од прифатливи трошоци | 3.000.000,00 |
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Дојранско Езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 1.3. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Преспанско Езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 1.4. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни води | 100% од прифатливи трошоци | 300.000,00 |
| 1.5. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 2.000.000,00 |
| 1.6. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| 1.7. | Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| 1.8. | Финансиска подршка за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | 100% од прифатливи трошоци | 1.000.000,00 |
| | Вкупно | | 9.500.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 1.1. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со подмладок од охридска пастрмка предвидени во Програма за изведување вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со активности за 2024/2025 година изработена од регистриран репроцентар за производство на репродуктивен и порибителен материјал.

(3) Средствата од став (1) потточки 1.2. и 1.3. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја Преспанско и Дојранско Езеро со подмладок од крап предвидени во Програми за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја изработени од регистриран репроцентар за производство на репродуктивен и порибителен материјал.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.4. од овој дел се наменети за обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовните води без концесионер.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.5. од овој дел се наменети за рехабилитација, доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните репроцентри и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;
- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;
- обновување и опремување на рибни базени;
- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;
- набавка на градежни метеријали и елементи за конскструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во мрестилишта;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на жива риба;
- набавка на опрема за аерирање на вода;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;
- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;
- набавка на агрегат за струја и
- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2023 година до 30 септември 2024 година.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:

- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;
- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот;
- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот и
- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:

- 30. 000,00 денари – за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони;
- 150.000,00 денари – за заштита на риболовни зони и
- 400.000,00 денари – за заштита на риболовни подрачја.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

(10) Средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, назависно од вредноста на инвестицијата не треба да го надминат износот од 30. 000,00 денари.

(11) Средствата од став (1) потточка 1.8. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води.

(12) Средствата од став (1) потточка 1.8. од овој дел по корисник не треба да го надминат износот од 60.000,00 денари, назависно од вкупната вредност на направените трошоци.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3., 1.4. и 1.5. од овој дел се субјекти – регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.6. 1.7. и 1.8. од овој дел се концесионерите на рибите од риболовните води.

(15) Корисниците на мерката од потточка 1.6. може да користат средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби во вкупен износ од 26.700.000,00 денари ќе се користат за:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 60% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 3.700.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 50% од вредноста на набавен или сопствен подмладок | 20.000.000,00 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 3.000.000,00 |
| | Вкупно | | 26.700.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура,
- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постоечките капацитети за аквакултура.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;
- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;
- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;
- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;
- набавка на опрема наменета за заштита на производството во аквакултура од штетници (видра, кор-моран, мечка);
- апарати за за додавање на течен кислород во водата;
- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 kg;
- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 kg;
- цистерна до два тона вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород - распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или (специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба);
- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000 kg;
- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 m и ширина до 2.5 m, со јачина мотор до 9 киловати;
- набавка на опрема за праќење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);
- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија;
- набавка на агрегат за струја до 50 kw и
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.1. од овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 720.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 1.200.000,00 денари.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се наменети за набавка или сопствено произведен пори-бителен материјал за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 30 мај и од 1 јули до 30 септември 2024 година.

(6) Висината на вредноста на поддршката од став (1) потточка 2.2. од овој дел наменета за купен или сопствен подмладок ја утврдува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамош-ниот текст: Министерството) без разлика на набавната (фактурната) вредност на подмладокот и изнесува не повеќе од 50% од пазарната цена на подмладокот.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 3.500 кг – 100% од вредноста на утврдената цена на подмла-докот;
- за купен или сопствен подмладок од 3500 кг до 7000 – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;
- за купен или сопствен подмладок од 7000 кг до 9000 – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;
- за купен или сопствен подмладок над 9000 кг – 25% од вредноста на утврдената цена на подмла-докот.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел можат да бидат наменети за:

- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и
- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(9) Средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за прера-ботка на рибите се наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект,
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(10) Средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите, можат да бидат наменети за:

- прием и чистење на рибата,
- обескоствување и филетирање,
- димење (топло и/или ладно) на рибата,
- пакување и вакумирање на риба,
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(11) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.3. од овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 1.500.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 3.000.000,00 денари.

(12) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел кои се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство,
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел, наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството. Барателите на средства кои користеле средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура по мерката 2.1. за една намена во една од претходните пет години не можат да бидат корисници на финансиска поддршка за инвестиции од мерката 2.1 за иста намена.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2023 - декември 2024 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот како и субјекти запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2023 - декември 2024 година. Субјектите кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за одделен вид риба не може да користат финансиски средства за набавен порибителен материјал, доколку имаат продадено порибителен материјал од истиот вид риба во периодот декември 2023 - декември 2024 година.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

(17) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

IV

(1) Средствата од дел I точка 3 од оваа програма наменети за техничка поддршка во износ 1.000.000, 00 денари, ќе се користат за:

| 3. | Техничка поддршка | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 3.1. | Размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата во областа на рибарството и аквакултурата | 100% од трошоците за реализација | 1.000.000,00 |
| | Вкупно | | 1.000.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 3.1 од овој дел се наменети за подготвителни, административни и технички активности, како и активности за следење, процена и ревизија од областа на рибарството и аквакултурата и се однесуваат на размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата.

(3) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.1 од овој дел е Министерството.

V

(1) Средствата од дел I точка 4 од оваа програма наменети за Развој на нови пазари и промотивни кампањи во износ од 2.800.000,00 денари ќе се користат за:

| 4. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 4.1. | Финансиска поддршка за промоција на рибарството | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 1.000.000,00 |
| 4.2. | Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 1.800.000,00 |
| | Вкупно | | 2.800.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 4.1 на овој дел се наменети за надомест на трошоци за промоција на производи од рибарството со традиционална посебност.

(3) Средствата од став (1) потточка 4.2. од овој дел се наменети за надомест на трошоци за промоција и маркетинг на аквакултурното производство и спроведување на национални кампањи за промоција и маркетинг за производи од аквакултура.

(4) Вредноста на финансиските средства од став (1) на овој дел не може да го надмине износот од 300.000,00 денари по корисник,назависно од вкупната вредност на направените трошоци.

(5) Корисници на средствата од став (1) потточка 4.1. на овој дел се рибарски и риболовни здруженија и концесионерите на рибите.

(6) Корисници на средствата од став (1) потточка 4.2. од овој дел се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и/или организации на производители запишани во Регистарот на организации на произведители кој се води во Министерството.

VI

(1) Средствата од дел I точка 5 од оваа програма се наменети за исплата на пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2021, 2022 и 2023 година во износ од 60.000.000,00 денари.

VII

(1) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро од дел II став (1) потточка 1.1. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 31.08.2024 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставува и Програма за изведување вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со активности за 2024/2025 годнина од дел II став (2) од оваа програма.

(2) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовните подрачја Преспанско и Дојранско Езеро и за порибување на води без концесионер од дел II став (1) потточка 1.2. 1.3. и 1.4. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.04.2024 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставуваат и Програмите за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја од дел II став (3) од оваа програма.

(3) Барањата за користење средства од дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3, 1.4. и 1.5. од оваа програма се поднесуваат до Министерството најдоцна до 05.12.2024 година.

(4) Барањата за користење на средства од дел II став (1) потточки 1.6., 1.7., 1.8. и дел III став (1) од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

VIII

(1) Исплатата на средства од дел II став (1) потточка 1.1. од оваа програма се врши по доставено известување од Министерството до Агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар и по предходно склучен Договор за изведување вештачки мрест и порибување на Охридското Езеро во 2024/2025 година помеѓу Министерството и регистриран репроцентар. Средствата за подготвителните активности се исплаќаат авансно во висина од 100% со потпишување на Договорот, кој Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

(2) Исплатата на средства од дел II став (1) потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се врши по фази утврдени во Договор за порибување за потточките 1.2., 1.3, кој Министерството го склучува со барателот. Средствата предвидени за првата фаза не треба да надминат 30% од вкупните средства.

Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се врши врз основа на известување кое Министерството го доставува до Агенцијата.

(3) Исплатата на средства од првата фаза е авансно со потпишување на Договорот, а исплатата на финансиските средства од втората фаза се врши по нејзина целосна реализација. Министерството во прилог на известувањето до Агенцијата за првата фаза доставува Договор, а во прилог на известувањето за реализација на втората фаза доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза се доставува и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, технички и финансиски извештај за реализација на порибувањето со прилог докази за реализирани средства.

(4) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.4. од оваа програма се врши по извршено порибување. За исплата на средствата Министерството доставува известување до Агенцијата во чиј прилог е договор за порибување на води без концесионер, извештај за реализација на порибувањето, записник од Државниот инспекторат за земјоделство за извршеното порибување, сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здаравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар кои регистрираниот репроцентар ги доставува до Министерството во прилог на барањето за исплата.

(5) Исплатата на средства од дел II став (1) потточка 1.5., и дел III потточка 2.1. и 2.3 од оваа програма се реализира врз основа на одобрени барања за исплата по објавен јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма. Финансиските средства ќе се исплаќаат авансно, до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ.

(6) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.6., 1.7. и 1.8, дел III потточка 2.2. и дел V потточки 4.1 и 4.2 од оваа програма се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по објавен јавен повик од Агенцијата. Во јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(7) Исплатата на средствата од дел II потточка 1.6., 1.7. и 1.8 од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа за:

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2023 до 20 март 2024 година,
- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2024 година,
- набавена опрема за видео надзор и
- изведени акции за чистење на препреки и отстранување на тврдиот отпад од и до риболовните води.

(8) Исплатата на средствата од дел III потточка 2.2. од оваа програма за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 31 мај и
- за насадување на рибниците во периодот од 1 јули до 30 септември.

(9) Исплатата на средствата од дел IV став (1) потточка 3.1. од оваа програма се врши врз основа на известување за исплата од Министерството, кое се доставува до Агенцијата најдоцна до 20 декември 2024 година.

(10) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3 и 1.4. од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување.

(11) Контролите на барањата за користење на средства, барањата и известувањата за исплата кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавениот јавен повик, како и контролите на лице место ги врши Агенцијата.

IX

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите, согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

X

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-816/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**358.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2024 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма во 2024 година во износ од 108.328.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.283/23), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст:УХМР), ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Назив на програмски активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Програмски активности од областа на администрација | 99.816.000,00 |
| 2. | Програмски активности од областа на хидрометеоролошки работи | 8.512.000,00 |
| | **Вкупно:** | 108.328.000,00 |

II

Средствата од дел I точка 1 од оваа програма во износ од 99.816.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР. | 99.816.000,00 |

III

Средствата од дел I точка 2 од оваа програма во износ од 8.512.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Мерења на квантитативните карактеристики на водите, редовна обиколка на метеоролошките станици и радарските центри и спроведување на серии за хемиска и биолошка анализа на водите | 1.200.000,00 |
| 2. | Изготвување на:<br>-хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води,<br>-дневни, декадни, месечни, сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи,<br>-редовни и вонредни временски прогнози,<br>-хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води | 700.000,00 |
| 3. | Одржување на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици, функционирање на системот за радарски мониторинг на облачните системи и одржување на опрема за следење на квалитет на води | 745.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Хидролошки и метеоролошки мерења и набљудувања во мрежата на станици за површински и подземни води и мрежата на метеоролошки станици | 2.725.000,00 |
| 5. | Прием и обработка на податоци од меѓународна размена за изготвување на хидрометеоролошки извештаи | 1.910.000,00 |
| 6. | Осовременување на хидрометеоролошкиот мониторинг систем, радарскиот мониторинг и осовременување на теренски мерења за квалитетот на водите | 1.232.000,00 |

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-820/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**359.**

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година во вкупен износ од 1.348.759.660 денари се обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Раздел 14004-Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Програма 2-Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20-Финансиска поддршка во земјоделството, Ставка 464-Разни трансфери во износ од 508.433.660 денари и Потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Ставка 489–Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 840.326.000 денари.

II

(1) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 1.026.826.000 денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

| **Код на мерка** | **Назив на мерка** | **Износ (во денари)** |
|---|---|---|
| 111 | Обука и информирање на земјоделските производители | 20.000.000 |
| 112 | Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 14.200.000 |
| 113 | Поддршка за поттикнување на земјоделско производство | 4.100.000 |
| 115 | Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство | 6.000.000 |
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 699.126.000 |
| 122 | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 500.000 |
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 81.500.000 |
| 125 | Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехранбениот сектор (интегрирани проекти) | 100.000 |
| 131 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | 3.000.000 |
| 211 | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | 98.000.000 |
| 213 | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 40.000.000 |
| 214 | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 28.000.000 |
| | - активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 2.000.000 |
| | - воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на | 6.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтони раси на добиток (214.2) | |
| | - зачувување на генетската разновидност на автохтоните земјоделски растенија (винова лоза Станушина) и автохтоните раси на добиток (говедо-буша), овца - праменка (каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца), коза – балканска коза, куче– овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол – домашен бивол) (214.3) | 20.000.000 |
| 321 | Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини | 7.500.000 |
| 322 | Обнова и развој на селата | 12.500.000 |
| 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 10.000.000 |
| 412 | Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ) | 1.700.000 |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 600.000 |
| ВКУПНО МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | 1.026.826.000 |

(2) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 295.772.404 денари ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

| **1.Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој** | | **258.910.000** |
|---|---|---|
| 1.1 | Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија | 15.000.000 |
| 1.2 | Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија | 60.000.000 |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 16.500.000 |
| | Трошоци за изработка на елаборати и спецификации за регистрација и заштита на називот на земјоделските и прехрамбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет (1.3.1) | 3.660.000 |
| | Трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал (1.3.2) | 4.500.000 |
| | Трошоци за организирање на трговски, студиски и медиумски посети во Република Северна Македонија (1.3.3) | 620.000 |
| | Закуп на медиумски простор за објава на статии за македонски производи во странски специјализирани списанија за храна и вино (1.3.4) | 620.000 |
| | Трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи (1.3.5) | 5.100.000 |
| | Трошоци за ангажман на лица за промоција на вино и други производи од винско грозје на социјалните мрежи (1.3.6) | 2.000.000 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 500.000 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 500.000 |
| 1.6 | Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 35.600.000 |
| 1.7 | Воспоставување и спроведување на иновативни практики | 10.000 |
| 1.8 | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 130.800.000 |
| | Трошоци за воспоставување, одржување и надградба на регистри и бази на податоци кои ги води Министерството за | 16.300.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | земјоделство, шумарство и водостопанство (1.8.1) | |
| | Трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци кои ги води Агенцијата (1.8.2) | 10.000.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Агенцијата (1.8.3) | 950.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (1.8.4) | 50.000 |
| | Инвестициони вложувања за санација на метеоролошки станици, како и трошоци за набавка на хардвер и софтвер за хидрометеоролошка опрема и радарски систем (1.8.5) | 13.000.000 |
| | Трошоци за организирање на работилници и промотивни кампањи од областа на земјоделството и руралниот развој (1.8.6) | 6.000.000 |
| | Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот (1.8.7) | 13.500.000 |
| | Услуги за авионско засејување на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви (1.8.8) | 65.000.000 |
| | Трошоци за ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за ски центар Царев Врв со идеен проект (1.8.9) | 6.000.000 |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 26.676.340 |
| 3 | Активности на Националната рурална мрежа | 10.186.064 |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **295.772.404** |

(3) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 13.487.596 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

(4) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 12.673.660 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој, како неподмирени обврски по издадено Решение за одобрување на средства од страна на Агенцијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

III

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 111 „Обука и информирање на земјоделските производители“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 66 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за организирање и одржување на обуки и информативни сесии од следните области:

- успешно организирање и раководење на земјоделското стопанство;
- воведување на дополнителни дејности на земјоделското стопанство;
- воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики;
- трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати;
- користење на информатички технологии за земјоделско производство;
- примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита и здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата, заштита на здравјето и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси;
- примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и
- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

(2) Корисници на поддршката од ставот (1) на овој член се давателите на обуката или на други форми на трансфер на знаење и активности за информирање.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува 100% од вредноста на прифатливите и направените трошоци.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа соодветно по секоја реализирана обука или информативна сесија врз основа на реалниот број на учесници.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој дел е наменета за земјоделските стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

IV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно членовите 67 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа по реализација на инвестицијата.

(3) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за истиот тип на инвестиција (градба, опрема и услуги) не можат да бидат корисници на финансиска поддршка на мерката од ставот (1) на овој дел.

(4) Земјоделските стопанства кои биле корисници на мерката од ставот (1) на овој дел од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за претходните години, не можат да бидат корисници на оваа мерка.

(5) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(6) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 14.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска помош согласно член 67-а од Законот за земјоделство и рурален развој за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа по реализација на инвестицијата.

(3) Неповратната поддршка од ставот (1) на овој дел се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрување на поддршката.

(4) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел, може да изнесува до 1.200.000 денари.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува на семејни земјоделски стопанства кои не користеле поддршка од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(6) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(7) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за истиот тип на инвестиција (градба, опрема и услуги) не можат да бидат корисници на финансиска поддршка на мерката од ставот (1) на овој дел.

(8) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 4.100.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 115 „Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции кои ќе допринесат за развој на руралните средини и ќе се доделуваат на женски член на земјоделско стопанство запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(2) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува до 360.000 денари по корисник.

(3) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за истиот тип на инвестиција (градба, опрема и услуги) не можат да бидат корисници на финансиска поддршка на мерката од ставот (1) на овој дел.

(4) Земјоделските стопанства кои биле корисници на мерката од ставот (1) на овој дел од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години, не можат да бидат корисници на оваа мерка.

(5) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(6) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 6.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 115 „Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 70, 90 и 94 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка, а поддршката претставува учество во нови инвестиции за следните намени:

- набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата Буша), набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци и набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла кози од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за зоотехника;
- набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) чистокрвни или хибриди од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за зоотехника;
- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;
- набавка на пчелни матици и пчелни роеви од одобрени одгледувалишта согласно Законот за зоотехника;
- набавка на опрема во пчеларството;
- набавка на трактори;
- набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици и/или мобилни сушари за ориз;
- набавка на машини за разбивање на мраз;
- набавка на опрема за систем за наводнување - капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода;
- набавка на комбајни за жито;
- набавка на опрема за производство на тутун;
- инвестиции во објекти за производство на храна од животинско и/или неживотинско потекло;
- набавка на силоси;
- набавка на опрема за навигација и смарт земјоделство на постоечки трактори, комбајни и приклучна механизација, хардвер и софтвер за примарно земјоделско производство;
- набавка на приклучна механизација и
- инвестиција во објекти на фарми за обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, за потребите на објектот.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеи 2 и 4 на овој дел, за периодот од 1 октомври 2023 година до 30 септември 2024 година е најдоцна до 31 октомври 2024 година.

(3) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 2 и 4 на овој дел за периодот од ставот (2) на овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 1 октомври 2024 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој дел, за периодот од 1 мај 2023 година до 31 декември 2023 година е 31 мај 2024 година.

(5) За реализација на мерката од ставот (1) алинеја 3 на овој дел за периодот од ставот (4) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 30 април 2024 година.

(6) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 1, 6, 7 и 10 на овој дел, Агенцијата објавува јавни повици за поднесување на барања за финансиска поддршка.

(7) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 5, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 на овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за поднесување на барања за финансиска поддршка до 30 ноември 2024 година.

(8) Агенцијата ги обработува поднесените барања од јавниот повик од ставот (7) на овој дел во рок од 30 дена по поднесувањето и доколку барањата се прифатливи склучува договор за финансиска поддршка најдоцна 60 дена од денот на поднесување на барањето.

(9) Корисниците на мерката од ставот (1) алинеја 12 на овој дел, треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(10) Дел од средствата од став (1) на овој дел во износ од 699.000.000 денари се наменети за превземени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VIII

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 71 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

IX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- системи за снабдување со вода, вклучително и бунари, водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- изградба и/или реконструкција на придружни објекти на пасишта во државна сопственост, како и набавка на машини за молзење на овци;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште;
- консолидација на земјоделско земјиште и
- санација и модернизација на силоси во државна сопственост.

(2) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 1 на овој дел е Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија и јавните водостопански претпријатија.

(3) Корисник на средствата од ставот (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 на овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 6 на овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(5) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 7 на овој дел е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(6) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 8 на овој дел е Јавното претпријатие Агро-Берза – Скопје.

(7) Средствата за инвестициите од ставот (1) алинеја 6 на овој дел ги спроведуваат корисниците од ставот (4) на овој дел по пат на јавна набавка.

(8) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(9) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(10) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 15.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

X

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 125 „Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехранбениот сектор (интегрирани проекти)“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72, 74 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- воспоставување на задруга во тековната година и одржување на работата на веќе воспоставени задруги;
- инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга;
- помош за организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи произведени и пласирани од земјоделска задруга;
- подобрување на целокупните резултати од работењето на преработувачките капацитети и
- развој на нови производи и дизајн, производни процеси и технологии за преработка како и нематеријални вложувања за подготвителни активности пред да се употребат новоразвиените производи, процеси или технологии за пазарни цели.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува врз основа на одобрен деловен план изготвен за плански период од најмалку пет години.

(3) За реализација на мерката од ставот (1) на овој дел, Агенцијата објавува јавен повик за поднесување на барања за финансиска поддршка до 30 јуни 2024 година.

(4) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 2.900.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од став (1) на овој дел во износ од 98.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики“ од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното сточарство како неповратна финансиска поддршка во висина од 100% од просечна месечна нето плата во дејноста од период 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади.

(2) За помошта од ставот (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е:

- одгледување на овци за едно вработено лице на 300 овци;
- одгледување на кози за едно вработено лице на 150 кози и
- одгледување на говеда за едно вработено лице на 100 говеда.

(3) Помошта од ставот (1) на овој дел се исплаќа за најмногу 15 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта.

(4) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(5) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел изнесува не повеќе од 620.000 денари по вработено лице.

(6) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 29.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за следните намени:

- активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви;
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток и
- зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток (говедо-буша, овца-праменка (каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца), коза–балканска коза, куче–овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол – домашен бивол).

(2) Средствата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на зоотехника, семе и саден материјал, здравје и заштита на растенијата и земјоделство и рурален развој.

(3) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 15.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км;
- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км;
- инвестиции во обезбедување на телекомуникациска инфраструктура во населени места-села до 500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија;
- инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места-села до 1.500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија;
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на земјоделски производи во рурални средини (зелени пазари);
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на жив добиток во рурални средини и за усогласување на постоечките пазари за жив добиток согласно прописите од областа на ветеринарството;
- инвестиции во објекти и опрема за детски, младински и/или пензионерски културни центри или клубови во населени места-села;
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1 км и
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(6) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 7.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 321 „Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за изработка на урбанистички планови за населени места - села,

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) од овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(6) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 12.300.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км;

- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини;

- одбележување и унапредување на планинарски и велосипедски патеки и

- уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација).

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(6) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 9.500.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVIII

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 89 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

XIX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87, 90 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Корисник на поддршката од ставот (1) на овој дел е Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од ставот (1) на овој дел треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Висината на поддршката за прифатливите трошоци со вклучени даноци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел не може да изнесува повеќе од 1.000.000 денари.

(5) Корисниците треба да достават три понуди и доказ за општи трошоци, прибавени од независни понудувачи доколку вредноста на поединечна ставка изнесува повеќе од 60.000 денари или една понуда за општи трошоци од независен понудувач доколку вредноста на поединечна ставка изнесува помалку од 60.000 денари.

XX

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 1 „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средства од дел II став (2) потточка 1.1 „Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија“ од оваа програма се наменети за организирање на ло-

кални манифестации и саеми од областа на земјоделството и руралниот развој на територијата на Република Северна Македонија, кои се спроведуваат согласно член 3 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Уредбата), а за организирање на манифестации (саеми, научно-стручни собири и изложби) од областа на земјоделството и руралниот развој од регионално и меѓународно значење, на територијата на Република Северна Македонија средствата се наменети за:

- „Вкусот на традицијата“ – Национален саем за храна и пијалоци – Скопје;
- Форум за тутун – Скопје;
- Vranec World Day 2023 – Skopje и
- Скопски вински салон – Винодонија 2024.

(3) Дел од средствата од ставот (2) на овој дел во износ од 1.800.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

(4) Средствата од делот II став (2) потточка 1.2 „Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија“ која се спроведува согласно член 4 од Уредбата, се наменети за трошоци за учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година и тоа за:

| | Назив на саемот/промотивниот настан | Локација | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| 1 | Агро Белград | Белград, Србија | 2024 |
| 2 | Monte Vino | Подгорица, Црна Гора | 2024 |
| 3 | Зелена недела (Green week) | Берлин, Германија | 2024/2025 |
| 4 | Fruit Logistica | Берлин, Германија | 2024/2025 |
| 5 | PLMA`s „World of Private Label“ | Амстердам, Холандија | 2024 |
| 6 | Bellavita Expo | Лондон, Велика Британија | 2024 |
| 7 | ProWein | Дизелдорф, Германија | 2024/2025 |
| 8 | World Food | Варшава, Полска | 2024 |
| 9 | Fruit Attraction | Мадрид, Шпанија | 2024 |
| 10 | Bellavita Expo | Чикаго, САД | 2024 |
| 11 | AGRA | Горна Радгоња, Словенија | 2024 |
| 12 | SIAL Paris | Париз, Франција | 2024 |
| 13 | Open Balkan Wine Vision | Белград, Србија | 2024 |
| 14 | Prowine Shanghai | Шангај, НР Кина | 2024 |
| 15 | World Food | Алмати, Казахстан | 2024 |
| 16 | Bellavita Expo | Парма, Италија | 2024 |
| 17 | Промотивни настани за промоција на земјоделско-прехранбени производи | САД и ЕУ и земјите од Отворен Балкан | 2024 |

(5) Дел од средствата од ставот (4) на овој дел во износ од 3.000.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Северна Македонија“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

(6) Средствата од делот II став (2) потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 5 од Уредбата, а подмерката „трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал“ се наменети за следните натпревари и видови на награди:

| Натпревар | Специјализирана награда | Златна медала | Сребрена медала |
|---|---|---|---|
| *1. Меѓународни натпревари:* | | | |
| 1.1. Decanter UK / Asia | - Platinum - Best in Show<br>- Platinum | да | да |
| 1.2. London International Wine Challenge | - Trophy<br>- Champion of Champions’ Trophy - Great Value Champion Awards<br>- Own Label Awards<br>- Planet Earth Awards<br>- Champion Wine Awards<br>-IWC Special Awards<br>- National Trophy<br>- International Varietal Trophy<br>- Varietal Trophy<br>- Regional Trophy | да | да |
| 1.3. Mundus Vini (Spring / Summer) | - Grand Gold<br>- Best of Show | да | да |
| 1.4. Citadelles du Vin | - Special Prize North Macedonia | да | да |
| 1.5. International Wine Challenge AWC Vienna | - Best red wine of the year<br>- Best white wine of the year<br>- Best sweet wine of the year<br>- Best sparkling wine of the year | да | / |
| 1.6. Concours Mondial de Bruxelles | - Grand Gold<br>- Revelations | да | / |
| 1.7. Vranec Selection by CMB 2023 | - Grand Gold<br>- Revelations | да | да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.8. China Wine and Spirits Awards | - Trophy<br>- Best Value<br>- Double Gold | да | / |
| 1.9. Japan wine awards SAKURA | - Diamond Trophy<br>- Double Gold | да | да |
| 1.10. International Wine and Spirit Competition IWSC | - Trophy award | да | да |
| *2. Регионални натпревари:* | | | |
| 2.2. Balkans International Wine Competition BIWC | - Grand Trophy<br>- White wine Trophy<br>- Red wine Trophy<br>- Rose wine Trophy<br>- Sparkling wine Trophy<br>- Sweet wine Trophy<br>- Best indigenous white<br>- Best indigenous rose<br>- Best indigenous red<br>- Best of Show North Macedonia | да | / |

(7) За реализација на поддршката од ставот (6) на овој дел, односно за подмерката 1.3.5 „трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи" Агенцијата објавува јавни повици за периодот од:

- 1 јули 2023 година до 31 декември 2023 година, со краен рок на поднесување на барања за исплата до 15 февруари 2024 година, и
- 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година, со краен рок на поднесување на барања за исплата до 15 август 2024 година.

(8) Дел од средствата од ставот (6) на овој дел во износ од 4.500.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи", односно за подмерката 1.3.5 „трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(9) Дел од средствата од ставот (6) на овој дел во износ од 2.400.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(10) Средствата од делот II став (2) потточка 1.4 „Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија" од оваа програма се реализираат согласно член 6 од Уредбата.

(11) Средствата од дел II став (2) потточка 1.5 „Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се реализираат согласно член 7 од Уредбата.

(12) Средствата од дел II став (2) потточка 1.6 „Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери" од оваа програма се реализираат согласно член 8 од Уредбата.

(13) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 „Воспоставување и спроведување на иновативни практики" од оваа програма се реализираат согласно член 9 од Уредбата.

(14) Средствата од дел II став (2) потточка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се реализираат согласно член 10 од Уредбата.

(15) Дел од средствата од ставот (14) на овој дел во износ од 19.000.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXI

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 2 „Субвенционирање на каматна стапка" од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 26.500.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на точката 2 „Субвенционирање на каматна стапка" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXII

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 3 „Активности на Националната рурална мрежа" се спроведуваат согласно член 26-а од Законот за земјоделство и рурален развој и Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија.

(2) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 780.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на точката 3 „Поддршка за воспоставување и активности на Националната рурална мрежа" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXIII

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува отворени јавни повици за поднесување на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка до 30 ноември 2024 година.

(2) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма, освен за мерката 131 од делот II став (1) од оваа програма каде може да поднесе најмногу две барања.

(3) По исклучок на ставот (2) од овој дел, за мерките 321 и 323 од делот II став (1) од оваа програма, еден корисник може да поднесе само по едно барање за една од мерките.

(4) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

XXIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-831/4<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**360.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21) и член 6 став (6) и член 61 од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 274/22 и 129/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ВО 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитарната политика во 2024 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во износ од 25.380.000,00 денари и тоа од следните извори:

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 637 | **8.600.000,00** |
| 2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 631 | **13.580.000,00** |
| 3. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 53 – Државна фитосанитарна лабораторија, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 631 | **3.200.000,00** |

**III**

Средствата во вкупен износ од 8.600.000,00 денари, утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за 2024 година | 1.699.600,00 |
| 2. Мониторинг во областа на производството, прерработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофармацевтските производи и резидуи од фитофармацевтските производи во производи од примарно земјоделско производство за 2024 година | 1.001.446,00 |
| 3 Спроведување на решенијата за јавните овластувања издадени врз основа на јавен конкурс согласно член 67 ставови 3, 4 и 8 од Законот за здравјето на растенијата | 4.000.000,00 |
| 4. Активности поврзани со справување со итни ситуации и спроведување на системот на пасоши на растенија кај останатите земјоделски и шумски видови на растенија | 920.000,00 |
| 5. Набавка на опрема за сертификација на опремата за апликација на фитофарматцевските производи | 978.954,00 |
| **вкупно** | **8.600.000,00** |

**IV**

Средствата во вкупен износ од 13.580.000,00 денари, утврдени во дел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за фитофармација (*) и Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата), одржување и надградба на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС), подготвување на насоки, упатства, брошури од областа на фитосанитарната политика, воспоставување на мрежа за спроведување на Интегрална заштита на | 13.580.000,00 |

| | |
|---|---|
| растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантни штетни организми, спроведување на активности за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи и за регистрација на економски оператори и производители и неподмирени обврски од 2023 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2023 година | |
| **вкупно** | **13.580.000,00** |

V

Средствата во вкупен износ од 3.200.000,00 денари, утврдени во дел II точка 3 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| Набавка на софистицирана лабораториска опрема, како и за набавка на ИТ опрема и софтверски решенија за Лабораторискиот информативен и менаџмент систем (ЛИМС) за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државната фитосанитарна лабораторија. | 3.200.000,00 |
| **вкупно** | **3.200.000,00** |

VI

Средствата во вкупен износ од 1.699.600,00 денари, утврдени во дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир | 454.900,00 |
| 2. Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза | 491.350,00 |
| 3 Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија | 166.400,00 |
| 4 Фитосанитарен мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал) | 560.850,00 |
| 5. Фитосанитарен мониторинг за тутун | 26.100,00 |
| **вкупно** | **1.699.600,00** |

VII

Средствата во вкупен износ од 454.900,00 денари, утврдени во дел VI точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Ralstonia solanacearum* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, цели растенија, почва и вода); растенија за садење од *Solanum lycopersicum*, *Capsicum annuum*, *Solanum melongena*, | 180 | 850,00 | 153.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *Pelargonium*, плевели од *Solanace*) | | | |
| *Clavibacter sepedonicus* | Solanum tuberosum L. (кртоли, цели растенија) | 150 | 850,00 | 127.500,00 |
| *Synchytrium endobioticum* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, почва) | 80 | 500,00 | 40.000,00 |
| *Globodera pallida & Globodera rostochiensis* | *Solanum tuberosum L.* (цели растенија, кртоли, почва), *Solanum lycopersicum* и *Solanum melongena* (растенија и почва) | 160 | 490,00 | 78.400,00 |
| *Meloidogyne chitwoodi, Meloidogyne fallax* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, почва) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Tecia (Scrobipalpopsis) solanivora* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли и почва) | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Epitrix cucumeris, E. papa, E. subcrinita, E. tuberis* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли и преглед на мамци) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Potato spindle tuber viroid* | *Solanum tuberosum* L. (кртоли, цели растенија и почва), растенија за садење од *Capsicum annuum* и *Solanum* spp., семе од *Capsicum annuum* и *Solanum lycopersicum* | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |
| **вкупно** | | | | **454.900,00** |

VIII

Средствата во вкупен износ од 491.350,00 денари, утврдени во дел VI точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Xylella fastidiosa* | *Vitis, Prunus, Olea europea, Citrus, Rubus* | 220 | 850,00 | 187.000,00 |
| *Tomato ringspot virus* | *Prunus* spp., *Vitis* L., *Rubus* spp., | 25 | 850,00 | 21.250,00 |
| *Tobacco ringspot virus* | *Rubus* spp., *Vitis* L. | 25 | 850,00 | 21.250,00 |
| *Grapevine flavescence dorée* | *Vitis* L. | 80 | 2.200,00 | 176.000,00 |
| *Acidovorax citrulli* | *Citrullus lanatus, Cucumis melo* | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| *Alternaria mali* | Malus domestica | 5 | 1.080,00 | 5.400,00 |
| *Scaphoideus titanus (vector GFD)* | *Vitis* L. | 50 | 370,00 | 18.500,00 |
| *Aromia bungii* | *Prunus* L. | 10 | 370,00 | 3.700,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Grapholita inopinata* | *Cydonia* Mill., *Malus* Mill., *Prunus* L., *Pyrus* L. | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Ceratitis capitata* | *Prunus persica, Citrus reticulata, Citrus sinensis, Mangifera indica* | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Bactrocera dorsalis, B. zonata* | плодови од *Malus, Prunus, Pyrus, Citrus* | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Halyomorpha halys* | *Plants and fruits of Malus, Prunus, Pyrus, herbaceous plants* | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| **вкупно** | | | | **491.350,00** |

**IX**

Средствата во вкупен износ од 166.400,00 денари, утврдени во дел VI точка 3 од оваа програма ќе се користат за:

**Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија**

| штетен организам | растенија домаќини | број на лабораториски анализи | единечна цена (денари) | вкупни трошоци (денари) |
|---|---|---|---|---|
| *Bursaphelenchus xylophilus* и неговите вектори - од родот *Monochamus* | *Abies* Mill., *Cedrus Trew*, *Larix* Mill., *Picea A. Dietr.*, *Pinus* L., *Pseudotsuga* Carr. и/dhe *Tsuga* Carr.(растенија, дрво); | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Chrysanthemum stem necrotic tospovirus* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Solanum lycopersicum* L., | 30 | 850,00 | 25.500,00 |
| *Xanthomonas arboricola* pv. *corylina* | *Corylus avellana* | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| *Erwinia stewartii (Pantoea stewartii)* | *Zea mays* (растенија за садење и семе) | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Phytophthora ramorum* | *Acer* spp., *Aesculus* spp., *Calluna vulgaris, Camellia, Castanea, Fagus sylvatica, Fraxinus excelsior* , *Hamamelis virginiana, Heteromeles arbutifolia, Kalmia latifolia, Laurus nobilis, Lonicera hispidula, Photinia* x *fraseri, Pieris* spp., *Pseudotsuga menziesii, Quercus* spp., *Rhododendron* spp. , *Sequoia sempervirens, Syringa vulgaris, Vaccinium* | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *ovatum, Viburnum* spp. (растенија, дрво и почва) | | | |
| *Anthonomus eugenii* | *Capsicum* L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| *Liriomyza sativae, Amauromyza maculosa* | зељести растенија | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Liriomyza huidobrensis, Liriomyza trifolii* | зељести растенија | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| *Bemisia tabaci* (не европски популации) вектор на *Tomato yellow leaf curl virus & QP: Melon yellowing-associated virus, Squash vein yellowing virus, Tomato mild mottle virus, Cowpea mild mottle virus, Lettuce infectious yellows virus)* | растенија за садење, други од латентни растенија, растенија од култура на ткиво, семиња, луковици, кртоли, изданци и ризоми | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Tuta absoluta* | *Solanum lycopersicum* L | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Thrips palmi* | зељести растенија, плодови од *Solanum melongena* L., *Momordica* L., режано цвеќе од *Orchidaceae* | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Spodoptera frugiperda* | *Capsicum* L., *Solanum melongena* L., *Zea mays* (*Momordica* L., *Solanum aethiopicum* L., *Solanum macrocarpon* L. | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Spodoptera eridania, Spodoptera litura* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Spodoptera littoralis* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Popillia japonica* | *Vitis, Malus, Prunus, Rubus, Juglans, Acer, Aesculus, Betula, Castanea, Glycine, Platanus, Populus, Rosa, Salix, Tilia, Ulmus* | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| *Agrilus anxius* | *Betula spp.* (растенија, дрво) | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Agrilus planipennis* | *Fraxinus L., Juglans ailantifolia Carr., Juglans mandshurica Maxim., Ulmus davidiana Planch., Pterocarya rhoifolia* (растенија, дрво) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Anoplophora chinensis & A. glabripennis* | *Acer* spp., *Aesculus hippocastanum, Alnus* spp., *Betula* spp., *Carpinus* spp., *Citrus* spp., *Cornus* spp., *Corylus* spp., *Cotoneaster* | 15 | 370,00 | 5.550,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | spp., *Crataegus* spp., *Fagus* spp., *Lagerstroemia* spp., *Malus* spp., *Platanus* spp., *Populus* spp., *Prunus laurocerasus*, *Pyrus* spp., *Rosa* spp., *Salix* spp. и *Ulmus* spp. (растенија, дрво) | | | |
| *Thaumatotibia leucotreta* | Плодови од *Capsicum* (L.), *Prunus persica* (L.) *Batsch*, Punica granatum , *Citrus* L., освен *Citrus limon & Citrus aurantiifolia* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Diabrotica virgifera virgifera* | *Zea mays* (почва и растенија) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| **вкупно** | | | | **166.400,00** |

**X**

Средствата во вкупен износ од 560.850,00 денари, утврдени во дел VI точка 4 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Pepino mosaic potexvirus* | *Solanum lycopersicum* L. | 30 | 850,00 | 25.500,00 |
| *Tomato brown rugose fruit virus* | *Solanum lycopersicum L.* и *Capsicum* spp. (растенија за садење) | 20 | 2.700,00 | 54.000,00 |
| *Pseudomonas syringae* pv. *actinidae* | Растенија за садење и жив полен од *Actinidia* | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Xylophilus ampelinus* | *Vitis* L. (растенија за садење, резници, гранчиња) | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| *Erwinia amylovora* | *Malus* Mill., *Pyrus* L., *Cydonia* Mill., *Amelanchier* Med., *Chaenomeles* Lindl., *Cotoneaster* Ehrh., *Crataegus* L., *Eriobotrya* Lindl., *Mespilus* L., *Photinia davidiana* (Dcne.) *Cardot*, *Pyracantha* Roem. и *Sorbus* L. | 15 | 850,00 | 12.750,00 |
| *Plum pox potyvirus* | *Prunus* L. | 50 | 850,00 | 42.500,00 |
| *Clavibacter michignensis ssp. michiganensis* | *Solanum lycopersicum* L. (семе и расад) | 10 | 850,00 | 8.500,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Xanthomonas campestris* pv.*vesicatoria* | *Solanum lycopersicum* L., *Capsicum* spp., | 25 | 850,00 | 21.250,00 |
| *Tomato yellow leaf curl begomovirus (*вектор: *Bemisia tabaci)* | *Solanum lycopersicum* L. (растенија за садење, освен семе) | 20 | 850,00 | 17.000,00 |
| *Xanthomonas campestris* pv. *phaseoli* | *Phaseolus* L. | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| *Fusarium circinatum* | Растенија за садење и семе од *Pinus L.* и *Pseudotsuga menziesii* | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| *Xanthomonas arboricola* pv. *pruni* | *Prunus* L. | 15 | 2.770,00 | 41.550,00 |
| *Monilinia fructicola* | *Prunus* L. | 20 | 2.770,00 | 55.400,00 |
| Ca. *Phytoplasma pyri (Pear decline)* | *Pyrus* L. | 20 | 2.200,00 | 44.000,00 |
| Ca. *Phytoplasma prunorum (Apricot chlorotic leafroll, ESFY)* | *Prunus* L. | 25 | 2.200,00 | 55.000,00 |
| Ca. *Phytoplasma mali (Apple proliferation)* | *Malus* Mill. | 30 | 2.200,00 | 66.000,00 |
| *Pseudomonas syringae* pv. *persicae* | *Prunus persica* (L.) Batsch | 25 | 1.080,00 | 27.000,00 |
| *Ditylenchus dipsaci* | *Medicago sativa* (семе), *Allium*, луковици (*Camassia* Lindl., Chionodoxa Boiss., *Crocus flavus* Weston, *Galanthus* L., *Hyacinthus*) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Ditylenchus destructor* | Solanum tuberosum, луковици | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Слободно живеачки нематоди (Xiphinema* spp., *Longidorus* spp.) | почва (матични растенија, расадници) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Quadraspidiotus perniciosus* | *Juglans* L., *Prunus* L., *Ribes* L. | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Frankliniella occidentalis* (вектор на *Impatiens necrotic spot tospovirus, Tomato spotted wilt tospovirus* ) | *Begonia* x *hiemalis* Fotsch, *Capsicum annuum* L., *Chrysanthemum* L., *Gerbera* L., *Impatiens* L. *New Guinea Hybrids, Pelargonium* L. | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Helicoverpa armigera* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium, Solanaceae* | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| **вкупно** | | | | **560.850,00** |

**XI**

Средствата во вкупен износ од 26.100,00 денари, утврдени во дел VI точка 5 од оваа програма ќе се користат за:

| Фитосанитарен мониторинг за тутун | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Peronospora tabacina* | *Nicotiana tabacum* L. | 30 | 500,00 | 15.000,00 |
| *Ephestia ellutela* | *Nicotiana tabacum* L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| *Lasioderme sericome* | *Nicotiana tabacum* L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| **вкупно** | | | | **26.100,00** |

**XII**

Средствата во вкупен износ од 1.001.446,00 денари од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности (испитување на сообразноста на декларираната количина на активна компонента во соодветниот фитофармацевтски производ) | 19.935,00 |
| 2. Мониторинг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин (проверка на присуство на резидуи од фитофармацевтски производи кои се користени за заштита на примарните земјоделски производи од растително потекло) | 981.511,00 |
| **вкупно** | **1.001.446,00** |

**XIII**

Средствата во вкупен износ од 19.935,00 денари, утврдени во дел XII точка 1 од оваа програма за мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности, ќе се користат согласно следниот план:

| **Ред. бр.** | **активна супстанца** | **вкупен број на мостри** | **вкупни трошоци (денари)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Cymoxanil | 5 | 6.645,00 |
| 2 | Glyphosate | 5 | 6.645,00 |
| 3 | Tebuconazole | 5 | 6.645,00 |
| **вкупно** | | **15** | **19.935,00** |

**XIV**

Средствата во вкупен износ од 981.511.00 денари, утврдени во дел XII точка 2 од оваа програма за мониторинг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин, ќе се користат согласно следниот план:

| растение или растителен производ | вкупен број на мостри | временски период за реализација на активноста | количина на примерок | единечна цена (денари) | вкупни трошоци (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Зеленчук** | | | | | |
| **домати** | 25 | март – ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 120.875,00 |
| **пиперки** | 25 | март – ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 120.875,00 |
| **краставици** | 25 | март – ноември | најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 120.875,00 |
| **зелена салата** | 10 | февруари - ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 48.350,00 |
| **зелка** | 7 | февруари – ноември | најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 33.847,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **лубеница/диња** | 7 | јули – септември | најмалку 5 единици (плодови) | 4.835,00 | 33.847,00 |
| **млад кромид** | 7 | јуни – јули | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 33.847,00 |
| **Овошје** | | | | | |
| **грозје** | 25 | јули-октомври | најмалку 5 единици (гроздови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 120.875,00 |
| **јаболка** | 25 | септември-октомври | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 120.875,00 |
| **праска** | 20 | јуни-септември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **цреша/вишна** | 20 | мај – јули | 1кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **сливи** | 7 | август – септември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 33.845,00 |
| **вкупно** | **203** | | | | **981.511.00** |

**XV**

Средствата од дел IV од оваа програма во износ од 13.580.000,00 денари ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за фитофармација (*) и Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата) | 1.000.000,00 |
| 2. Одржување и надградба на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС) | 5.000.000,00 |
| 3. Подготвување на насоки, упатства, брошури од областа на фитосанитарна политика | 2.000.000,00 |
| 4. Воспоставување на мрежа за спроведување на Интегрална заштита на растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантни штетни организми | 2.000.000,00 |
| 5. Спроведување на активности за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи и за регистрација на економски оператори и производители | 1.500.000,00 |
| 6. Неподмирени обврски од 2023 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2023 година | 2.080.000,00 |
| **вкупно** | **13.580.000,00** |

**XVI**

Средствата од дел V од оваа програма во износ од 3.200.000,00 денари ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Набавка на софистицирана лабораториска опрема, за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државната фитосанитарна лабораторија | **2.000.000,00** |
| 2. Набавка на ИТ опрема и софтверски решенија за Лабораторискиот информативен и менаџмент систем (ЛИМС) за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државната фитосанитарна лабораторија | **1.200.000,00** |
| **вкупно** | **3.200.000,00** |

XVII

Реализацијата на фитосанитарниот мониторинг од деловите VI, VII, VIII, IX, X и XI од оваа програма се врши со спроведување на здравствени прегледи согласно плановите за следење и мониторинг на карантинските и другите релевантни штетни организми.

Реализацијата на мониторингот од деловите XII, XIII и XIV од оваа програма се врши со земање на мостри при увоз и во објектите каде што се врши пласирање на пазар на големо и мало на фитофарматцевските производи и земање на примероци на отворено поле или заштитени простори.

Реализацијата на активностите од дел III точка 5, дел XV точки 2 и 3 и дел XVI од оваа програма ќе се врши со набавка согласно Законот за јавните набавки (*).

XVIII

Средствата од оваа програма ќе се исплатат врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по реализација на активностите.

По исклучок од ставот 1 на овој дел, средствата за исплата на активностите од дел III точка 3 од оваа програма, за спроведување на решенијата за јавните овластувања за вршење на задачите врз основа на јавен конкурс од областа на здравјето на растенијата, ќе се изврши со исплата на аванс од 30% од утврдениот износ под услови и на начин утврдени во договорите за извршување на јавни овластувања од областа на здравјето на растенијата, по нивното потпишување, а остатокот на средствата ќе се исплати по реализација на активностите.

XIX

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

XX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 41-832/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**361.**

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 199/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се спроведува внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола над производство на сертифициран семенски материјал и увезени партии на семе од земјоделски растенија и чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка.

**II**

Средствата од оваа програма во износ од **1.500.000,00** денари се обезбедуваат од:

| | **денари** |
|---|---|
| Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 14001, Програма 5, Потпрограма 52, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 464 - Разни трансфери | **1.500.000,00** |

**III**

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Финансиска поддршка за внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа | **100.000,00** |
| 2.Финансиски средства за постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе | **800.000,00** |
| 3. Финансиски средства за функционирање на ген банки | **600.000, 00** |
| ВКУПНО | **1.500.000,00** |

**IV**

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 100.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор | 40.000,00 |
| - Надоместок за работата на Комисијата за национална сортна листа | 30.000,00 |
| - Статистичка обработка на добиените резултати од испитувања на сортите | 30.000,00 |
| Вкупно | **100.000,00** |

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 800.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Организирање на постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе, вклучувајќи и увезени партии на семе | 800.000,00 |
| Вкупно | **800.000,00** |

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 600.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка | 600.000,00 |
| Вкупно | **600.000,00** |

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средствата од оваа програма се врши врз основа на:

а) договор што го склучува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со правно лице за намените од дел IV став 1 алинеи 1 и 3 и ставови 2 и 3 од оваа програма и

б) решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за намена од дел IV став 1 алинеја 2 од оваа програма.

VI

Средствата од оваа програма се неповратни.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" .

| | |
|---|---|
| Бр. 41-834/4<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

**362.**

Врз основа на член 38 став (1) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2024 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и извор на средствата.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција напростор за детскиградинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република СевернаМакедонија за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 69.385.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република СевернаМакедонија за 2024 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А -Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- Изградба на детска градинкаво Општина Желино,
- Изградба на детска градинка во Општина Струга,
- Изградба на детска градинка во Општина Долнени,
- Изградба на детска градинка во Општина Гази Баба,
- Изградба на детска градинка во Општина Карпош и
- Изградба на детска градинка во Општина Валандово.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2021, 2022 и 2023 година за кои веќе се отпочнатипостапки за јавни набавка: градежни работи за изградба на детски градинки во општините Чаир, Могила, Свети Николе, с.Ерџелија, Битола и Делчево; доградба на детски градинки во општините Гевгелија, Карбинци и Дебар и опремување на детски градинки во општините: Чаир, Битола, Могила, Св. Николе с. Ерџелија, Дебар, Кавадарци, с. Дреново и Јегуновце, с. Вратница.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за труд и социјална политикаи доставува извештај до Владата на Република СевернаМакедонија најдоцна до 31 декември 2024 година.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република СевернаМакедонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-911/3<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Бојан Маричиќ,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**363.**

Врз основа на член 161 ставови (8) и (14) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18 ), а во врска со член 6 став (2) и член 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19), министерот за правда донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ПОЛАГАЊЕТО НА НОТАРСКИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит (во натамошниот текст: „испитот").

Член 2

(1) Испитот се полага во: априлска, јунска, септемвриска и декемвриска испитна сесија.

(2) Времето и местото на одржување на испитот се објавува на веб страната на Министерството за правда.

(3) Пријавувањето за испитот е од први до петнаесети во месецот кој претходи на месецот од испитната сесија.

Член 3

(1) Барањето за полагање на нотарскиот испит се поднесува во писмена форма во Министерството за правда.

(2) Кон барањето се приложува доказ во оригинал или заверен препис за завршено четиригодишно високо образование или дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), потврда со која се докажува работен стаж на правни работи од најмалку три години по положен правосуден испит или две години работен стаж во нотарска канцеларија и доказ за уплатениот износ на предвидените средства за полагање на испитот.

Член 4

(1) Писмениот дел од нотарскиот испит се состои од изготвување на нотарски исправи и заверки, преку кое се проверува практичното знаење на кандидатот во изготвување на нотарски исправи и заверки и познавање на правните институти во врска со нотарската дејност.

(2) Усниот дел од нотарскиот испит се состои од три предмети, и тоа:

- правните институти во врска со обавувањето на нотарската дејност и правните прописи со кои се уредува нотарската служба, составување, заверување и легализација на исправите во односите со меѓународни елементи, трговските друштва, претпријатијата и правните лица воопшто,
- евиденцијата на правата на недвижности, наследното, семејното, стварното и облигационото право и

- парничната и вонпарничната и извршната постапка и кривичното право во делот кој е од значење за вршење на нотарската служба.

Член 5

(1) Пред почетокот на писмениот дел од испитот се утврдува идентитетот на кандидатите што ќе полагаат.

(2) На писмениот дел од испитот можат да присуствуваат само членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите што полагаат.

(3) При полагање на писмениот дел од испитот кандидатите може да се служат само со закони и други прописи во кои не се содржани објаснувања, коментари и слично.

(4) За време на полагање на писмениот дел од испитот, не е дозволено меѓусебно договарање на кандидатите, ниту напуштање на просторијата во која се изведува испитот.

Член 6

(1) Времето за изработка на писмената задача изнесува три часа.

(2) Кандидатот кој во определеното време не ја изработил писмената задача ја предава на Комисијата во состојба во која ја изработил.

(3) Кандидатот кој ја завршил писмената задача може да ја предаде во секое време, пред истекот на определеното време од ставот (1) на овој член.

Член 7

(1) Пред да се премине на усниот дел од испитот, членовите на Комисијата ги прегледуваат писмените задачи и ги оценуваат со оценка "положил" или "не положил".

(2) Писмениот дел од испитот е елиминаторен.

(3) Кандидатот кој на писмената задача е оценет со "не положил" не може да го полага усниот дел од испитот.

Член 8

(1) Усниот дел од испитот се полага најдоцна во рок од седум дена од денот на одржување на писмениот испит.

(2) Полагањето на усниот дел се закажува дополнително ако кандидатот го положил писмениот дел од испитот.

(3) Испитувањето на кандидатот може да трае најмногу три часа.

(4) Усниот дел од испитот е јавен.

(5) Ако некое од присутните лица на испитот го нарушува редот и дисциплината, тоа може да биде и отстрането.

Член 9

(1) Кандидатот кој на усниот дел од испитот е оценет со оценка "не положил" по два предмети ќе се смета дека испитот не го положил целосно.

(2) Кандидатот кој на усниот дел од испитот е оценет со оценка „не положил“ по еден предмет има право на поправен испит во истата испитна сесија.

(3) Кандидатот кој не го положил испитот целосно, може да го повтори полагањето на испитот во наредните испитни рокови.

Член 10

(1) Кандидатот кој нема да дојде во определениот ден да го полага испитот или ќе дојде, а нема да го полага, се смета дека испитот не го полагал.

(2) Кандидатот кој го започнал полагањето на испитот, ја примил писмена задача или прашањата од усниот дел од испитот и без оправдани причини (болест, несреќа, смртен случај или слично) се откаже, се смета дека испитот не го положил.

(3) Кандидатот кој го положил писмениот дел од испитот и уредно бил известен за полагањето на усниот дел од испитот, а не се појавил на датумот одреден за усниот дел од испитот, се смета дека се откажал од полагањето на испитот.

Член 11

(1) Полагањето на испитот може да се одложи од оправдани причини (болест, несреќа, смртен случај или слично) поради кои кандидатот е спречен да го полага испитот во испитната сесија во која го пријавил.

(2) Молбата за одлагање на испитот се поднесува најдоцна два дена пред денот кога кандидатот требало да полага.

(3) Полагањето на започнатиот испит може да се одложи поради болест, несреќа, смртен случај во семејство или други оправдани причини за кои кандидатот најдоцна два дена пред денот на полагање доставува писмени докази до Комисијата.

(4) За продолжување со испитот кандидатот од ставот (1) на овој член поднесува молба до Комисијата. За молбата одлучува Комисијата.

(5) По одобреното продолжување на испитот од страна на Комисијата, кандидатот продолжува да го полага испитот.

Член 12

(1) За време на испитот секретарот на Комисијата води записник за секој кандидат поодделно, и тоа посебен записник за писмениот и посебен за усниот дел од испитот.

(2) Во записникот се внесува: датумот и местото на полагање, личните податоци на кандидатот, составот на Комисијата, времето на започнување и завршување на испитот, испитните прашања и оценката за испитот.

(3) Кон записникот се приложува и писмената задача на кандидатот.

(4) Записникот го потпишуваат членовите и секретарот на Комисијата.

Член 13

По завршување на испитот, претседателот на Комисијата веднаш им ја соопштува оценката од испитот на кандидатите, а ако тоа не е можно најдоцна до три дена од денот на завршување на испитот.

Член 14

(1) На кандидатот кој го положил испитот Комисијата му издава уверение за положен нотарски испит.

(2) Уверението за положен нотарски испит се издава најдоцна до 30 дена од денот на полагање на испитот.

(3) Уверението се издава во два примерока од кои еден за кандидатот , а другиот останува во досието на кандидатот во Министерството за правда.

(4) Образецот на уверението за положен нотарски испит е даден во Прилог бр. 1 и Прилог бр. 1-а и се составен дел на овој правилник.

Член 15

Кандидатите кои го положиле испитот се евидентираат во евиденцијата при Министерството за правда во која се внесуваат податоци за кандидатот барањето за полагање, име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, ЕМБГ, датум и факултет на дипломирање, датум на полагање на писмен и усмен дел од испитот и забелешка, по што претседателот и секретарот на испитната комисија се потпишуваат.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 47/19).

Член 17

(1) Dhënia e provimit të filluar mund të prolongohet për shkaqe të arsyeshme (sëmundje, fatkeqësi, rast vdekje në familje ose ngjashëm), për të cilat kandidati më së voni dy ditë para mbajtjes së terminit për pjesën me gojë të provimit, në Komisionin dorëzon kërkesë të shoqëruar me dëshmi me shkrim.

(2) Për vazhdimin e provimit, kandidati nga paragrafi (1) i këtij neni parashtron lutje në Komisionin.

(3) Pas vazhdimit të aprovuar të provimit nga Komisioni, kandidati vazhdon ta japë provimin.

Ridhënia e provimit

Neni 15

Kandidati i cili nuk e ka dhënë provimin mund ta përsëritë dhënien e provimit në afatet e ardhshme të provimit.

Evidenca e kandidatëve që e kanë dhënë provimin

Neni 16

Kandidatët që e kanë dhënë provimin evidentohen në evidencën në Ministrinë e Drejtësisë ku shënohen të dhënat për kandidatin nga paraqitja për provim, emri, emri i babait dhe mbiemri, data dhe vendlindja, NUAQ, data dhe fakulteti i diplomimit, data e dhënies së pjesës me shkrim dhe me gojë të provimit, numri i pikave me të cilin kandidati e ka dhënë provimin dhe vërejtja, pas së cilës kryetari dhe sekretari nënshkruhen në komisionin e provimit.

Neni 17

Me ditën e hyrjes në fuqi të kësaj rregullore shfuqizohet Rregullorja për programin dhe mënyrën e dhënies së provimit për përmbarues dhe formën dhe përmbajtjen e certifikatës për provimin e dhënë për përmbarues (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 33/19 dhe (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut”, nr. 47/19 dhe 297/20).

Neni 18

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e ardhshme nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Nr. 01-13/2
12.1.2024
Shkup

Ministër i Drejtësisë,
**Krenar Lloga**, d.v.

Shtojca numër 1

**PROGRAMI**
**PËR DHËNIEN E PROVIMIT PËR KANDIDATË PËR PËRMBARUES**

FUSHAT:

I. PËRMBARIMI, PROCEDURA KONTESTIMORE DHE PROCEDURA JASHTËKONTESTIMORE DHE NOTERIA

**PËRMBARIMI**

1. Dispozitat themelore (baza për përmbarim, kompetenca, vëllimi i përmbarimit, rendi i shlyerjes, mbrojtja e palëve).
2. Dokumente përmbaruese.
3. Përmbarimi i detyrimeve të kushtëzuara dhe të ndërsjella, detyrimeve alternative dhe autorizimeve fakultative.
4. Mjetet dhe lëndët për përbarim.
5. Anulimi i transaksioneve, parashtrimi i kërkesës, tërheqja e kërkesës për përmbarim dhe ndërprerje të përmbarimit.
6. Përmbaruesi (kushtet për emërim, emërimi, deklarata solemne, deklarata dhe fillimi me punë, selia, vula, vula katrore, certifikata digjitale, llogaria e veçantë dhe lidhja elektronike, legjitimacioni dhe mbikëqyrja e punës së përmbaruesve)
7. Veprime përmbaruese
8. Zëvendëspërmbaruesi dhe ndihmëspërmbaruese
9. Përgjegjësia disiplinore e përmbaruesve
10. Ndërprerja e detyrës së përmbaruesit
11. Organizata e përmbaruesve
12. Realizimi i përmbarimit.
13. Kundërpërmbarimi.
14. Prolongimi dhe ndërprerja e përmbarimit.
15. Përmbarimi për arkëtim të kërkesave monetare – përmbarimi mbi sendet e luajtshme – në përgjithësi.
16. Përmbarimi për arkëtimin e kërkesës monetare – nënshkrimi, vlerësimi dhe konfiskimi.
17. Përmbarimi për arkëtimin e kërkesës monetare – shitja e sendeve.
18. Përmbarimi për arkëtimin e kërkesës monetare – shlyerja e kreditorit.
19. Përmbarimi mbi kërkesën monetare me përjashtim nga përmbarimi dhe kufizimi i përmbarimit.
20. Përmbarimi mbi kërkesën monetare me veprime përmbaruese dhe ndalimi i kërkesës
21. Përmbarimi mbi kërkesën monetare – bartja e kërkesave.
22. Përmbarimi mbi kërkesën monetare – mbi pagën dhe të ardhurat tjera monetare dhe mbi kërkesën në llogarinë te banka.
23. Përmbarimi mbi kërkesën për t'u dorëzuar ose livruar sendet e luajtshme ose të dorëzohet sendi i paluajtshëm.
24. Përmbarimi mbi letrat me vlerë dhe mbi pjesëmarrjen në shoqërinë tregtare dhe mbi të drejta tjera pronësore.
25. Përmbarimi mbi sendin e paluajtshëm në përgjithësi.
26. Përmbarimi mbi sendin e paluajtshëm, përjashtimi, përcaktimi i vlerës
27. Përmbarimi mbi sendin e paluajtshëm – shitja e sendit të paluajtshmëm.
28. Përmbarimi mbi sendin e paluajtshëm – shlyerja e kreditorëve.
29. Përmbarimi mbi sendin e paluajtshëm – dispozita të veçanta për mënyrën e shlyerjes, ndarjes, ndërprerjes së të drejtës së debitorit mbi banesën e shitur.
30. Zbatimi i përmbarimit mbi pronën e paluajtshme të përshkruar në listën për parashënimin e objektit
31. Mënyra e realizimit të regjistrimit të të drejtave në librin publik kur debitori nuk është regjistruar si pronar.
32. Ekzekutimi i penaleve gjyqësore.
33. Përmbarimi mbi pronën e personave juridikë për shkak të arkëtimit të kërkesës monetare – nga llogaria e debitorit, kufizimi dhe përjashtimi.

34. Përmbarimi mbi pronën e personave juridikë për shkak të arkëtimit të kërkesës monetare ndaj Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe mbi kërkesën monetare të debitorit.
35. Përmbarimi për shkak të realizimit të kërkesës monetare - dorëzimi dhe livrimi i sendeve të luajtshme dhe zbrazja dhe dorëzimi i paluajtshmërisë.
36. Përmbarimi për shkak të realizimit të kërkesës jomonetare – detyrimi i veprimit, durimi ose mosveprimi.
37. Kthimi i punëtorit në punë; përmparimi me regjistrimin e të drejtës në librin publik, dhënia e deklaratës së vullnetit.
38. Ndarja fizike e sendeve
39. Forma dhe përmbajtja e urdhëresave, procesverbaleve dhe akteve tjera që i përgatit përmbaruesi.
40. Forma dhe mënyra e mbajtjes së evidencës për kërkesat e pranuara te përmbaruesi
41. Legjitimimi i përmbaruesit – forma, përmbajtja dhe mënyra e lëshimit të legjitimacioneve, përdorimi i legjitimacioneve.
42. Shfrytëzimi i të dhënave për debitorët – qasja në to dhe mënyra e përdorimit.
43. Kodi etik i sjelljes për përmbaruesit.
44. Llogaria e veçantë e përmbaruesit dhe mënyra për menaxhimin e saj.
45. Pajisja dhe ambienti të nevojshme për punën e përmbaruesit.
46. Tarifa e përmbaruesve.
47. Provimi për përmbaruesit dhe
48. Konkursi për përmbaruesit.

**2. PROCEDURA KONTESTIMORE**
1. Kompetenca lokale dhe sendore.
2. Palët dhe përfaqësuesi i tyre ligjor.
3. Të autorizuarit.
4. Gjuha në procedurën.
5. Parashtresat – në përgjithësi.
6. Afatet dhe seancat gjyqësore.
7. Kthimi në gjendjen e mëparshme.
8. Procesverbalet dhe miratimi i vendimeve.
9. Dorëzimi i shkresave dhe shqyrtimi i dokumenteve.
10. Shpenzimet në procedurën.
11. Palët kontestuese.
12. Pjesëmarrja e personave të tretë në procesin, pjesëmarrja e Prokurorit publik.
13. Përzierës, mëerimi i pararendësit, njoftimi i personave të tretë për procesin.
14. Aktgjykimi: nocioni, përmbajtja, llojet e aktgjykimit.
15. Aktvendimi.
16. Mjeti i rregullt juridik, ankesa (e drejta e ankesës, përmbajtja, shkaqet, procedura, vendimet).
17. Ankesa e aktvendimit.
18. Revizioni dhe
19. Përsëritja e procedurës.

**3. PROCEDURA JASHTËKONTESTIMORE**
1. Rregullimi i mënyrës së menaxhimit dhe shfrytëzimi i sendeve të përbashkëta.
2. Rregullimi i marrëdhënieve ndërmjet pronarëve të banesave.
3. Ndarja e sendeve ose pronës së përbashkët.
4. Rregullimi i kufijve të pronës.
5. Procedura për depozitën gjyqësore dhe
6. Procedura për rregullimin e marrëdhënieve pronësore të çifteve martesore.

**4. NOTERIA**
1. Nocioni i noterisë, noterëve, shërbimit noterial dhe dokumenteve dhe vërtetimeve noteriale
2. Selia zyrtare dhe zona zyrtare
3. Refuzimi për të ndërmarrë veprim zyrtar
4. Mënyra e shkrimit të dokumenteve dhe vërtetimeve noteriale
5. Nënshkrimi i dokumenteve noteriale
6. Çështjet juridike për të cilat akti noterial është i detyrueshëm dhe hartimi i aktit noterial
7. Plotfuqishmëria e dokumentit noterial
8. Konfirmimi i dokumentit privat dhe i dokumenteve noteriale për kalimin e të drejtave të pronësisë
8. Përmbajtja e aktit noterial dhe pavlefshmëria e aktit noterial
9. Urdhërpagesa noteriale dhe
10. Konfirmimi i fakteve dhe deklaratave dhe verifikimi i kopjeve.

Literatura:

- Ligji për përmbarim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 72/16, 142/16 dhe 233/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 14/20 dhe 154/23);
- Ligji për procedurë kontestimore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 dhe 124/15);
- Ligji për procedurë jashtëkontestimore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 9/08).
- Ligji për noteri (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 72/16, 142/16 dhe 233/18);
- Të gjitha aktet nënligjore që dalin nga Ligji për përmbarim të botuar në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë.

**II. E DREJTA PENALE – PJESA E PËRGJITHSHME DHE E VEÇANTË**
1. Sanksionet penale dhe kufizimi në ekzekutimin e sanksioneve penale
2. Vepra penale; me rëndësi të vogël; mbrojtja e nevojshme; nevoja e fundit
3. Përgjegjësia penale; Llogaritshmëria; Paramendimi; Pakujdesia
4. Iluzioni real; iluzioni juridik
5. Përgatitja; Përpjekja; Përpjekja e papërshtatshme;
6. Bashkekzekutimi; Inkurajimi; Ndihma
7. Përgjegjësia penale e personit juridik
8. Dënimi në të holla
9. Ekzekutimi i dënimit në të holla
10. Konfiskimi i pronës, dobisë pronësore dhe sekuestrimi i sendeve
11. Parashkrimi i ekzekutimit të dënimit
12. Amnistia dhe falja
13. Detyrimi
14. Privimi i kundërligjshëm nga liria
15. Maltretimi në kryerjen e shërbimit
16. Shkelja e paprekshmërisë së shtëpisë
17. Kryerja e paligjshme e bastisjes
18. Shkelja e konfidencialitetit të letrave ose dërgesave të tjera
19. Publikimi i paautorizuar i shkresave personale
20. Keqpërdorimi i të dhënave personale
21. Parandalimi i qasjes në sistemin informatikë publik
22. Zbulimi i paautorizuar i sekretit
23. Përgjimi i paautorizuar dhe incizimi i zërit
24. Incizimi i paautorizuar
25. Shkelja e së drejtës për parashtrimin e mjetit juridik
26. Dëmtimi i reputacionit të Republikës së Maqedonisë dhe ekspozimi ndaj përbuzjes së popullit maqedonas dhe pjesëtarëve të komuniteteve; Dëmtimi i reputacionit të gjykatës
27. Mospagimi i mbështetjes financiare; Shkelja e detyrimeve familjare
28. Fshehja; shërbimi
29. Sekuestrimi i mjetit motorik; Sekuestrimi i sendeve të huaja
30. Dëmtimi i sendeve të huaja; Dëmtimi i të drejtave të huaja dhe dëmtimi i ndërtesave dhe lokaleve banesore dhe afariste
31. Shpërngulja e paligjshme
32. Mashtrimi; Mashtrimi në sigurim; Mashtrimi gjatë punës me letrat me vlerë
33. Dëmtimi dhe hyrja e paautorizuar në sistemin kompjuterik; Mashtrimi kompjuterik
34. Keqpërdorimi i besimit; Dëmtimi ose preferenca ndaj kreditorëve
35. Marrja e paautorizuar e dhuratave; Marrja e ryshfetit; Dhënia e ryshfetit; Ndërmjetësimi i paligjshëm
36. Zhvatja; shantazhi
37. Fshehja tatimore; falsifikimi ose shkatërrimi i librave afaristë; falsifikimi i dokumentit zyrtar; falsifikimi i dokumenteve; falsifikimi kompjuterik; rastet e veçanta të falsifikimit të dokumenteve
38. Dhënia dhe marrja e paautorizuar e sekretit të punës; keqpërdorimi i pozitës zyrtare dhe autorizimit; puna e pandërgjegjshme në shërbim
39. Shpërdorimi në shërbim; mashtrimi në shërbim; të shërbyerit në shërbim
40. Dhënia e sekretit zyrtar; keqpërdorimi i sekretit shtetëror, zyrtar ose ushtarak
41. Kundër arkëtimit dhe pagesës ligjore; përvetësimi i paligjshëm i sendeve gjatë bastisjes ose në procedurën e përmbarimit
42. Mosparaqitja e përgatitjes së veprës penale; mosparaqitja e veprës penale ose kryerësit; paraqitja e rreme e veprës penale

43. Parashtrimi i dëshmive të rreme; dhënia e deklaratës së rreme; parandalimi i dëshmimit
44. Shkelja e konfidencialitetit të procedurës
45. Mosekzekutimi i vendimit gjyqësor
46. Përdorimi i dokumentit me përmbajtjen e pavërtetë
47. Parandalimi i personit zyrtar në kryerjen e veprimit zyrtar; sulmi ndaj personit zyrtar gjatë kryerjes së punëve të sigurisë
48. Heqja dhe dëmtimi i vulës ose shenjës zyrtare; Sekuestrimi ose shkatërrimi i vulës ose dokumentit zyrtar dhe
49. Paraqitja e rreme.
Literatura:
- Kodi Penal (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 97/17 dhe 248/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 36/23 dhe 188/23);
- Ligji për kundërvajtje (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 124/15 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19 dhe 253/23);
- Ligji për ekzekutimin e sanksioneve (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16, 15/18, 21/18 dhe 209/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 99/19, 220/19 dhe 236/23).

**III. E DREJTA REALE DHE KADASTRA**

1. E DREJTA REALE
1. Aftësia juridike dhe afariste e personave fizikë dhe juridikë.
2. Nocioni i sendeve dhe ndarja e sendeve.
3. E drejta e pronësisë - bartësit dhe lënda e së drejtës së pronësisë.
4. Bashkëpronësia dhe pronësia e përbashkët.
5. Pronësia e etazhit - nocioni dhe përmbajtja.
6. Fitimi i së drejtës së pronësisë – baza dhe mënyra.
7. Fitimi i pronësisë me: krijimin e sendit të ri, përzierja, bashkimi dhe ndërtimi.
8. Ndërprerja e së drejtës së pronësisë.
9. E drejta e servitutit - nocioni, fitimi, përmbajtja dhe ndërprerja.
10. Shërbimi: - Nocioni dhe llojet e shërbimit personal.
11. E drejta e pengut - hipoteka; pengu me dorë.
12. Qeverisja - nocioni, përmbajtja, llojet, mbrojtja.
13. E drejta e banimit - nocioni, fitimi, përmbajtja dhe ndërprerja.
14. Toka ndërtimore.
15. Pronësia shtetërore e tokës bujqësore dhe pyjore - bartësi, lënda dhe përmbajtja.
16. Regjimi juridik i të mirave në përdorim të përgjithshëm.
17. Të drejtat, detyrimet dhe marrëdhëniet e ndërsjella të pronarëve të pjesëve të veçanta të ndërtesave.
18. Aktzotërimi dhe librat e aktzotërimit, librat e intabulacionit, dhe
19. Kadastra.

2. KADASTRA E PATUNDSHMËRIVE
1. Sistemi Informativ Gjeodezik - Kadastral (SIGJK).
2. Qasja, shpërndarja, aksesi dhe lëshimi i të dhënave nga SIGJK-ja.
3. Punimet gjeodezike themelore.
4. Rimatja e patundshmërive.
5. Ndërtesat, pjesët e veçanta të ndërtesave dhe objektet e tjera nga kadastra e patundshmërive.
6. Komunat kadastrale.
7. Klasifikimi kadastral i tokës.
8. Kadastra e patundshmërive
9. Parimet e regjistrimit në Kadastrën e Patundshmërive.
10. Lëshimi i të dhënave nga Kadastra e Patundshmërive.
11. Regjistrimi i së drejtës së patundshmërisë në Kadastrën e Patundshmërive.
12. Bazat juridike për regjistrim në Kadastrën e Patundshmërive.
13. Llojet e regjistrimit në Kadastrën e Patundshmërive.
14. Vendosja e kadastrës së objekteve infrastrukturore.
15. Dokumentet për regjistrim në Kadastrën e Patundshmërive.
16. Ndryshimi i të dhënave të patundshmërive.
17. Forma dhe mënyra e parashtrimit të fletëparaqitjes për regjistrim.
18. Krahasimi i të dhënave të patundshmërive.
19. Llogaritja dhe evidentimi i vlerës së patundshmërive.
20. Regjistrimi i ndryshimeve në kadastrën e patundshmërive dhe kadastrën e objekteve infrastrukturore si pjesë e kadastrës së patundshmërive, dhe
21. Mbrojtja gjyqësore.
Literatura:
- Ligji për pronësinë dhe të drejtat e tjera reale (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 18/01, 92/08, 139/09 dhe 35/10);
- Ligji për kadastrën e patundshmërive (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 dhe 64/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 124/19);
- Ligji për tokën ndërtimore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 dhe 190/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 275/19);
- Ligji për tokën bujqësore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 135/07, 18/11,148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 dhe 39/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 161/19, 178/21 dhe 91/23);
- Ligji për pengun kontraktues (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 dhe 61/16);

**IV. E DREJTA TREGTARE DHE FALIMENTIMI**

1. E DREJTA TREGTARE, LETRAT ME VLERË, REGJISTRI QENDROR
1. Tregtari (nocioni dhe llojet)
2. Tregtari-individ (në përgjithësi)
3. Shoqëritë tregtare (nocioni, forma dhe përgjegjësia për detyrimet).
4. Regjistri tregtar
5. Ndërprerja e SHPK-së.
6. Shoqëria aksionare dhe aksionet (nocioni, llojet dhe emetimi).
7. Ndërprerja e shoqërisë aksionare.
8. Transformimi i shoqërisë nga një formë e shoqërisë në tjetrën.
9. Bashkëngjitja, bashkimi dhe ndarja e shoqërisë (në përgjithësi).
10. Likuidimi i shoqërisë.
11. Shoqëria sekrete.
12. Shoqëria tregtare e huaj dhe tregtari-individ i huaj.
13. Letrat me vlerë dhe
14. Regjistri Qendror

2. PROCEDURA E FALIMENTIMIT
1. Falimentimi (në përgjithësi për falimentimin).
2. Drejtuesi i falimentimit.
3. Hapja e procedurës së falimentimit.
4. Pasojat juridike të hapjes së procedurës së falimentimit.
5. Masa e falimentimit.
6. Përfundimi i procedurës së falimentimit dhe
7. Shndërrimi në para i pronës.
Literatura
- Ligji për shoqëri tregtare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 dhe 120/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 290/20, 215/21 dhe 99/22);
- Ligji për letrat me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 dhe 83/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 31/20 dhe 288/21);
- Ligji për Regjistrin Qendror (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 dhe 83/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 31/20);
- Ligji për falimentim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14,98/15 dhe 192/15).

Shënim: Pjesë përbërëse e rregullave për përgatitjen e provimit për përmbarues janë edhe ndryshimet dhe plotësimet e tyre të miratuara deri në ditën e dhënies së provimit për përmbarues.

Shtojca nr. 2-

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Министерство за правда**

**Комисија за полагање на испит за извршители**

Врз основа на член 249 став 3 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 12 став 1 од Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија“ бр.---), се издава

**У В Е Р Е Н И Е**
**за положен испит за извршители**

На -------------------------------------------------------------------------------------------

роден-а на ------------------------ во ------------------------------------------------------------, општина ------------------------------------ држава ------------------------------------------, завршил VII/1степен на правни студии/ се стекнал со 300 ЕКТС на правни студии на ----------------------------------------------, на ден ----------------------- година, пред Комисијата за полагање на испитот за извршители при Министерството за правда на Република Македонија, го положи испитот за извршители.

Број __________
_________ година

Секретар, М.П. Претседател,

Shtojca nr. 2-a

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Министерство за правда/ Ministria e Drejtësisë**

**Комисија за полагање на испит за извршители/ Komisioni për Dhënien e Provimit për Përmbarues**

Врз основа на член 249 став 3 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 12 став 1 од Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија“ бр.---), се издава

**У В Е Р Е Н И Е**
**за положен испит за извршители**

На -----------------------------------------------------

роден-а на ------------------------ во ----------------------------------------------------------, општина ------------------------------------ држава -----------------------------------------, завршил VII/1степен на правни студии/ се стекнал со 300 ЕКТС на правни студии на ----------------------------------------------, на ден ------------------------, пред Комисијата за полагање на испитот за извршители при Министерството за правда на Република Македонија, го положи испитот за извршители.

Në bazë të nenit 249 paragrafi 3 të Ligjit për përmbarim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 72/16, 142/16 dhe 233/18) dhe nenit 12 paragrafi 1 të Rregullores për programin dhe mënyrën e organizimit dhe dhënies së provimit për përmbarues dhe formën dhe përmbajtjen e certifikatës për provimin e dhënë për përmbarues (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.---), lëshohet

**C E R T I F I K A T Ë**
**për provimin e dhënë për përmbarues**

Për------------------------------------------------------------------------------ i / e lindur më------------------------ në---------------------------------, komuna ---------------------------- shteti ------------------------------------------------, ka kryer shkallën VII/1 në studime juridike/ka fituar 300 kredi EKTS në studime juridike në ----------------------, më datë----------------, para Komisionit për Dhënien e Provimit për Përmbarues pranë Ministrisë së Drejtësisë së Republikës së Maqedonisë, e ka dhënë provimin për përmbarues.

Број /Numër __________
_________ година/ viti

Секретар,/ Sekretar | М.П. V.I. | Претседател, /Kryetar

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**365.**

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за економија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за здравство донесе

## Н А Р Е Д Б А
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ФЛУОРИРАНИ ЈАГЛЕВОДОРОДИ (HFC)

Член 1

Со цел превземање на мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина и природата со оваа наредба се ограничува увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) дадени во Прилогот, кој е составен дел на оваа наредба.

Член 2

Ограничувањето од членот 1 од оваа наредба во периодот од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2028 година ќе се однесува на просекот на увезени количини на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022 година, при што во периодот од 1 јануари 2029 година до 31 декември 2034 година ќе се намали за 10%, во периодот од 1 јануари 2035 година до 31 декември 2039 година ќе се намали за 30%, во периодот од 1 јануари 2040 година до 31 декември 2044 година ќе се намали за 50%, а од 1 јануари 2045 година ќе се намали за 80%, во однос на просекот на увезени количини на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022 година.

Член 3

Министерството за животна средина и просторно планирање, ги превзема неопходните мерки за спроведување на оваа наредба.

Член 4

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-639/1
16 јануари 2024 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
**Каја Шукова**, с.р.

02-697/1
16 јануари 2024 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски**, с.р.

Бр. 12-447/1
16 јануари 2024 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

Бр. 17-1008/1
16 јануари 2024 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Фатмир Мецити**, с.р.

**Прилог**

Флуорирани јаглеводороди (HFC)

| Хемиска формула | Назив | Ознака |
|---|---|---|
| $CHF_2CHF_2$ | 1, 1,2,2-тетрафлуороетан | HFC – 134 |
| $CF_3CH_2F$ | 1,1,1,2-1,1,1,2- тетрафлуороетан | HFC-134a |
| $CH_2FCHF_2$ | 1,1,2-трифлуороетан | HFC–143 |
| $CHF_2CH_2CF_3$ | 1,1,1,3,3-пентафлуоропропан | HFC-245fa |
| $CF_3CH_2CF_2H_3$ | 1,1,1,3,3-пентафлуоробутан | HFC-365mfc |
| $CF_3CHFCF_3$ | 1,1,1,2,3,3,3-хептафлуоропропан | HFC-227ea |
| $CH_2FCF_2CF_3$ | 1,1,1,3,3,3-хексафлуоропропан | HFC-236cb |
| $CHF_2CHFCF_3$ | 1,1,1,2,3,3- хексафлуоропропан | HFC-236ea |
| $CF_3CH_2CF_3$ | 1,1,1,3,3,3- хексафлуоропропан | HFC-236fa |
| $CH_2FCF_2CHF_2$ | 1,1,2,2,3- пентафлуоропропан | HFC-245ca |
| $CF_3CHFCHFCF_2CF_3$ | 1,1,1,2,2,3,4,5,5,5-декафлуоропентан | HFC-43-10mee |
| $CH_2F_2$ | дифлуорометан | HFC-32 |
| $CF_3CHF_2$ | пентафлуороетан | HFC-125 |
| $CH_3CF_3$ | 1,1,1- трифлуороетан | HFC-143a |
| $CH_3F$ | Флуорометан (метилфлуорид) | HFC-41 |
| $CH_2FCH_2F$ | 1,2-дифлуороетан | HFC-152 |
| $C_2H_4F_2$ | 1,1- дифлуороетан | HFC-152a |
| $CHF_3$ | трифлуорометан | HFC-23 |

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**366.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, др Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Дарко Костадиновски и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, член 14 став 1 и член 70 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 20 декември 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УТВРДУВА дека Министерството за транспорт и врски е стварно надлежно да постапува по барањето за ништовност на Решението за трансформација бр.16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр.16-480/2 од 3 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски ПЕ на Општина Карпош - Скопје за КП бр. 263 поранешна КО Тафталиџе К.П. бр.2683 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Пластика" АД и КП бр. 2687 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Алумина" АД во површина од 11 089 м2, а со кои решенија се трансформира правото на користење во право на сопственост на правните субјекти „Пластика" АД и „Алумина" АД Општина Карпош – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

I

Во барањето поднесено од Стојан Димовски од Скопје, на ден 30 ноември 2021 година е содржан предлог за огласување на ништовни на Решението за трансформација бр.16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр.16-480/2 од 3 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски ПЕ на Општина Карпош - Скопје, за КП бр. 263 поранешна КО Тафталиџе К.П. бр.2683 сегашна КО Карпош, поранешна фабрика „Пластика" АД и К.П. бр.2687, сегашна КО Карпош, поранешна фабрика „Алумина" АД во површина од 11 089 м2, а со кои решенија се трансформира правото на користење во право на сопственост на правните субјекти „Пластика" АД и „Алумина" АД Општина Карпош – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности. Основ за поднесеното барање за ништовност на предметните решенија е барањето за денационализација поднесено од 7 мај 2003 година согласно член 124 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 64 од Законот за денационализација.

Општина Карпош - Скопје по извршениот увид го достави предлог барањето под број 48-7967/4 од 9 декември 2021 година до Министерството за транспорт и врски на одлучување и Секторот за управно надзорни работи при ова министерство со писмо под број 35-34/2021 на 12 декември 2021 година ја извести Општина Карпош – Скопје дека не е надлежно да постапува по истото барање и го враќа со доставените списи на понатамошно постапување.

Општина Карпош – Скопје до Владата на Република Северна Македонија поднесе барање за решавање на судир на надлежност помеѓу Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски.

Исто така, подносителот на ова барање поднесе претставка до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат, поради одолжување на законски рокови во однос на барањето за решавање на судир на надлежност, од каде со писмо под број 46-109/2 од 19 август 2022 година е информиран дека во конкретниот случај не може да се примени член 23 точка 3 од Законот за општата управна постапка, со оглед на фактот дека тој член од Законот се однесува на регулирање на судир на надлежност помеѓу органите на државната управа и правни и други лица на кои со закон им се доверени јавни овластувања. Оттука, имајќи предвид дека Општина Карпош - Скопје е единица на локална самоуправа согласно конкретниот член 23 став 3 од Законот за општата управна постапка Владата нема правен легитимитет, односно не наоѓа правна основа да постапува по истото и да го реши судирот на надлежност за постапување помеѓу Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски.

Владата на Република Северна Македонија со допис под број 48-514/1 од 28 јануари 2022 година доставува известување до Општина Карпош - Скопје, Министерството за транспорт и врски и до Уставниот суд на Република Северна Македонија, дека нема правен легитимитет и не наоѓа правна основа да постапува по истото.

Поради тие причини предлагачот поднесе барање заведено под број 26-88/21 од 12 декември 2022 година до Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски заради донесување на конечен односно правосилен акт со кој ќе ја прифатат или одбијат надлежноста за ништовност на решенијата за трансформација на правото на користење во право на сопственост на правните лица „Пластика" АД и „Алумина" АД донесени од страна на Министерството за транспорт и врски. Со Решение заведено под број 26-88/22 од 21 декември 2022 година Министерството за транспорт и врски го отфрли барањето поради ненадлежност.

Подносителот на ова конкретно барање му предлага на Уставниот суд да донесе одлука во смисла да го реши судирот на надлежност помеѓу Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски по предметот предлог-барање заведено под број 48-7967/1 од 30 ноември 2021 година за огласување на ништовни на Решението за трансформација бр.16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр.16-480/2 од 3 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски ПЕ на Општина Карпош - Скопје за КП бр. 263 поранешна КО Тафталиџе К.П. бр. 2683 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Пластика" АД и К.П. бр. 2687 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Алумина" АД во површина од 11089 м2, а со кои решенија се трансформира правото на користење во право на сопственост на правните субјекти „Пластика" АД и „Алумина" АД Општина Карпош – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности.

II

На седницата Судот утврди дека во претходната постапка е утврдено дека Стојан Димовски од Скопје на 19 август 2022 година се обрати до Владата на Република Северна Македонија со претставка во врска со неговото барање за денационализација кое е поднесено на 7 мај 2003 година пред управните органи која се води повеќе од 19 години и дека во тек е активна поста-

пка на Комисијата за одлучување по барањето за денационализација на територијата на Општина Карпош, Општина Центар, Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Кичево и Општина Дебар.

Со Пресудата У-2 бр. 600/2021 и У-2 бр. 603/2021 од 16 декември 2021 година на Управниот суд на Република Северна Македонија, е поништено Решението ДН. бр. 25-08 -767/5-03 од 16 септември 2021 година на Министерството за финансии - Комисијата за одлучување по барање за денационализација за Општина Карпош - Скопје и Општина Дебар со седиште во Општина Карпош - Скопје и со истото се задолжува тужениот орган во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката да донесе нов управен акт.

По предлог-барањето бр.47-7967/1 од 30 ноември 2021 година за ништовност на Решението за трансформација бр.16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр.16-480/2 од 3 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски, Општина Карпош - Скопје – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности постапувајќи по наведеното решение на Управниот суд на Република Северна Македонија согласно со член 95 став 1 од Законот за општа управна постапка, ја прекинала оваа постапка поради постоење на претходно прашање, чие решавање е предуслов да се одлучи по главната работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или друг јавен орган. По правосилното решавање на постапката по претходното прашање пред надлежните органи ќе ја продолжи започнатата постапка.

Општина Карпош - Скопје на 28 јануари 2022 година достави Барање за решавање на судир на надлежност помеѓу Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски, заведено под број 48-514/1 од 26 јануари 2022 година, согласно член 23 точка 3 од Законот за општата управна постапка до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат. Владата го препратила барањето до Министерството за транспорт и врски од каде е доставено мислење заведено под број 26-1138/2 од 4 април 2022 година.

Со Одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Карпош - Скопје бр. 51-7006/1 од 20 ноември 2011 година, објавена во „Службен весник Република Македонија“ бр.164 од 28 ноември 2011 година, која е донесена од Владата на Република Северна Македонија, согласно член 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), Општина Карпош - Скопје се стекна со надлежност за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое се наоѓа на подрачје на истата и од тие причини произлегува дека Општина Карпош - Скопје претставува стварно надлежен орган за постапување по конкретното барање за огласување на решенијата за ништовни. Министерството за транспорт и врски истакнува дека Општина Карпош - Скопје како стварно надлежен орган за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина Карпош има законска обврска конкретно дефинирана со член 56 став 1 и став 2 од Законот за градежното земјиште.

Исто така, Стојан Димовски од Скопје поднесе предлог за решавање на судир на надлежност помеѓу Општина Карпош - Скопје и Министерството за транспорт и врски, а претходно поднел барање за поведување постапка за ништовност на Решението за трансформација на правото на користење на градежно земјиште во право на сопственост по основ на поранешна сопственост под број 16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација на правото на користење на градежно земјиште во право на сопственост по основ на поранешна сопственост под број 16-480/2 од 3 март 2003 година според член 267 од Законот за општа управна постапка.

Предмет на постапување кое претставува правен проблем е градежно земјиште кое се наоѓа на КП бр.263 поранешна КО Тафталиџе (КП бр.2683 сегашна КО Карпош - поранешна фабрика „Алумина“ АД со површина 11089 м2) кое се наоѓа на територија на Општина Карпош - Скопје, за кое согласно член 50 став 1 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ 53/2001) и член 3 и член 4 од Уредбата за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија во право на долготраен закуп („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2001), а во врска со член 1 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија во право на долготраен закуп („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2001) врз која основа се донесени оспорените решенија за трансформација.

Министерството за транспорт - Сектор за документирање и управување со градежно земјиште и врски достави мислење на 17 февруари 2022 година во кое е наведено дека ги разгледа сите приложени документи и докази од страна на Стојан Димовски од Скопје и барањето кое се однесува на поведување на постапка за ништовност на Решението за трансформација бр. 16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр 16-480/2 03 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски ПЕ на Општина Карпош - Скопје и наведе дека стварно надлежен орган за постапување по конкретното барање е Општина Карпош - Скопје која ја има преземено надлежноста за располагање со градежното земјиште кое се наоѓа на нејзиното подрачје, односно Министерството за транспорт и врски не може во конкретниот случај да презема процесни дејствија и други активности кои произлегуваат од вршењето на работите за располагање со градежното земјиште. Исто така, во овој случај не може да се примени член 23 точка 3 од Законот за општата управна постапка на кој се повикува Општина Карпош - Скопје согласно кој се регулира судирот на надлежности помеѓу органите на државната управа и правни и други лица на кои со закон им се доверени јавни овластувања.

Во даденото мислење од страна на Министерството за транспорт и врски е наведено дека согласно член 83 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/2005 од 30 јуни 2005 година) конкретно е дефинирано дека вработените, опремата, инвентарот, архивата, документацијата и средствата од подрачните единици на Министерството за транспорт и врски се преземаат во општините од 1 јули 2005 година. Архивата и документацијата од ставот 1 на овој член се преземаат согласно со закон.

Исто така, наведено е дека со Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Карпош – Скопје под бр. 51-7006/1 од 20 ноември 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.164 од 28 ноември 2011 година) донесена од Владата на Република Северна Македонија, Општина Карпош - Скопје се стекна со надлежност за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое се наоѓа на подрачје на истата и произлегува дека Општина Карпош - Скопје претставу-

ва стварно надлежен орган за постапување по конкретното барање за огласување на решенијата за ништовни. Министерството за транспорт и врски истакнува дека Општина Карпош - Скопје како стварно надележен орган за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина Карпош - Скопје има законска обврска конкретно дефинирана со член 56 став 1 и став 2 од Законот за градежното земјиште и Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште („Службен весник Република Македонија“ бр.275 од 27 декември 2011 година).

Според член 1 од Закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште во член 56 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) е утврдено дека започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, како и сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка согласно со Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2001), Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2008, 143/2008 и 56/2010) и Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013 и 163/2013) до денот на влегувањето во сила на овој закон, се преземаат од општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, со денот на исполнување на условите од член 47 од овој закон со кој се менува член 99 став 1 од законот, а најдоцна до 30 април 2020 година. Во ставот 2 од овој член е уредено дека општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, се должни да го преземаат следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, од 1 мај 2020 година. Согласно став 3 од овој член се определува дека обврските од ставот 2 на овој член, важат од денот на преземањето на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Според став 4 од истиот член се утврдува дека започнатите судски постапки кои произлегуваат од постапките за располагање со градежно земјиште ги преземаат и ќе продолжат да се водат од општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Воедно, согласно член 57 став 1 од истиот закон, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, кои ги немаат преземено надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се должни да ги преземат надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија до 30 април 2020 година. Во ставот 2 од истиот член е уредено дека од 1 мај 2020 година, надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија исклучиво ќе ги вршат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.

Со цел да се утврди дали согласно член 64 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија предлогот за решавање на судир на надлежност содржи: предмет на спорот поради кој настанал судирот, органите меѓу кои настанал судирот и означување на конечните, односно правосилните акти со кои органите ја прифатиле или одбиле надлежноста да одлучуваат по ист предмет, со писмо под број 26-842/6 од 20 септември 2023 година Министерството за транспорт и врски го извести Уставниот суд дека пред Државната комисија за одлучување во управната постапка и постапката од работен однос во втор степен се води постапка по поднесена жалба и поради тоа наведеното Решение 26-88/22 од 21 декември 2022 година на Министерството за транспорт и врски не претставува правосилен односно кончен акт.

Понатаму, со писмо под бр. 26-842/8 од 25 октомври 2023 година Министерството за транспорт и врски го извести Уставниот суд дека пред Државната комисија за одлучување во управната постапка и постапката од работен однос во втор степен не била поднесена жалба и поради тоа наведеното Решение 26-88/22 од 21 декември 2022 година на Министерството за транспорт и врски, кое може да се утврди од доставницата РЦ 050784028 МК за уредна достава и по истото не поднел жалба до Министерството за транспорт и врски и поради наведеното, решението станало правосилен и конечен акт.

Меѓутоа, во овој долг временски период Законот за градежно земјиште има претрпено повеќе измени и дополнувања. Имено, согласно општите одредби на овој закон, поточно со член 1 од овој закон се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште, условите и начинот на располагање со градежното земјиште, како и други прашања од областа на градежното земјиште. Во член 2 став 1 точка 1 од истиот закон се определува дека одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење односно под градежно земјиште се подразбира земјиштето кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко-планска документација или проект за инфраструктура. Согласно член 3 став 1 од истиот закон, градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој и друг закон. Во ставот 2 од истиот член е утврдено дека уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Согласно член 4 став 1 од овој закон градежно земјиште, во смисла на овој закон, е изградено и неизградено земјиште, планирано со актите предвидени со Законот за просторното и урбанистичкото планирање. Според став 2 од член 4 е уредено дека изградено градежно земјиште е градежното земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Со најновите измени и дополнувања на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19) се определени и уредени условите и начинот на вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Оттука, со член 99 став 1 е утврдено дека општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје можат да ги вршат работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија, доколку ги исполнуваат следните услови: да имаат изготвено и усвоено едногодишна програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, да имаат потребен број на вработени лица кои поседуваат овластување, да имаат формирано Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање и да имаат воспоставено електронски систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија. Според ставот 2 од истиот член бројот на вработени лица од ставот 1 алинеја 2 на овој член е најмалку: две лица за општини кои

имаат до 20.000 жители, три лица за општини кои имаат од 20.001 до 40.000 жители, четири лица за општини кои имаат од 40.001 до 80.000 жители и пет лица за општини кои имаат повеќе од 80.001 жител. Општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје за вршење на работите од ставот 1 на овој член, поднесуваат барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, со потребни докази дека се исполнети условите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Согласно член 100 од овој закон е уредено дека заради следење, остварување и унапредување на начинот на вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија се основа Комитет за градежното земјиште сопственост на Република Македонија како советодавно и координативно тело (во натамошниот текст: Комитетот).

Според член 100 став 1 од Законот за градежното земјиште, органот на државната управа надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија по претходно прибавено мислење од страна на Комитетот ѝ предлага на Владата на Република Македонија да донесе одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општината која ги исполнила условите од член 99 од овој закон. Во ставот 2 од член 100 на овој закон, во случаите кога ќе се утврди дека општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје не ги исполнуваат условите од член 99 од овој закон или се утврди дека располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија го вршат спротивно на одредбите од овој закон, Владата на Република Македонија по предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија по претходно прибавено мислење од страна на Комитетот, донесува одлука за одземање на вршењето на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2021 година, даде Автентично толкување под бр.08-2221/1 на член 57 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019). Одредбата на член 57 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), гласи „2. Од 1 мај 2020 година, надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија исклучиво ќе ги вршат општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје". Одредбата на член 57 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), треба да се толкува така што општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, задолжително е потребно претходно да ги исполнат законските услови за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за да се стекнат со надлежност за вршење на работите со донесување на одлука од Владата на Република Северна Македонија и се во насока на завршување на процесот на децентрализација притоа исклучувајќи ја само можноста на Министерството за транспорт и врски да ги врши работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, а определувајќи дека надлежноста ќе се врши исклучително од страна на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, но со истите одредби не се исклучува примената на одредбите од членовите 99 и 101 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019).

III

Според член 110 алинеи 4 и 5 од Уставот, Уставниот суд решава за судир на надлежност меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и за судирот на надлежност меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа.

Согласно член 62 од Деловникот на Уставниот суд, предлог за решавање на судир на надлежност меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа може да поднесе секој од органите меѓу кои настанал судир. Предлог може да поднесе и секој што поради прифаќањето или одбивањето на надлежноста на одделни органи не може да оствари свое право.

Според член 63 став 2 од Деловникот, субјектите од член 62 на овој деловник, кои поради прифаќање или одбивање на надлежност не можат да остварат свое право, предлогот за решавање на судирот на надлежност може да го поднесат откако и двата органи ја прифатат или ја одбијат надлежноста со конечен или правосилен акт.

Во член 64 од Деловникот е предвидено дека предлогот за решавање на судир на надлежност содржи предмет на спорот поради кој и настанал судирот, органите меѓу кои настанал судир и означување на конечните односно правосилни акти со кои органите ја прифаќаат или одбиваат надлежноста да одлучува по ист предмет.

Според член 65, пак, од Деловникот со одлука со која решава за судирот на надлежност, Уставниот суд го определува надлежниот орган за одлучување по предметот.

Тргнувајќи од наведените уставни и деловнички одредби произлегува дека за да постои судир на надлежност било тоа да е позитивен со кој два органи се прогласуваат за надлежни или негативен судир на надлежност кога два органи се прогласуваат за ненадлежни нужно е да постојат два правосилни или конечни акти, а во конкретниот случај тоа го имаме со Решението бр.48-514/15 од 19 октомври 2022 на градоначалникот на Општина Карпош - Скопје се одбива предлог - барањето за ништовност на Решението за трансформација заведено под број 16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација 16-480/2 од 3 март 2003 година донесени од Министерство за транспорт и врски – поранешна подрачна единица Карпош за КП бр, 263 поранешна КО Тафталице КП 2683 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Пластика" АД и КП 2687 сегашна КО Карпош поранешна фабрика „Алумина" АД во површина од 11089 м2 со кои се трансформира правото на користење во право на сопственост на правните лица „Пластика" АД и „Алумина" АД Општина Карпош – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности.

Од анализата на актите и од утврдената фактичка состојба Судот одлучи дека Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за постапување по конкретното барање за огласување на решенијата за ништовни, односно да определи кој орган е надлежен за постапување по предлог барање под број 48-7967/1 од 30 ноември 2021 година за огласување на ништовни на

Решението за трансформација бр.16-367/2 од 17 јуни 2002 година и Решението за трансформација бр.16-480/2 од 3 март 2003 година на Министерството за транспорт и врски.

Имајќи го предвид наведеното, Судот утврди дека основ за постапување по предлогот во конкретниот случај претставува постоење на конечен акт и правосилен акт на Општина Карпош - Скопје и на Министерството за транспорт и врски за огласување на ништовни, со кои двата органи се огласиле за ненадлежни, односно постои негативен судир на надлежност.

Ова затоа што согласно со најновите измени и дополнувања на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19) се определени и уредени условите и начинот на вршење на работите за располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

Имено, за правата на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија во член 13 став 1 од истиот закон се уредува дека со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, во име на Република Македонија управува Владата на Република Македонија. Според став 2 од член 13 од овој закон градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Оттука, со член 99 став 1 е утврдено дека општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје можат да ги вршат работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија, доколку ги исполнуваат следниве услови: да имаат изготвено и усвоено едногодишна програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, да имаат потребен број на вработени лица кои поседуваат овластување, да имаат формирано Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање и да имаат воспоставено електронски систем за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно член 100 од Законот за градежно земјиште е уредено дека заради следење, остварување и унапредување на начинот на вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија се основа Комитет за градежното земјиште сопственост на Република Македонија како советодавно и координативно тело. Според став 2 од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија по претходно прибавено мислење од страна на Комитетот ѝ предлага на Владата на Република Македонија да донесе одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општината која ги исполнила условите од член 99 од овој закон.

На седницата Судот утврди дека општините задолжително е потребно претходно да ги исполнат законските услови за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за да се стекнат со надлежност за вршење на работите со донесување на одлука од Владата на Република Северна Македонија и се во насока на завршување на процесот на децентрализација притоа исклучувајќи ја само можноста на Министерството за транспорт и врски да ги врши работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, а определувајќи дека надлежноста ќе се врши исклучително од страна на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, но со истите одредби не се исклучува примената на одредбите од членовите 99 и 101 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019).

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

| | |
|---|---|
| У. бр. 136/2022<br>20 декември 2023 година<br>Скопје | Претседател<br>на Уставниот суд на Република<br>Северна Македонија,<br>**Добрила Кацарска,** с.р. |

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**367.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) вв со член 54 став 1 точка 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/19), на седницата одржана на ден 11.1.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Снежана Ѓорѓиеска Зекирија, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 11.1.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-169/1<br>16 јануари 2024 година<br>Скопје | Судски совет на Република<br>Северна Македонија<br>Претседател,<br>**Весна Дамева**, с.р. |

---

Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut duke vepruar në përputhje me nenin 73 paragrafi (1) nënparagrafi (3) nga Ligji për Gjykatat (“Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 dhe 198/18 dhe “Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr.96/19) n.l me nenin 54 paragrafi (1) pika (3) nga Ligji për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut (“Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr.102/19) në seancën e mbajtur me datë 11.1.2024 solli këtë

**A K T V E N D I M**

Vërtetohet ndërprerja e funksionit gjykatës të Snezhana Gjorgjieska Zekiria gjyqtar në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut me 11.01.2024, për shkak të plotësimit të kushteve për pension pleqërie.

| | |
|---|---|
| Nr. 02-169/1<br>16.1 2024<br>Shkup | Këshilli Gjyqësor i Republikës<br>së Maqedonise së Veriut<br>Kryetar,<br>**Vesna Dameva,** d.v. |

**368.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија врз основа на член 47 став 6 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) објавува

**О Г Л А С**

- За избор на претседател на Виш управен суд;
- За избор на претседател на Основен суд Берово;
- За избор на претседател на Основен суд Делчево и
- За избор на претседател на Основен суд Крушево.

Кандидатите за избор на претседател на суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и да ги достават следните документи:

- Потврда за најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен и
- Програма за работа во текот на мандатот со Акциски план за спроведување на програмата.

Заинтересираните кандидати, потпишаната пријава заедно со потребната документација во оригинал или заверена копија од нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул.Македонија бр.5 Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti. Ненавремени и нецелосни документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/10). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери.

По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Бр. 09-143/2
12 јануари 2024 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Весна Дамева**, с.р.

---

Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të nenit 47 paragrafi 6 nga Ligji për Gjykatat (“Gazeta Zyrtare e RM” nr.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 dhe 198/18 dhe “Gazeta Zyrtare e RMV” nr.96/19), publikonë

**SH P A LL J E**

- Për zgjedhjen e Kryetarit në Gjykatën e Lartë Administrative;
- Për zgjedhjen e Kryetarit në Gjykatën Themelore Berovë;
- Për zgjedhjen e Kryetarit në Gjykatën Themelore Delçevë dhe
- Për zgjedhjen e Kryetarit në Gjykatën Themelore Krushevë.

Kandidatët për zgjedhje të Kryetarit duhet ti plotësonë kushtet e paraparë në nenin 47 nga Ligji për Gjykatat (“Gazeta Zyrtare e RM-së” nr.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 dhe 198/18 dhe “Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr.96/19) ti dërkgojnë këto dokumente:

-Vërtetim të paktën gjashtë vjet përvojë pa ndërprerje në gjykatë ose nga e njejata gjykatë apo ndonjë gjykatë tjetë më e lartë dhe

-Program për punë gjatë mandatit dhe Plan veprimin për zbatimin e programit.

Kandidatët e interesuar fletparaqitjen e nënshkruar së bashku me dokumentët e duhur në original apo fotokopje të verifikuan në noter, ti dorëzojnë te Këshilli Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, rruga.Makedonia nr.5 Shkup, në afat prej 15 ditë nga dita e shpalljes në “Gazetën Zyrtare të RMV-së”. Formulari për aplikim mundet të meret në formë elektronike në UEB faqen e Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut në adresën:http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.

Dokumentet e pakompletuara dhe të dorëzuara pas afatit të caktuar nuk dë të meren parasysh.

Kandidatët të cilet i plotësojnë kushtet e paraparë dotë japin testë psikologjik dhe teste për integritet në pajtim me nenin 16 nga Ligji për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për Gjykatat (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.150/2010). Nga ana e Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut do të bëhet testim psikologjik dhe testim për integritet për kandidatët të të cilet nuk e kan dhëne testin, dhe kontrtollimi njohurise të punës praktike me kompjuter.

Në lidhje me terminët për testeim dhe kontrollimin e njohurive të punës praktike me kompjuterë, kandidati do të informohet nga ana e Këshilli i Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut. Shpenzimet për testimin e testit psikologjik dhe testit për integritet i bëjne vetë kandidatët.

Nr. 09-143/2
12.1.2024
Shkup

Këshilli Gjyqësor i Republikës
së Maqedonise së Veriut
Kryetar,
**Vesna Dameva,** d.v.

# ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**369.**

Врз основа на член 99 став 8 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКИОТ СИСТЕМ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**I. Општи одредби**

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите во Република Северна Македонија и начинот на користење на информатичката технологија за управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети.

Член 2

(1) Правилата за начинот на функционирање на информатичкиот систем се применуваат во основните и апелационите судови, Управниот, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**II. Судски информатички систем**

Член 3

(1) Судскиот информатички систем е составен од Центарот за информатичка технологија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и одделенијата за информатика во судовите во Република Северна Македонија како посебни организациони единици.

Член 4

(1) Центарот за информатичка технологија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е надлежен за техничкото управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, судскиот портал и базите на податоци што произлегуваат од работата на судовите.

Член 5

(1) Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно службите, организира информатичка поддршка на работата на судот, се грижи за информатичката инфраструктура, апликациите и базите на податоци што ги води и користи судот, ги следи и имплементира новите технолошки процеси, се грижи за заштитата и сигурноста на податоците и целиот систем, системски ги архивира и на соодветен начин ги чува податоците, ги обучува судиите и вработените во судската служба во судот и им дава стручна помош на пониските судови.

**Информатичко-комуникациска технологија (ИКТ)**

Член 6

(1) Информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) на судот ја сочинуваат сервери, компјутери, печатачи, скенери, системи за складирање податоци, генератори и уреди за непрекинато напојување, комуникациска опрема и инфраструктура, заштитна мрежна бариера (Firewall), системски програми и алатки, стандардни апликации, кориснички програми, програма за управување со движењето на судските предмети (АКМИС), програма за материјално и финансиско работење (АБМС), податоци што се внесуваат во системот, се ажурираат, се чуваат и се заштитуваат.

Член 7

(1) Хардверско-софтверската опрема од областа на ИКТ обезбедува непречено функционирање на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(2) Во систем-салата на информатичкиот систем на Врховниот суд на Република Северна Македонија е сместена хардверско-софтверската опрема од областа на ИКТ, определени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, интероперабилност, интерконективност, хостирање на судските веб-портали што се наменети за непречена работа на сите судови.

Член 8

(1) Систем-салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија функционира во согласност со пропишаните стандарди за просторни, климатски, енергетски и безбедносни услови.

(2) Систем-салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија зафаќа површина од над 50 м2, нема прозорци, со двоен антистатички под, независни кабли за напојување, професионален редундантен систем за разладување, метална врата, контролиран влез со магнетна картичка само за вработените судски службеници во Центарот за информатика и за судската полиција во случај на непредвидени ситуации.

Член 9

(1) Во систем-салите на службите за информатика на судовите сместена е хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на судот.

(2) Судовите ги обезбедуваат пропишаните стандарди за просторни, климатски, енергетски и безбедносни услови на систем-салите во нивна надлежност.

Член 10

(1) Судовите воспоставуваат и применуваат мерки за физичка сигурност на просториите во кои е сместена целокупната ИКТ-опрема:

1. Систем-сала;
2. Просторија за генератор, УПС;
3. LAN (активна и пасивна мрежна опрема);
4. Мрежни ормани (RACK) монтирани во зградите на судовите;
5. Работни простории на корисниците на ИКТ-системите.

Член 11

(1) Физички пристап до систем-салата на судовите може да им се овозможи само на вработени судски службеници во Центарот за информатика и одделенијата за информатика што имаат овластување од претседателот на судот.

(2) По потреба, физички пристап до систем-салата и до другите простории во кои е сместена ИКТ-опремата може да им се овозможи на вработени во правни лица задолжени за одржување на соодветните ИКТ-системи, со претходно исполнување на следниве услови:

- Лицето да биде евидентирано дека е во службена посета на судот;
- Лицето да има потпишано изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци за надворешни лица;
- Лицето задолжително да биде придружувано и надгледувано од овластен судски службеник за пристап до просториите каде што се сместени ИКТ-системите.

**Мерки за мониторинг и заштита на податоците**

Член 12

(1) Судовите воспоставуваат и применуваат мерки за мониторинг на хардверско-софтверската опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на судот:

1. Оперативни системи, системски програми и алатки;
2. Active Directory структура;
3. Платформа за виртуелизација;
4. Систем за заштита на податоци;
5. Антивирусна и антиспам програма;
6. Кориснички програми;
7. Хардверска опрема;
8. Комуникациска опрема и инфраструктура;
9. Уреди за заштита (Firewall) и друго.

Член 13

(1) Судовите воспоставуваат и применуваат мерки за заштита на податоците за да се спречи нивно губење или уништување. За таа цел судовите вршат снимање на внесените податоци во информатичките системи што се чуваат одреден временски период на ИКТ-опремата во судот.

(2) За дополнителна заштита, од нив се прават копии на ИКТ-опремата сместена во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија што се чуваат одреден временски период.

**Планирање, одржување или обновување на ИКТ-системите**

Член 14

(1) По истекот на гарантниот период или циклусот на употреба на унифицираните ИКТ-стоки и услуги што се набавени во рамките на ИКТ-проектите во кои учествувал Врховниот суд на Република Северна Македонија, тој прави планирање и процена на вредноста на планираните потреби за одржување или нивно обновување, кои се наменети за судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(2) При планирањето и проценaтa се води сметка за континуитетот на веќе воспоставените функционалности:

1. Унифицираност на стоките и услугите;
2. Централизирани бази на податоци;
3. Централизирани функционалности;
4. Интероперабилност;
5. Интерконективност;
6. Хостирање на судските веб-портали.

Член 15

(1) По претходно одобрение од Судскиот буџетски совет во врска со финансиските средства што се потребни за одржување или обновување на ИКТ-системите, Врховниот суд на Република Северна Македонија спроведува постапка за јавна набавка.

(2) Врховниот суд на Република Северна Македонија по електронски пат, односно преку електронска пошта, ги известува судовите за обезбедено одржување на стоките и услугите со назначено времетраење на одржувањето, е-сметки за корисничка поддршка, постапка за пријавување на појавени проблеми и барање помош.

Член 16

(1) Судовите прават планирање и спроведуваат постапка за одржување или обновување на ИКТ-опремата/услугата што не е опфатена со договорно одржување спроведено од Врховниот суд на Република Северна Македонија или друг надлежен суд во согласност со Одлука на Судскиот буџетски совет.

**Пријавување проблеми и барање помош или поддршка**

Член 17

(1) За постапките што ги спроведува Врховниот суд на Република Северна Македонија, комуникацијата и обраќањето до правните лица (компании), кои се задолжени за одржување на соодветните ИКТ-системи, во случај кога се пријавува проблем, нефункционалност или се бара интервенција, консултативна услуга или друго во смисла на обезбедување непречено функционирање на системот, се реализираат по пат на електронска пошта или преку воспоставен тикетинг-систем.

(2) Судските службеници вработени во центрите/одделенијата за информатичка технологија во судовите и во Судскиот совет на Република Северна Македонија доставуваат пријава/барање со краток опис на проблемот до е-маил сметката за корисничка поддршка на компанијата задолжена за одржување и копија (Carbon copy) до е-маил сметката на Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија (itcentar@vsrm.mk).

(3) Преземените активности за разрешување на проблемот по електронска пошта повратно се доставуваат до судскиот службеник во Центарот или Одделението за информатичка технологија, кој го изготвил барањето/известувањето, а по електронски пат, односно преку електронска пошта се доставува копија и до Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(4) Соработката и координацијата на Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија со одделенијата за информатика на судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија се реализира по електронски пат, односно преку електронска пошта.

**Ажурирање на базата на централни номенклатури**

Член 18

(1) Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржува база на централни номенклатури, наменета за непречено работење на апликацијата за автоматско управување со судски предмети имплементирана во судовите.

(2) Базата на централни номенклатури содржи повеќе категории податоци:

1. Општи категории податоци;
2. Лица (учесници во судски предмети);
3. Судска организација;
4. Дефинирање на предмети;
5. Дефинирање на основи, акти и одлуки.

(3) Податоците што се додаваат или менуваат во базата на централни номенклатури со иницирање синхронизација од страна на секој суд се пренесуваат во локалните бази на сите судови.

(4) Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија назначува лице администратор на централни номенклатури кое, во согласност со Судскиот деловник, е задолжено за внесување и ажурирање на сите централни номенклатури и за комуникација и соработка со институциите што ги генерираат и ажурно ги одржуваат податоците што се потребни за непречена работа на сите судови во Република Северна Македонија.

**Ажурирање на општите номенклатури**

Член 19

(1) Во општите номенклатури се содржани податоци за држави, општини, населени места, дејности, тип сопственост, националност, образование, занимања, видови такси.

(2) Податоците во општите номенклатури се преземени од институциите што се надлежни за водење на соодветниот регистар.

(3) Доколку се јави потреба од нивно ажурирање, се воспоставува соодветна соработка со надлежните институции каде што се ажурираат општите номенклатури.

**Ажурирање на категоријата „Лица“**

Член 20

(1) Во категоријата „Лица“ се содржани податоците за лицата што се учесници во судски предмети, односно адвокати, нотари, извршители, медијатори и стечајни управници.

(2) За иницијално внесување адвокат, нотар, извршител, медијатор или промена на веќе внесен податок во соодветните централни номенклатури потребно е да се достави:

- Писмено барање до приемното одделение на Врховниот суд на Република Северна Македонија или по електронска пошта до info@vsrm.mk, itcentar@vsrm.mk.
- Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија или тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија за потврдување на статусот на лицето.

(3) Податоците за стечајните управници се ажурираат автоматски преку воспоставената интерконекција на Врховниот суд на Република Северна Македонија со Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Ажурирање на категоријата „Судска организација“**

Член 21

(1) Во категоријата „Судска организација“ се содржани податоците за судиите, судовите и видовите процеси.

(2) Податоците за судовите и судиите се водат и ажурираат во Судскиот совет на Република Северна Македонија од каде што се врши синхронизација во централните номенклатури и локалните номенклатури во секој суд соодветно.

**Ажурирање на номенклатури поврзани со судското работење**

Член 22

(1) Номенклатури поврзани со судското работење се: закони, членови од закон, видови предмети, уписници, видови правни основи и правни основи, акти, одлуки и сл.

(2) Барањата за внесување нови вредности или промена на постојните вредности во оваа категорија номенклатури се доставуваат до Работното тело за стандардизација на постапките во судовите што одговара пред претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во писмена форма со пополнување образец:

- Барање до Работното тело за промена или пријавување нов закон, видови основи, основи и членови.
- Барање до Работното тело за отворање нов уписник во централните номенклатури.

(3) Во согласност со процедурите за работа на Работното тело, барањето треба да биде потпишано од претседателот на судот или одговорното лице назначено од претседателот на судот што го поднесува барањето, предлогот или прашањето.

**Централизирани кориснички привилегии за работа со централизираните системи во судскиот систем**

Член 23

(1) Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија се сместени, се чуваат и се заштитуваат централизираните бази на податоци за потребите на Системот за електронска достава на судски документи, Системот за казнена евиденција, како и базата на објавени судски одлуки на веб- порталите, а судовите внесуваат и ажурираат податоци во нив.

(2) Во Центарот за информатика се врши хостирање на судските веб-портали. За таа намена корисничките сметки, како и корисничките права и привилегии на овластените судски службеници што се вработени во судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија се дефинираат централизирано од судските службеници од Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Кориснички привилегии за системот за електронска достава на судски документи**

Член 24

(1) Претседателот на судот донесува одлука со која се овластува лице - оператор за одобрување регистрација на корисници и администрација на електронските сандачиња на пријавените корисници во системот.

(2) Одлуката се доставува по пошта или по електронски пат до Врховниот суд на Република Северна Македонија на понатамошно постапување.

Откако судските службеници од Центарот за информатика во Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе креираат корисничка сметка за овластените лица, по електронска пошта до службената адреса на судот доставуваат известување што ги содржи потребните податоци за креираното корисничко име и лозинка.

(3) Овластените лица - оператори од судовите се должни да извршат промена на лозинката при најавување во Системот за електронска достава на судски документи.

**Кориснички привилегии за системот за казнена евиденција**

Член 25

(1) Претседателот на судот донесува одлука со која се овластуваат еден или повеќе судски службеници за работа со базата на податоци од казнената евиденција (внесување, ажурирање податоци и/или издавање уверенија од казнената евиденција).

(2) Одлуката од став 1 на овој член се доставува по пошта или по електронски пат до Врховниот суд на Република Северна Македонија на понатамошно постапување.

(3) По креирањето корисничка сметка за овластените лица, судските службеници од Центарот за информатика по електронска пошта доставуваат известување до службената адреса на судот што ги содржи потребните податоци за креираното корисничко име и лозинка.

(4) Овластените судски службеници задолжително вршат промена на лозинката при првото најавување во Системот за казнена евиденција.

**Кориснички привилегии за веб-порталите на судовите во Република Северна Македонија**

Член 26

(1) Претседателот на судот и претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија донесуваат одлука со која се овластуваат еден или повеќе судски службеници за работа со веб-порталот. Одлуката, по пошта или по електронски пат, се доставува до Врховниот суд на Република Северна Македонија на понатамошно постапување.

(2) Откако судските службеници од Центарот за информатика ќе им доделат кориснички права и привилегии на постојните сметки на овластените лица, по електронска пошта до службената адреса на судот што го поднел барањето доставуваат известување за спроведената одлука.

**III. Управување со предметите**

Член 27

(1) Во судовите се користи автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети како единствен систем за автоматизирано управување со судските предмети.

(2) Автоматизираното управување со судските предмети претставува преземање дејства што задолжително се запишуваат преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, од денот на приемот на писмената во судот до денот на правосилното завршување и архивирање на предметите во согласност со законот.

Член 28

(1) Автоматизираниот систем задолжително се користи при управувањето со движењето на предметите во судовите и не дозволува натамошно придвижување на предметот без целосно внесени податоци.

(2) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите овозможува, по пат на електронска комуникација, размена на соодветни податоци помеѓу судовите, како и помеѓу судовите и другите правосудни органи во Република Северна Македонија.

Член 29

(1) Предметите што доаѓаат во судот на одлучување се распределуваат електронски  со автоматска распределба на судиите преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во согласност со законот.

**Автоматизиран систем за управување со судските предмети**

Член 30

(1) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети се состои од стандардни апликации, компјутерска и телекомуникациска опрема и инфраструктура, системски софтвер и алатки и сите внесени, складирани податоци од сите видови уписници во судовите.

(2) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите е единствен и сеопфатен, односно секој суд користи иста верзија со која се процесуираат сите видови судски предмети.

(3) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите овозможува, по пат на електронска комуникација, размена на соодветни податоци помеѓу судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(4) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети е поврзан и електронски разменува соодветни податоци со:

1. Системот на стечајни управници;
2. Системот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
3. Системот на „Службен весник на Република Северна Македонија“;
4. Системот за интероперабилност во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

(5) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети може да биде поврзан и со други системи за кои се смета дека е неопходно.

Член 31

(1) Сите податоци за предметите во судовите, како и преземените дејства во постапките се водат во електронска форма, со користење на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите.

(2) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите овозможува внесените податоци за предметите да се прикажуваат организирани во електронски уписници, книги за евиденција.

(3) Користејќи го автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, судовите со електронски запис ги внесуваат своите предмети во соодветни електронски уписници, книги за евиденција.

(4) Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите овозможува класифицирање на судските предмети во различни видови електронски уписници, подуписници, книги за евиденција во зависност од организацијата на судот, видовите предмети и бројот на предмети во судот.

(5) Секој суд обезбедува постоење на резервни копии од своите електронски податоци, во согласност со внатрешната процедура за начинот на правење сигурносна копија на податоците и начинот на чување и обезбедување резервни електронски копии во согласност со правилата за заштита на личните податоци.

Член 32

(1) Користењето на информатичката технологија е достапно за сите судии и судски службеници што директно учествуваат во процесуирањето на судските предмети.

(2) Корисниците на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, според нивната функционална улога во процесуирањето, се категоризираат во кориснички групи.

(3) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не постои судски администратор, изготвува список на судиите и судските службеници со кој ги распределува по кориснички групи, соодветно на нивната улога во процесуирањето на предметите.

(4) Списокот на корисниците од судот поделени според кориснички групи од став 3 на овој член се доставува до судскиот службеник одговорен за информатичката технологија.

(5) Списокот од став 3 на овој член содржи:

1. Име и презиме;
2. Звање / работно место;
3. Соодветна корисничка група;
4. Видови уписници.

(6) Судскиот службеник одговорен за ИКТ во судот, врз основа на списокот од став 3 на овој член, на секој од корисниците му овозможува пристап и работа со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите и го известува за начинот на користење на информатичката технологија.

(7) Судскиот службеник одговорен за ИКТ во судот му доделува и му ја соопштува на секој корисник првичната и единствената комбинација со корисничко име и лозинка (пристапна комбинација).

(8) Корисникот при првичниот пристап до системот, во согласност со поставената полиса, задолжително ја менува доделената пристапна лозинка, креира своја пристапна комбинација што ја знае само тој и одговорен е за секоја активност направена со нејзиното користење.

(9) Заради безбедност на системот во секој суд е поставена полиса и, во согласност со неа, лозинката има најмалку 8 алфа-нумерички карактери од кои минимум една голема буква, мали букви, броеви или специјални знаци. Секој корисник во временски период што не е подолг од три месеци, во согласност со поставената полиса, ја менува својата лозинка преку соодветна електронска постапка.

(10) Примената на ставовите 8 и 9 на овој член се обезбедува во согласност со правилата за заштита на личните податоци.

**Начин и постапка за управување со предметите**

Член 33

(1) По приемот на иницијалниот акт во судската писарница, овластениот судски службеник ги внесува податоците од него во електронска форма и оформува судски предмет.

(2) Формираниот предмет автоматски се распределува по принцип на случаен избор на одреден судија, по критериуми дефинирани од Работното тело за стандардизација на постапките во судовите што одговара пред претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(3) При автоматската распределба секој судија добива рамномерен број предмети.

(4) По електронското праќање на предметот до судијата, тој/таа електронски го потврдува приемот на предметот и го зема во работа.

Член 34

(1) Во случаи на подолго отсуство и изземање на судијата во согласност со законот се врши автоматска прераспределба на предметите.

Член 35

(1) За секое преземено дејство до завршувањето на постапката се врши електронски запис.

(2) Судијата во рок определен со закон закажува рочиште и од него овластениот судски службеник го внесува во календарот на судење.

(3) Електронското водење на календарот е задолжително поради достапност на податоците на странките, нивните застапници и други заинтересирани лица.

Член 36

(1) По завршувањето на постапката предметот електронски се предава во судската писарница со упатство за натамошно постапување.

(2) По верификацијата на одлуката од страна на судијата и нејзиното праќање не се вршат никакви поправки или измени во електронскиот запис.

Член 37

(1) Електронски се евидентираат и сите дејства до правосилното завршување на постапката по предметот, како и постапката по редовните и вонредните правни лекови.

(2) Овластениот судски службеник во судската писарница задолжително електронски ги евидентира датумот на правосилност и датумот на извршност на одлуката.

(3) По завршувањето на постапката предметот се архивира во согласност со Законот за архивски материјал.

**Заштита на лични податоци**

Член 38

(1) Во вршењето на работите на судската управа, административното работење и водењето на судските уписници, регистри и други помошни книги, судовите користат информатичка технологија за автоматска обработка на податоците.

Член 39

(1) Претседателот на судот е надлежен за обезбедување кадровски, технички и организациони услови за функционирање на информатичката технологија на судот за точно и ажурно внесување на податоците, за спроведување на пропишаните мерки за безбедност за чување и заштита на податоците поврзани со користењето на информатичката технологија на судот.

Член 40

(1) Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Су-03 бр. 709/23
18 јануари 2024 година
Скопје

Претседател
на Врховниот суд на Република
Северна Македонија,
**Besa Ademi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 99 paragrafi (8) të Ligjit për gjykatat ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18) dhe ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19), kryetari i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut miratoi

## RR E G U LL O R E
## PËR MËNYRËN E FUNKSIONIMIT TË SISTEMIT INFORMATIK GJYQËSOR NË GJYKATAT NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT

### I. Dispozitat e përgjithshme

Neni 1

(1) Me këtë Rregullore rregullohen mënyra e funksionimit të sistemit informatik në gjykatat në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe mënyrën e shfrytëzimit të teknologjisë informatike për menaxhim me sistemin e automatizuar kompjuterik për udhëheqjen me lëndët gjyqësore.

Neni 2

(1) Rregullat për mënyrën e funksionimit të sistemit informatik zbatohen në gjykatat themelore dhe të apelit, në Gjykatën Administrative, në Gjykatën e Lartë Administrative dhe në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

### II. Sistemi informatik gjyqësor

Neni 3

(1) Sistemi informatik gjyqësor është pjesë përbërëse e Qendrës për teknologji informatike të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe njësive për informatikë në gjykatat në Republikën e Maqedonisë së Veriut si njësi të veçanta organizative.

Neni 4

(1) Qendra për teknologji informatike e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut është kompetente për menaxhimin teknik me sistemin e automatizuar kompjuterik për udhëheqjen me lëndët gjyqësore, portalin gjyqësor dhe bazat e të dhënave që burojnë nga puna e gjykatave.

Neni 5

(1) Qendra për informatikë e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përkatësisht shërbimet, organizon mbështetjen informatike të punës së gjykatës, kujdeset për infrastrukturën informatike, aplikacionet dhe bazat e të dhënave që i menaxhon dhe shfrytëzon gjykata, i ndjek dhe i zbaton proceset e reja teknologjike, kujdeset për mbrojtjen dhe sigurinë e të dhënave dhe të tërë sistemit, në mënyrë sistematike i arkivon dhe në mënyrë adekuate i ruan të dhënat, i trajnon gjyqtarët dhe të punësuarit në shërbimin gjyqësor dhe iu jep ndihmë profesionale gjykatave më të ulëta.

**Teknologjia informatike - komunikuese (TIK)**

Neni 6

(1) Teknologjinë informatike – komunikuese (TIK) të gjykatës e përbëjnë serverë, kompjuterë, printerë, skanerë, sistemet për magazinimin e të dhënave, gjeneratorë dhe pajisje të furnizimit me energji të pandërprerë, pajisje për komunikim dhe infrastrukturë, mbrojtjen e rrjetit të barrierës (Firewall), programet dhe pajisjet e sistemit, aplikacionet standarde, programet e shfrytëzuesit, programi për udhëheqjen me qarkullimin e lëndëve gjyqësore (AKMIS), programi për punën materiale dhe financiare (ABMS), të dhënat që futen në sistemin, përditësohen, rruhen dhe mbrohen.

Neni 7

(1) Pajisje harduerike – softuerike nga fusha e TIK – ut siguron funksionimin papengesë të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, gjykatave dhe Këshillit gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Në sistem – sallën e sistemit informatik të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut është vendosur pajisja harduerike – softuerike nga fusha e TIK – ut, janë përcaktuar bazat e centralizuara së të dhënave, funksionalitetet e centralizuara, ndërveprimi, ndërlidhja, organizëm strehues i ueb – portaleve gjyqësore të dedikuara për punën papengesë në të gjitha gjykatat.

Neni 8

(1) Sistem – salla e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut funksionon në përputhje me standardet e kushteve të përcaktuara të sigurimit hapësinor, klimatik, dhe energjetik.

(2) Sistem – salla e Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut përfshin sipërfaqen prej mbi 50 m2, nuk ka dritare, me dysheme të ndarë kundër statike, kabllo të pavarura për energji, sistemi profesional për freskim, derë metalike, hyrje e kontrolluar me kartelë magnetike vetëm për të punësuarit nëpunës gjyqësorë në Qendrën e Informatikës dhe për policinë gjyqësore në raste të situatave të paparashikuara.

Neni 9

(1) Në sistem – sallat e shërbimeve për informatikë të gjykatave është vendosur pajisja harduerike – softuerike nga fusha e TIK – ut, dedikuar për funksionimin papengesë të gjykatës.

(2) Gjykatat i sigurojnë standardet e përcaktuara për sigurimin e kushteve hapësinore, klimatike dhe energjetike të sistem – sallave në kompetencën e tyre.

Neni 10

(1) Gjykatat vendosin dhe zbatojnë masa për sigurinë fizike të hapësirave në të cilat është vendosur tërë pajisja e TIK – ut:

1. Sistem – salla;
2. Hapësira për gjeneratorë, UPS;
3. LAN (pajisja me rrjet aktiv dhe pasiv);
4. Rafte të rrjetit (RACK) të montuara në ndërtesat e gjykatave;
5. Hapësirat punuese të shfrytëzuesve të sistemeve të TIK-ut.

Neni 11

(1) Qasja fizike në sistem-sallën e gjykatave mund t'iu mundësohet vetëm nëpunësve të punësuar gjyqësor në Qendrën e informatikës dhe njësinë për informatikë që kanë autorizim nga kryetari i gjykatës.

(2) Sipas nevojës, qasja fizike në sistem-sallën dhe në hapësirat tjera ku është vendosur pajisja – TIK mund t'iu mundësohet personave juridik të punësuar të detyruar për mirëmbajtjen e TIK – sistemeve adekuate, me plotësimin paraprakisht të kushteve si në vazhdim:

- Personi duhet të jetë i evidentuar se është në vizitë zyrtare të gjykatës;
- Personi duhet të ketë deklaratë të nënshkruar për sekretin dhe mbrojtjen e përpunimit së të dhënave personale për personat e jashtëm;
- Personi detyrimisht të shoqërohet dhe mbikëqyret nga një nëpunës i autorizuar gjyqësor për qasjen në hapësirat ku janë të vendosura TIK – sistemet.

**Masat për monitorimin dhe mbrojtjen e të dhënave**

Neni 12

(1) Gjykatat vendosin dhe zbatojnë masa për monitorimin e pajisjeve harduerike – softuerike nga fusha e TIK – ut, të dedikuar për funksionimin papengesë të gjykatës:

1. Sistemet operative, programet dhe veglat e sistemit;
2. Struktura Active Directory;
3. Platforma e virtualizimit;
4. Sistemi për mbrojtjen e të dhënave;
5. Programi kundër bllokimit dhe kundër virusi;
6. Programet e shfrytëzimit;
7. Pajisje harduerike;
8. Pajisje komunikuese dhe infrastrukturë;
9. Pajisje për mbrojte (Firewall) dhe të tjera.

Neni 13

(1) Gjykatat vendosin dhe zbatojnë masa për mbrojtjen e të dhënave që të pengohet humbja ose shkatërrimi i tyre. Për këtë qëllim gjykatat bëjnë incizimin e të dhënave të futura në sistemet informatike që rruhen një periudhë të caktuar kohore TIK - pajisjen në gjykatë.

(2) Për mbrojtjen shtesë, prej tyre bëhen kopje të TIK - pajisjes së vendosur në Qendrën e informatikës të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë së Veriut që rruhen për një periudhë të caktuar kohore.

**Planifikimi, mirëmbajtja ose restaurimi i sistemeve - TIK**

Neni 14

(1) Pas skadimit të periudhës së garancisë ose ciklit të përdorimit të mallrave të – TIK dhe shërbimet e unifikuara që janë siguruar në kuadër të projekteve – TIK, në të cilat ka marrë pjesë Gjykata Supreme e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ajo bën planifikimin dhe vlerësimin e vlerës së nevojave të planifikuara për mirëmbajtjen apo restaurimin e tyre, që dedikohen për gjykatat dhe Këshillin gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Gjatë planifikimit dhe vlerësimit bëhet llogaritja e vazhdueshme e funksionaliteteve veç më të vendosura:

1. Unifikimi i mallrave dhe shërbimeve;
2. Bazat e centralizuara së të dhënave;
3. Funksionalitetet e centralizuara;
4. Ndërveprimi;
5. Ndërlidhja;
6. Strehimi i ueb – portaleve gjyqësore.

Neni 15

(1) Pas miratimit paraprak nga Këshilli i buxhetit gjyqësor në lidhje me mjetet financiare që nevojiten për mirëmbajtjen ose restaurimin e sistemeve – TIK, Gjykata Supreme e Republikës së Maqedonisë së Veriut realizon procedurë për furnizimin publik.

